СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 јуни 1996 година

Скопје, јуни 1996 година

## 47 (ЧЕТИРИЕСЕТ И СЕДМА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 4 ЈУНИ 1996 г.

Дискутанти:


1. АНДОВ СТОЈАН - -139, 141
2. АТАНАСОВ ЃОРЃИ - 91
3. АБДИ ФАИК - 8, 18, 68, 72
4. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ – 122
5. БОЈКОВ ИВАН - 82, 87, 181, 183
6. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 88
7. ЃЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 23, 29, 38
8. ГОШЕВ ПЕТАР - 44, 48, 56, 199, 200, 201
9. ГОШЕВ ТУШЕ - 61, 147
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 114
11. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 17, 98
12. КУЊАН РАТКА - 80
13. МИТРЕВА ИЛИНКА – 135
14. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 94, 96 и 13
15. МАСЕВ РИСТО – 65
16. НИКОЛОВСКИ ДУШКО - 112
17. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 11
18. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 184
19. ОСМАНИ РУФИ - 21, 100, 104, 111, 198
20. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 ( води сед.)
21. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 16, 186, 192
22. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 160, 166
23. РУЖИН НАНО - 153
24. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 9, 10, 16, 148, 152
25. РАМАДАНИ ХИСЕН - 20, 21, 75
26. РАМАДАНИ САЛИ - 157
27. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО - 121
28. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 125, 127, 183
29. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 133
30. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 179
31. ТУДА РАМИ - 176
32. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 18, 21
33. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ – 7, 8, 9, 11, 12
34. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 12
35. ХАСИПИ КЕНАН - 172, 174
36. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - 2, 15, 19
37. ЏЕЛАДИН МУРАТИ – 13
38. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 129, 133
39. ШАКИРИ ХИСНИ - 117, 119



Дневен ред: стр. 13 и 14

1. Пред.на Закон за ратифик. на Договор меѓу државите страни во Северноатланскиот договор
2. Предлу расп.Референдум- предвмени избори...
3. Пред.за дон. на З.за измен. и допол. на З. за царините
4. Пред.за дон. на З.за допол.на зак. за царинска управа.
5. Пред за дон на З за приватиз. на Државниот капитал во прет.

6,. Извештај уа работа на МРТ

7и8 Предлог одлуки

9. Информација од Влада за прат.


- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЈ1ЕШКИ

## од Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 јуни 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Силјановски, Здравко Стојковски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Симеон Наумовски и Панчо Минов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот суд- ски совет, генералниот директор на Македонската радио телевизија.

Претставниците на Координациониот одбор на иницијаторите за остварување на граѓанската иницијатива за распишување референдум ЉЪубчо Георгиевски и Петар Гошев.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за ратификација на Договорот меѓу

државите - страни на Северноатланскиот договор и другите држави - учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили и дополнителниот Протокол меѓу државите - страни во Севеноатланскиот договор и другите држави - учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили, со Предлог-закон.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да ја образложи основаната и неодложна потреба од донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор господинот Благој Ханџиски, министер за одбрана на Република Македонија.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, ние во нашата одбрана се потпираме на колективните системи за безбедност и одбрана. Таа е една од причините што Собранието на Република Македонија на својата седница на 23 декември 1993 година донесе Одлука за пристапување кон рамноправно членство во Северноатланската договорна организација. Врз база на таа одлука во периодот од 1993 година па наваму сите структури на Република Македонија и Собранието и Владата и сите други институции работат перманентно на исполнувањето на условите и стандардите за зачленување во алијансата. Во таа смисла по нормализацијата на односите на Република Македонија со Република Грција се создадоа услови за пристапување кон иницијативата Партнерство за мир на алијансата. Република Македонија со потпишувањето на рамковниот документ на 15 ноември 1995 година пристапи кон иницијативата Партнерство за мир и се стекна со сите права и обврски што произлегуваат од зачленувањето во оваа иницијатива.

I/3.-

Едно од основните права, но и голема обврска се состои во тоа што Република Македонија презеде обврска да држи во кондиција сили во висина отприлика од 0,1 промил кои што треба да бидат обучени и истренирани за да учествуваат во мировните операции кои што се под патронат на Обединетите Нации или на ОБСЕ. За да -може да се влезе во активностите на иницијативата Партнерство за мир, секоја држава спрема рамковниот документ е задолжена да изработи своја индивидуална тригодишна програма во која што се предвидуваат и проектираат активности усогласени со земјите член-и на Партнерството и со земјите членки на НАТО, затоа што тие активности се реализираат со заеднички сили. Една од тие активности се однесува и на обуката на овие сили кои што треба Република Македонија да ги држи во кондиција за да учествуваат евентуално во поддршка на мировни операции под патронат на Обединетите Нации, или на ОБСЕ. Нашата индивидуална програма беше изработена за најкратко можно време и прифатена од двете релевантни структури на НАТО пактот, Северноатланскиот совет за соработка и Воениот комитет во март о.г. Постои процедура во која што индивидуалната програма на свечена церемонија се разменува меѓу земјата предлагач и претставниците на НАТО пактот од која церемонија се почнува со практичната реализација на индивидуалната програма. Со оглед на тоа што беа предвидени голем број на активности на Генералниот секретар Солана во периодот по усвојувањето на нашата индивидуална програма, се постигна договор со НАТО пактот нашата индивидуална програма да влезе веднаш во реализација без да се одржи процедурата свечена, или свечената церемонија на примопредавање. Значи од март месец 1996 година ние почнавме во пракса да ја реализираме нашата индивидуална програма. Во таа индивидуална програма првите активности што се предвидени од заеднички карактер, се предвидени за јули месец о.г., односно се врзани

за вежбата што земјите членки на НАТО и на Партнерството за мир ќе ја одржат во Албанија почнувајќи од 15 јули годинава. На таа вежба е предвидено да учествува и првата македонска единица во ранг на чета која што треба да замине во Албанија на 13 јули 1996 година. Со оглед на тоа што престојат на нашите сили надвор, или престојот на силите на НАТО пактот, или на било која друга земја на Партнерството на територијата на Република Македонија на која што би учествувале на такви вежби како што е на пример вежбата што се предвидува да се одржи во Република Македонија во октомври, се регулира со договор за статус на сили. Потребно е Република Македонија да изврши ратификација на договорот за статусот на сили меѓу земјите членки на НАТО пактот и Партнерството за мир. Според Протоколот, односно процедурата на НАТО пактот овој договор влегува на сила 30-от ден од депонирањето на таканаречениот инструмент за ратификација. Тоа подразбира дека треба прво договорот да се ратификува, да се припреми инструментот за ратификација и да се депонира или во архивата на НАТО, или може да се депонира во архивата на Стејдепартментот ако се земе едниот од двата можни пристапи за депонирање на документот кое што оди по двете линии. Едната како што реков преку НАТО пактот, а другата преку депонирањето негово во Стејдепартментот кој што после тоа го циркулира документот меѓу сите земји членки на НАТО и Партнерството за мир. Ако погледаме дека нашата единица треба да замине на 13 јули и да биде регулиран нејзиниот статус во Албанија и ако се вратиме назад 30 дена, тоа значи дека на 13 јуни треба да се создадат услови за да имаме месец дена после кое што стапува на сила овој договор, а тоа значи дека инструментот за ратификација Република Македонија треба да го има депонирано во Стејдепартментот до 13 јуни. Со оглед на тоа што овие

договори ги ратификуваме со закони од три члена спрема стандардот, во првиот член се кажува дека мора договорот да се ратификува. Вториот член всушност се самите договори на македонски јазик и на јазикот на кој што се во оригинал. И третиот член е врзан за рокот во кој што спрема нашата регулатива договорот стапува во сила, а тоа е осмиот ден од денот на објавувањето. Ако земете дека денеска сме 4-ти и ако навистина создадеме услови денеска да се објави на 12-ти по нашата регулатива ќе може да го депонираме во Стејдепартментот и на 12-ти, или 13,-ти јули да стапи на сила за да може нашата единица да замине на вежби во рамките на Партнерството во Алба- ни ја.

Од друга страна познато ви е дека секој меѓународен договор за да стане дел од нашата правна регулатива мора да биде ратификуван и за да стапи во сила исто така мора да биде ратификуван. Тоа се причините. Прво, затоа што не се работи за сложен и обемен закон и второ, затоа што сме врзани со вакво бркање на датумите навистина да докажеме дека сме способни да си ги исполниме обврските што ги преземавме со зачленувањето во Партнерството не предизвика да побараме од Собранието да се стави Предлогот за донесување на закон и самиот Предлог на закон на истата седница и да се разгледаат по итна постапка. Јас се надевам дека ова е доволно образложение зошто е итноста на постапката и дека е ова доволно образложение зошто бараме и Предлогот за донесуваше на законот и Предлогот на закон денеска да се разгледаат и да се усвои законот со уште една напомена. Овој закон се потпишува по пат на размена на дипломатски ноти со Соединетите Американски Држави. Со тоа покрај тоа што се регулира статусот на сили на земјите членки на НАТО и на Партнерството за мир на билатерална основа- го регулираме статусот на сили меѓу Република Македонија и

САД. и на таков начин даваме правна основа за престој на сили на САД во Република Македонија и на сили на Република Македонија во САД.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, да крене рака.

86 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот за донесување закон за приватизација на државниот капитал во претпријатијата.

Предлогот за донесување на законот ви е доставен.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака? (73 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака. (73 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Кире Видимче на 20 мај 1996 година достави барање Владата на Република Македонија да изготви Информација за дадените одговори како и превземените мерки по поставените пратенички прашања во Собранието на Република Македонија.

Барањето е доставено на Владата на Република Македонија

На Четириесет и шестата седница на Собранието одржана на 29 мај 1996 година пратеникот Кире Видимче побара оваа Информација да се разгледа на таа седница.

Претставникот на Владата господин Беќир Жута извести дека Владата бараната Информација ќе ја достави за наредната седница.

До денес сеуште ваква информација не е пристигната во Собранието.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Во текот на седницата ќе пристигне информацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Кире Видимче Информацијата да биде разгледана на оваа седница, молам да крене рака. (84 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Фаик Абди на Четириесет и петтата седница на Собранието одржана на 15 мај 1996 година побара Владата на Република Македонија да изготви Информација за остварување на дого-

ворите што се потпишани со Северна Рајна Вествалија за "азилантите" и таа да биде разгледана на таа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија. Претставникот на Владата г-дин Љубе Трпевски извести дека Владата ќе ја подготви бараната Информација за наредната седница.

До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Бидејќи настанаа одредени технички потешкотии околу добивањето на информации од другата страна, не можеше да биде за оваа седница готова Информацијата. Јас би замолил за наредната седница да се согласи пратеникот да биде разгледана.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, јас барам изричито од Владата обавезно да биде подготвена една ваква информација, заради тоа што меѓу народот се шират триста илјади верзии и го прават само крив овој Парламент, оваа Влада и поранешната Влада и првата Влада и тие што први го потпишаа договорот кажувајќи дека јас лично сум го потпишал договорот и земајќи 12 милиони марки и тн. Ве молам тоа да се стори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали го прифаќате образложението на претставникот на Владата?

**ФАИК АБДИ:**

Да.

I/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Исмет Рамадани на Четириесет и петтата седница на Собранието одржана на 15 мај 1996 година предложи дневниот ред да се дополни со Информација на Владата на Република Македонија за бројот на граѓаните на Република Македонија за кои се води постапка за стекнување право на државјанство и кои по ние- ден основ не можат да добијат државјанство, со табеларен преглед за нивната национална структура.

Претставникот н& Владата господин Љубе Трпевски извести дека Владата ќе ја изготви бараната Информација за наредната седница.

До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Министерството ја изготвува оваа информација. За жал не можеше да биде готова за оваа седница како што ветив јас, меѓутоа сигурно ќе биде презентирана пред овој Парламент.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас навистина дури и размислував во себе дали после ова што го вели претставникот на Владата да излезам на оваа говорница. Мислам дека веќе ова е претерување. Господинот Трпевски на Четириесет и петтата седница рече дека на наредната седница. Почна Четириесет и шестата таа беше наредна седница, немавме информација. После Четириесет и шестата доаѓа Четириесет и седма седница, пак немаме информација. Јас мислам дека или немаме чувство за проблемите со кои се сретнуваат граѓаните во секојдневието. Верувајте дека веќе овој проблем добива таква димензија што граѓаните кои чекаат на решение,

односно уверение за државјанство веќе тоа имплицира и други проблеми во нивните фамилии, односно со документи кои треба тие да ги поседуваат во секојдневието затоа што тие граѓани немаат негативно, туку се сеуште во една процедура која за нас уште не може да се објасни како што треба. Дајте ве молам и како Влада малку да се инсистира и да се добие таа информација. Мене навистина ми е непријатно понекогаш можеби овој е седми, или осми пат што на оваа говорница инсистирам на таква информација. Ако не сме способни пред Собранието да доставиме една ваква информација, јас навистина веќе немам коментар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали го прифаќате образложението на претставникот на Владата, или да гласаме по вашиот предлог?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ако е за наредната седница мислам дека крајно е веќе, сите ќе бидете сведоци дека не може да се одолжи понатаму, нека остане за наредната седница, но мора да имаме таква информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Вељо Тантаров на Четириесет и четвртата седница на Собранието побара Владата на Република Македонија да под- готви Информација за спроведување на некои прописи од областа на материјалното обезбедување на борците земјоделци што примаат старосни пензии во нашата држава.

Претставникот на Владата господинот Беќир Жута извести дека Владата ќе ја подготви бараната Информација.

До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

За жал и оваа информација неможеше да биде изготвена онака како што се бараше до пратеникот. Беше разгледувана една верзија, меѓутоа е вратена на повторна обработка.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што ова прашање повеќе пати го покренувам пред нашево Собрание, сметам дека ќе мора Владата на РМ оваа информација ќе мора да ја достави на наредната седница. Мислам дека не треба повеќе да се влечкаат работите затоа што во прашање се околу 3 илјади корисници на оваа таканаречена земјоделска пензија. Тие очекуваат еден ден да им кажеме имаат ли право на бесплатно здравствено осигурување, или не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, благодарам.

Пратеникот Вељо Тантаров на 44-та седница на Собранието побара Владата на РМ да подготви информација за исплатата на тутунот од минатогодишната реколта. Претставникот на Владата, г-дин Бекир Жута, извести дека Владата ќе ја изготви бараната информација.

До денес ваква информација не е пристигната. Претпоставувам дека ист е проблемот и со оваа информација.

Господине Тантаров , дали инсистирате да се гласа, или ?

Молам кој е за предлогот на Вељо Тантаров информацијата да биде разгледана на оваа седница да крене рака?

Триесет и девет пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално, г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Господине претседателе, јас се извинувам, но се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници за предничено гласање, и

сметам дека се работи за една многу важна информација која што треба да ја разгледуваме. Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој го поддржува предлогот.

Има 10 пратеници.

- Г-дин Тантаров, процедурално.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Предлагам оваа информација да оди на наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров го повлекува барањето.

Пратениците Хисен Рамадани и Џеладин Мурати поднесоа барање на денешната седница Министерството за здравство да поднесе информација за труењето на учениците од средното училиште"Никола Штејн"од Тетово за време на нивната тридневна екскурзија во Струга.

Молам претставник на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Со оглед на сериозноста на случајот и потребата од детално испитување и тоа од одреден референтен центар кој има референца до-биено од Европската унија беше потребно извесно време да се изготват тие анализи. Владата на вчерашната седница ја разгледа првичната информација од Министерството за здравство. Сеуште комплетните резултати од тој центар каде што се испратени на анализа наодите не се добиени, се очекува во текот на денешниот ден да бидат добиени и тогаш ќе може Министерството за здравство да излезе со комплетна информација

Според тоа за оваа седница, за денешната седница н еможе да се излезе со информација, а не сакаме со половични информации да излегуваме заради осетливоста на прашањето.

II/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој од предлагачите сака да се произнесе по предлогот на потпретседателот на Владата.

Има збор г-дин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи потпретседателот на Владата рече дека ова е сериозно прашање и навистина е сериозно а веќе десетина дена немаме никаков извештај или пак имаме разни информации од поединци дека настанот се случил заради оваа или заради други причини, предлагаме за наредната седница да биде изготвена писмена информација, не само од Министерството за здравство туку и од МВР за преземените мерки и активности во откривањето на случајот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог на закон за ратификација на договорот меѓу државите страни во Североатланскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили и дополнителниот протокол меѓу државите страни во Североатланскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нејзините сили

2. Предлог за распишување референдум по прашањето "Дали сте за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија што би се одржале до крајот на 1996 година".

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за царините, со Предлог на закон-

4. Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за царинската управа со Предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за приватизација на државниот капитал во претпријатијата,

6. Извештај за работењето на Македонската радио и телевизија во деловнитата 1995 година,

7. Предлог за разрешување на судија на Окружниот суд во Битола

8. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

9. Информација за дадените одговори и преземените мерки по поставените пратенички прашања во Собранието на Република Македонија.

Дали има некој предлог за измени и дополнувања на дневниот ред? (не)

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака?

96 пратеници гласаа за.

Дали има некој против (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Со оглед на тоа што до почетокот на седницата не се добиени одговори на порано поставените пратенички прашања, што е услов за поставување на дополнителни прашања, предлагам поставувањето на пратенички прашања да се одложи за наредната седница на Собранието кога Владата ќе достави одговори на поставените прашања.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (83 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**<u>Прва точка</u>** - <u>Предлог на закон за ратификација на договорот меѓудржавните страни во северoатланскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот нивните сили и дополнителниот протокол меѓу државите страни во северoатланскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили.</u>

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

Има збор г-дин Ханџиски, министер за одбрана.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, како што видовте се работи за меѓународни документи кои што треба да станат дел од правната регулатива на РМ. Тие меѓународни документи се припремени 1949 година, дополнети 1968 година и дополнетиот 1994 година за потребите на земјите членки на Партнерството за мир. Се работи за документи кои што ние не можеме да ги менуваме. Нашата задача е да се изјасниме за тоа дали пристапуваме кон обврските кои што произлегуваат од тие документи, или не. Тоа значи прашањето на донесување на законот за ратификација всушност се сведува на тоа да донесеме еден вид политичка подлога, како Собра- ние, како држава, дали се приклучуваме кон тие договори. Притоа, имаме добри појдовни основи и имаме јасно искажана потреба.

Основите се состојат во тоа што овој Парламент донесе политичка одлука со Одлуката донесена на 23 .12.1993 година, за зачленување во Северноатланската договорна организација. Исто така потребите се јасни заради тоа што влегуваме во заеднички активности со земјите членки на НАТО и земјите членки на Партнерството. И, во тие активности ќе има потреба нивни сили да престојуваат во РМ, наши сили да престојуваат на нивни територии и има потреба со ваквиот меѓународен

договор да го излегулираме нивниот статус. Според тоа, со оглед на тоа, што навистина не се работи за сложен и обемен закон, со оглед на тоа што е евидентна потребата и со оглед на тоа што имаме основи за носење на една ваква да кажам , уште еднаш политичка одлука сметам дека треба да го поддржиме законот за ратификација и да пристапиме кон овој договор.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Во името на пратеничката група на ПДП, прво, го прифаќаме образложението на г-динот Ханџиски, министер за одбрана, а воедно мислам дека треба, не само треба туку и да се поддржи и да се изгласа еден ваков закон односно една ваква ратификација. Па, јас, во името на пратеничката група дури и можам да кажам дека даваме едно јавно, признание, за министерот за одбрана и сите ангажирања што се правени во Министерството за одбрана односно во Владата на РМ за да се дојде до еден ваков закон односно до една ваква ратификација на односите помеѓу алијансата и РМ.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во името на пратеничката група на СДСМ сакам да го изјавам следното. Потпишувањето и ратификацијата на овој договор ние го сметаме за уште едно големо признание на принципиелната политика на РМ што континуирано ја водеше последните четири години на планот на меѓународната политика. Тоа е уште една потврда на основните принципи на РМ во делот на надворешната политика особено за разрешување и надминување на сите конфликти по мирољубив пат и по

пат на дијалог, за мир и стабилност на нашата држава и на регионот пошироко и за демократскиот развој на РМ и за нејзиниот просперитет. Ние, со потпишувањето на овој договор исто така сметаме дека е тоа на некој начин и признание на сите нас тука во изминатиот период, за се она што постигнавме за РМ со политиката што ја водеше и Собранието и Владата.

Ние, со потпишувањето на овој договор уште еднаш цврсто го искажуваме нашиот цврст став дека ќе се залагаме и понатаму за спроведување на мирот и на стабилноста на нашата држава во регионот и пошироко, цврстата волја за активно вклучување на РМ во системите на колективната безбедност и со тоа мислам дека е уште една потврда за потврдување и јасно позиционирање на позицијата на РМ во меѓународната заедница како еден фактор кој што досега се покажа дека може да даде одреден придонес за стабилноста односно во оние организации кои што на некој начин се задолжени во меѓународната заедница да го обезбедуваат тоа.

Оттаму мислам дека станува збор за еден исклучително значаен документ кој што како што реков ја искажува многу јасно позицијата на РМ во иднина.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во името на Парламентарната група на Либералната партија искажуваме согласност со гласањето на оваа спогодба бидејќи таа е како резултат на политиката на РМ која ја води на меѓународен план во делот на вклучувањето на РМ во колективните системи на безбедноста и посебно ценејќи ја иницијативата и консензусот на сите политички фактори во РМ за зачленување на РМ на НАТО.

Во таа смисла, поддршката е несомнена, имам една принципиелна забелешка, во иднина ја молиме Владата по вакви значајни документи навреме да ги доставува да се тие во некаква итна или не знам ти каква

процедура посочуваат, бидејќи се работи за темелни документи за кои веќе е обезбеден консензус.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, во име на пратеничката група на Социјалистичката партија ќе го поздравам овој договор што се однесува на потпишување на Североатланскиот договор т.е. потврдување на договорот на Партнерство за мир.

Покрај политичките определби кои што стојат во овој договор во СП се размислува дали економскиот дел биде составен дел во овие договори како можност за развој и соработка со оваа институција која е од витален значај за нашата држава.

Благодарам

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господо пратеници, иако мојот колеба Амди Бајрам дека ние не сме пратеничка група, јас ќеречам во мало пратеничка група, двајца сме, ние ги знаеме состојбите уште од 1990 година наваму како РМ, знаеме што правевме токму во овој парламент, овде за сочуввање на државата, за создавање на државата, сочувување на мирот, демократијата, растегливоста помеѓу нас, да не дојде до она најлошото ние се радуваме денес што може да разговараме по ова прашање и ние сме апсолутно за ова што го предлага Владата, без разлика дали некој од далечниот и средниот исток таму се љути, и оди и прави турнеи од едни држави да се прифати, од други држави да не се прифати НАТО ПАКТОТ, но ние сме за она што предлага нашата Влада.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, сосема е разбирливо дека се работи за еден исклучително важен документ, да не ги повторувам зборовите на сите што дадоа поддршка за потребата да го донесеме законот, да го ратификуваме договорот.

Сакам да кажам дека ја прифаќаме забелешката на пратеникот Крстевски кога се работи за вака значајни меѓународни документи кои стануваат дел од нашата правна регулатива дека навистина треба да се направат напори на време да влезат на собраниска процедура и да има простори и време да им се посвети доследното внимание. Меѓутоа, сакам да ве информирам за следното.

Има 27 земји членки на Партнерството за мир. Од нив до сега само 6 земји го имаат ратификувано овој договор, ние ако денеска извршиме ратификација од 27-те ќе постанеме седма земја држава што си ја завршила и таа своја обврска. Проблемот е во следното.

Другите земји членки се приклучија кон Партнерството за мир во јануари 1994 година. Ние се приклучивме кон Партнерството за мир со задоцнување од скоро полни две години. Во овој период успеавме да го пополниме овој вакум и се стекнавме со право да влеземе во процедура за потпишување на вакви договори дури на крајот на март месец. Таа процедура е исклучително скратени за Република Македонија и тоа право да влеземе во процедурата го достигнавме на 27 мај пред неколку дена односно го достигнавме на 30 мај кога со овластување нашиот амбасадор во Брисел потпиша протокол за да ги добиеме документите, да можеме да седнеме да ги разгледуваме на што работевме интензивно последните четири - пет дена со претставници на Комисијата за одбрана и внатрешна политика на Собранието  претставници на Министерството

за надворешни работи, протегавици на Министерството за правда, претставници од Врховниот суд на средби на кои се работеше интензивно да се согледа дали одредбите од овие договори не се во колизија со нашата правна регулатива. Тој период беше прекраток за да можеме да ја завршиме прво таа наша задача за да го подготвиме законот за ратификација пред владата и да излеземе пред Владата со предлогот за донесување на законот и со предлог на законот. Спрема тоа, во оваа ситуација иако се работи за ваков исклучителен документ навистина ги трчавме потребните датуми и немавме време порано да го доставиме документот во собраниска процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, господа министри, колеги, мислам дека иако не очекував дека ќе имаме расправа но испадна дека сепак е добро што господинот ќолега Исмет Рамадани ме провоцира да кажам две реченици.

Лично мислам дека никакво изненадуваше не е што претставници и учесници во Владата го поддржуваат предлогот и мислам дека е добро да се слушне нивниот збор во име на пратеничките групи. Но, задоволство е да се слушне и тоа дека и пратеничките групи кои не се учеснички во Владата го поддржуваат овој зафат, а за мене лично ми беше драго дека и Социјалистичката партија јасно се искажа овде заради евентуални погрешни размислувања, мислам дека е тоа добро, навистина мислам не се шегувам (се слуша комешање во салата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжете господине Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Сакав следното да го кажам, дека е добро по вакви многу клучни прашања каде светско историски на некој начин се редимензионираат односите на светски план покажуваме еден апсолутен консензус во овој висок наш дом. Затоа во тоа име сакам да изразам и свое задоволство да честитам на Министерството а и на сите нас за една таква политика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика бара господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:**

Не е несериозноста во тоа што ќе кажеме. Оваа определба што ја изнесов е определба на нашиот вонреден Конгрес и потврда на тоа што го кажав. Благодарам на Хисен што тоа го покрена да го каже.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани присутни во оваа сала, јас мислам дека денешното продефилирање пред овој дом кажува дека не само во овој дом, туку ако воопшто за едно прашање имаме консензус во Македонија значи партиски национален и друг консензус, јас сум длабоко убеден дека имаме консензус токму за ова прашање и во име на тој консензус и во име на една иднина која ќе биде безбедна за сите граѓани на Република Македонија во име на што побргу приклучување кон алијансата НАТО и пратеничката група на ПДП-А и НДП даваат целосна поддршка на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој барз. збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (94 пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу државите страни во Северно атлантскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили и дополнителниот протокол меѓу државите страни во Северно атлантскиот договор и другите држави учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили.

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог за распишување референдум по прашањето "Дали сте за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија што би се одржале до крајот на 1996 година".

Писмото на Координациониот одбор на иницијаторите за остварување на граѓанската иницијатива "поднесување 150.000 индивидуални предлози за распишување на референдум со прашањето: Дали сте за распишување предвремени избори за пратеници на Собранието на Република Македонија што би се одржале до крајот на 1996 година", записниците од примопредавањето на предлозите на граѓаните за распишување на референдум, писмото на министерот за правда за збирните резултати од обработката на податоците од предлозите на граѓаните за распишување на референдум и извештаите

на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

(додека претседателот го читаше текстот во салата влегоа лидерите на партиите Љупчо Георгиевски и Петар Гошев).

Отворам претрес.

Молам, дали некој од претставниците на предлагачите ќе го образложи предлогот.

Има збор господинот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа, најпрвин да го изразам моето задоволство што благодарејќи на иницијативата на 220.000 потписи имам можност пред Вас да ги образложам мотивите, причините за една ваква иницијатива и во исто време да потсетам дека како претставник односно претседател на Партијата ВМРО-ДПМНЕ кога 199 4 година ги бојкотиравме вторите слободни избори во Република Македонија потенциравме дека го задржуваме правото официјално да разговараме со власта по прашањето на новите избори во Република Македонија.

Денеска сум задоволен што тој ден конечно пристигна и еве ја имаме таа можност да разговараме официјално за организацијата распишувањето на новите избори и целата процедура околу овие избори. Се надевам дека таа можност ќе ја имаме на официјален разговор, официјален контакт кога ќе дојде денот за договор за нов изборен закон во Република Македонија.

Зад нас имаме 220.000 илјади потписи на граѓани на Република Македонија. Она што е значајно и што морам да го истакнам на почетокот е тоа дека граѓаните односно потписите се не саио од македонци, туку имаме потписи од албанци, срби, власи, роми и од

многу други помали национални малцинства кои живеат во РМ што значи дека самата иницијатива има уште еден посилен легитимитет затоа што незадоволството односно барањето за оваа акција ја имаат навистина како консензус постигнато сите граѓани на Република Македонија.

На почетокот за уставната обврска. Се надевам дека и покрај тоа што може да се расправа слободно во духот на демократијата за иницијативата сите на крајот ќе се одлучат да гласаат согласно Уставот на Република Македонија и согласно Законот за референдум на РМ. Имено, за уставната обврска за гласањето за оваа инцијатива минатите два месеци многу се зборуваше во Република Македонија и мислам дека навистина консултирајќи ги професорите по уставно право, консултирајќи многу стручњаци кои се бават со оваа проблематика Уставот е многу јасен и дециден.

Овде пред Домот ќе ги потенцирам членовите 2, 68 и 73 како и Законот за референдум кој недвосмислено ја определуваат обврската за гласање за еден ваков референдум односно поддршка на иницијативата која ја имаме пред Парламентот.

Во исто време би сакал да ги потенцирам и преседаните кои се направени во целата атмосфера, имено, ќе потенцирам дека токму при владеењето на оваа влада се направени до сега два преседана како што е иницијативата на Партијата МААК за 150.000 потписи и Иницијативата на Државниот синдикат за 150.000 потписи. Ќе ве потсетам дека ниту едната, ниту другата иницијатива, ниту беше запрена, ниту беше оспорена, а и едната и другата не успеаја од единствена причина што 150.000 потписи едноставно не беа собрани од иницијаторите.

Денеска слушаме различни прашања како одговори дали вака или така. Ве молам дами и господа ако имало некакви проблеми со тие две

иницијативи сметам дека најголема одговорност е токму на луѓето кои денеска ја претставуваат Владата на РМ во тој меѓу- простор кога биле правени тие преседани и со иницијативата на МААК и со иницијативата на синдикатите да се интервенира со закон, со некакви прописи или одлуки кои ќе ја дообјаснат оваа ситуација за да граѓаните пред два месеци не се доведуваат во забуна. Напротив, ние гледаме дека таков одговор остана на претставниците на Владата во меѓувреме немаше, што значи дека се она што следуваше со овие две иницијативи било прифатливо односно согласно со Уставот на РМ, согласно Законот за референдум на Република Македонија.

Конечно, покрај уставната и законската обврска ќе ве потсетам дека овде станува збор и за морална обврска. Имено, пред вас имате 220.000 потписи на граѓани на РМ. Се поставува прашањето дали тие 220.000 потписи не значат односно дали луѓето овде кои седат во оваа сала не можат да го слушнат гласот на народот дека тие 220.000 луѓе бараат потписи. Дали тоа значи дека ако нашата иницијатива не ја запревме 600.000 или 700.000"повторно ќе имаше морална обврска да се правда со овој устав или со оној устав. Едноставно ќе ве потсетам дека и покрај тоа што деновиве во спорот со оваа иницијатива се изнесуваа факти дека вакви случаи немало во меѓународната јавност дека немало во други устави или закони, јас ќе ве потсетам дека референдумот како проверка на една власт и волјата на еден народ да има една власт до сега многу пати е проверувана во меѓународната демократија некогаш со убави причини некогаш со лоши причини. Едната од убавите причини од демократски причини е без сомнение иницијативата на Шарл Де Гол шеесеттите години за проверка пред народот со референдум, а една од негативните причини се случуваше пред меѓународната јавност пред два месеци кога Садам Хусеин нормално од негативни причини со еден јасен фалсификат исто така одеше пред народот со референдум да ја

потврдат волјата спрема него. Исто така, да потсетиме дека има устави) како што е уставот на Баварија во својот член 18 децидно определува можност за референдум за паѓање на Владата.

Исто така Брамanската Република меѓу двете светски војни со голем дел на закони и од Уставот е решен начинот на кој може да се спроведе референдум за доверба на една влада. Меѓутоа кога сме тука сигурно треба да ги потенцираме и меѓународните ставови кои деновиве беа дадени специјално би го потенцирал извештајот на господинот Бутрос Гали како генерален секретар на Обединетите Нации кој извештај многу јасно и децидно се повикува дека оваа инцијатива е во контекст на Уставот на Република Македонија. Би ви го потенцирал фактот на многу усни и писмени потврди кои деновиве ги добивме од Советот на Европа и од европските парламентарци при што можам да ве известам дека вчера иницијативниот одбор го доби писмото од Советот за Европа дека во наредните десетина дена се очекува иницијативата која е писмено доставена до Советот на Европа да биде ставена и разгледувана на повеќе комисии на Советот на Европа. Писмото го имаме добиено вчера, можеме да го доставиме до господата кои сакаат да го прочитаат, меѓутоа, се надевам дека и соодветниот одговор ќе следи.

Тука треба да се истакне моментот дека луѓето кои ја бранат позицијата дека овој референдум е невозможен во месеците додека траеше целата расправа не успеаја да обезбледат ниту еден авторитет од меѓународното право од надвор кој ќе може да ја потврди нивната вистина. Напротив, јас сум сигурен доколку се најдеше еден таков меѓународен авторитет тој ќе беше донесен во Република Македонија и ќе беше злоупотребен со сите можни начини. Значи, едноставно таа меѓународна поддршка за нашите противници во смисла на

иницијативата колку е таа уставна или неуставна едноставно немаме. Се се сведува на мислење на министерот за правосудство или пратеници кои се директно заинтересирани со фактот дали ќе останат или нивната Функција ќе биде подложна на едно граѓанско преиспитување.

Сега доаѓам до моментот кој многу пати беше поставуван како прашање од противниците на оваа иницијатива кои се причините за една ваква иницијатива односно кога е се убаво,кога тече мед и млеко во Република Македонија што е работата што еве некои политички партии и граѓаните во најголема смисла се одредуваат односно определуваат за една ваква иницијатива. Само ќе потсетам дека во образложението без сомнение има и политички мотиви, меѓутоа уште повеќе и уште позначајни се економските мотиви кои лично мислам дека преовладаа во одлучувањето на секој граѓанин кој го ставаше индивидуалниот потпис на оваа петиција. Кои се политичките мотиви? Едноставно само ќе спомнам дека фалсификувањето на изборите 1994 година се веќе позадина која без сомнение треба да ја ставиме на посебно место кога треба да ги набројуваме причините. Причините доаѓаат сами една по друга. Ќе го потенцираме фактот на распаѓањето на Сојузот за Македонија. Иако од СДС тој факт се потценува односно се минимизира. Напротив, сметам дека тоа е еден крупен политички момент, бидејќи практично тоа беше мотивот да се тргне во една ваква иницијатива. Зошто крупен политички момент? Од едноставна причина затоа што Сојузот за Македонија имаше предизборна коалиција, а не поизборна коалиција. Од едноставна причина што тој Сојуз за Македонија независно дали СДС имаа многу поголемо внимание од Либералната или Социјалистичката партија излезе како сојуз и граѓаните гласаа за една обединета структура. Да не го спомнуваме фактот што на самото распаѓање на Сојузот за Македонија господинот Киро Глигоров на два пати излезе пред македон-ската јавност и директно се огради од нова политичка структура која ќе

биде формирана. Тоа го потенцирам како факт затоа што никој не може да замижи пред фактот дека ако Сојузот добие гласови поради нешто тоа беше поради позицијата на Киро Глигоров и неговото спојување со Сојузот за Македонија. Сите тие елементи со кои се одеше пред македонскиот граѓанин денеска се разбиени и мислими дека СДС како политичка партија која останува и понатаму главен носител на тој Сојуз за Македонија едноставно има политичка потреба да се преиспита пред македонскиот граѓанин со еден референдум дали граѓаните на РМ тоа распаѓање на тој сојуз со кој беа манипулирани повеќе од година ипол го чувствуваат како таква трагедија или навистина сега размислуваат како да се припадници само на СДС.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:(**продолжение)

Кои се понатамошните политички моменти, поради кои е потребен референдум? Ќе го спомнам договорот со Грција. Договорот со Грција ние најдовме дека беше потпишан на штета на Македонија. Она што е позначајно деновиве гледаме дека Договорот со Грција сеуште е отворен, односно оној договор што беше направен не решил ништо. Чест беше самата Влада, кога ќе се потпише еден таков договор со Грција, за кој имаше многу обвинувања дека е на сметка и на штета на националните интереси на РМ, да понуди референдум пред македонските граѓани и да ги праша тие граѓани, дали се задоволни со една таква политика или не се задоволни со една ваква политика. А тоа посебно сега добива на значење, кога гледаме дека деновиве од грчка страна не потсетуваат дека Македонија сеуште ги нема до крај исполнето обврските од тој договор.

Понатаму договорот со Европската заедница. Долго време оваа Влада манипулираше дека односите со Европската заедница се одвиваат беспрекорно добро и во комплетен интерес на Република Македонија. Деновиве кога тој договор се финализира, активните посматрачи и аналитичари на она што треба да и се понуди на Македонија со Европската заедница зборува дека РМ со овој договор во моментот кога ќе биде потпишан не добива ништо друго, освен местото на тампон земји во Европа, која Европската заедница ќе ја дели од Азија и Блискиот Исток, во која најверојатно ќе влезат уште Албанија, Србија, Романија, можеби Украина и Белорусија. Едноставно, сметаме дека договорите со Европската заедница доживеаја комплетна катастрофа во поглед на тоа кои беа нашите амбиции, кои беа нашите цели, па денеска слободно можеме да зборуваме дека Македонија доби една изолација, односно пад на кој меѓународен рејтинг, во договорите се Европската заедница.

IV/2.-

И конечно во политичките причини без сомнение треба да се задржиме на блокадата односно застојот на демократските процеси во РМ. Јас само ќе ве потсетам дами и господа дека во РМ ќе станува општа констатација дека имаме класична блокада и застој на многу демократски процеси. Само ќе потсетам сеуште контролата на судската власт во РМ, второ блокада на изборите за локални собранија. Оваа игра,сега што ни се фрла дека на есен ќе бидат сигурни локални избори, тоа можеби е оправдување за некоја иднина. Јас потсетувам дека до овој момент две години, неуставно локалните избори во РМ се суспендирани од оваа власт која до денеска владее во РМ, а да не го потенцирам и фактот дека и изборите за месни заедници уште повеќе се суспендирани затоа што во секоја демократија покрај парламентарни, покрај општински се прават и избори за месни заедници. Оваа суспензија веќе сигурно навлегува во десеттата година до нејзиното суспендирање.

Понатаму, контролата на средствата за јавно информирање и постојаниот притисок и пресија што се прави од страна на власта од сите овие медиуми, со цел да се воспостави контрола, односно да се добива постојана поддршка за нив.

Да не зборуваме за примената на сила како средство и метод за убедувања или најразлични видови притисоци врз обичните граѓани на РМ, од обични криминални дејства па до политички притисок на политичките партиски структури во РМ. И конечно, јавен обид да се воспостави невистинска независна администрација во министерствата на РМ, јавните установи, туку напротив обид за воспоставување на партиска струк- тура и правење на партиска држава во целата администрација на РМ. Партиските чистки, затоа што некој работи во државната администрација, бил на оваа или на онаа страна, досега многу пати се изведуваа во минатите 45-50 години. Во минатите 5 години, исто така, имаше таков обид, а верувам дека после распаѓањето на Сојузот за Македонија и исфрлањето на Либералната партија од Сојузот за

Македонија, ваквата пресија за чистење на непотребните кадри уште повеќе ќе биде на сцена зашто веќе како што имам информации, стапува на сила, се со цел на секој оној во државната администрација, во јавните установи, кои малку од малку не мислат како СДС, едноставно мора да ја заменат својата работа со Бирото за вработување или на несоодветно место. Едноставно, желбата да не се воспостави ред во државната администрација, државната администрација да не биде заштитена со закон како што е заштитена во секоја држава, оваа партија која денеска владее специјално во РМ, нормално, на одреден начин узурпирајќи го името на Сојузот за Македонија, едноставно прави партиска држава, а не она што треба да го гарантира, една независна администрација која ќе биде сервис на граѓаните а не сервис на политичката партија што е на власт.

И конечно доаѓам до она што се нарекува економски причини зошто 220 илјади граѓани на РМ го дадоа потписот за оваа власт. Ние можеме да слушаме вакви или онакви розови информации дека македонското стопанство цвета. Меѓутоа, дами и господа јас ќе се обидам да зборувам со јазикот на статистиката, која во РМ статистичките податоци ги исфрла токму една институција што е под ваша контрола и немам простор да се сомневам дека тие се полоши, односно дека се подобри, односно може да бидат само полоши

Падот на производството во РМ поклопено со владеењето на оваа Влада денеска достигнува скоро 50% од моментот кога оваа Влада го презеде раководството на македонската економија. Просечно годишно 10-15% пад на производството во РМ. Постојан дефицит на трговскиот биланс на РМ од времето кога оваа Влада владее во РМ. Најкарактеристичниот и најстрашниот податок следува од минатото тромесечје каде што знаеме дека падот на извозот достигна 38% само за три месеци од оваа година. Пораст на задолженоста во странство. Денеска РМ веќе може да се пофали со долг во странство од 1 милијарда и 700 милиони долари, бројка што треба сериозно да ја замисли и оваа генерација и онаа генерација што доаѓа после нас.

IV/3.-

Остана долг кон штедачите во РМ некаде околу милијарда долари на штедните книшки. Националниот производ по глава на жител околу 690 долари во РМ. Јас само ќе ве потсетам дека оваа бројка, автоматски без премногу коментари и без многу размислувања не наведува на тоа дека ние во иднина нема да се споредуваме со Швајцарија по економските развојни ефекти, со Германија, Словенија, Чешка, Унгарија, туку ќе се споредуваме со Уганда и Бурунди, затоа што тоа е веќе иднината на нашиот национален производ по глава на жител.

Внатрешен долг на македонското стопанство кон крајот на 1995 година околу 600 милиони долари, од тоа што е утврдено, а она што не е утврдено, највероЈатно, веќе достигнува околу 800 милиони долари. Кој тој долг ќе го врати, и кон кого ќе го враќаат.

Директните странски инвестиции, благодарејќи на добрата економската политика се повеќе до смешни. Додека слушаме во една Чешка, во една Унгарија, тие се по неколку милијарди долари, странските директни инвестиции во РМ во 1994 година се 5 милиони долари, за 1995 година исто така 5 милиони долари, а оваа година можеби, поради големите успеси ќе имаме 6 милиони долари. Не треба да ги споредуваме со другите земји во таканаречената транзиција.

Конечно стапката на невработеност, завчера, статистички се призна официјално 30% преку обичниот преглед штопристигнува во заводите за невработени од општините. Неќна имаше и расправа околу спорење на една таква бројка ми се чини за Битола, што зборува дека таа бројка ако се собере добро и не се манипулира со стари податоци од месец или два месеца, ќе видиме дека стапката на невработеност веќе ја надминала бројката 35, а се движи со многу забрзано темпо до 40% невработеност. Па ве молам дами и господа 35% да земеме стапка на невработеност е стапка рекордер не само за цела Европа туку веќе јас верувам дека и во Латинска Америка не можеме да најдеме слични примери, во Африка или во Азија.

IV/5.-

Да ве потсетам дека Србија во војната имаше стапка на невработеност од 24%, Хрватска во војна исто така имаше 17% невработеност. Што зборува самиот тој факт? Зборува за еден комплетно нешалантен однос на Владата и луѓето што управуваат со македонското стопанство во РМ. Она што е уште пожестоко и посилно во секоја држава каде што има 10% невработеност, гледаме дека владите секојдневно се преокупираат со програми за невработените, а овде, ние во РМ не можеме да чуеме при стапка на невработеност од 30% за ниту една програма за невработените, односно за решавањето на проблемот на невработрноста во РМ:

И конечно надвор од тие 35% невработени, да не го истакнуваме фактот дека оние кои работат некаде над 100 илјади вработени, веќе не земале плата за еден,два и три месеци, а имаме и такви рекорди по една година што ќе водат како вработени, меѓутоа е само прашање на време кога нивната фирма ќе оди под банкрот.

На овие фактички податоци што ги зедов од Заводот за статистика која што може секојдневно да се прочита во економските магазини во РМ, пред се истакнувам дека тоа се владини извори или многу блиски на Владата, така што немаме простор да се сомневаме во тие статистички податоци и тие зборуваат самите за себе до каде е доведена РМ, и мислам дека во било која нормална демократска држава само еден од тие статистички податоци да се изведе на виделина, доволно е Владата сама да си поднесе оставка. Да не ги спомнувам најкарактеристичните, падот на производството околу 50% што се поклопува со времето на владеењето на оваа Влада и зголеменоста на невработеноста некаде со 35% од работоспособните граѓани во РМ.

Секоја па и малку одговорна влада сама не треба да чека некој да и го поставува прашањето зашто преиспитување на нејзината доверба. Податоците се катастрофални од што покатастрофални не можат да бидат. Во сите тие статистички извори што ни се нудат, без сомнение,

мораме да потенцираме дека има само една светла точка, а тоа е задржувањето ан инфлацијата на некоја нормална европска стапка, при што не можам да не го потенцирам фактот дека и покрај тоа што тој е реален статистички факт не можеме да не го кажеме дека тоа се прави на сметка на комплетното истиснување на денарот како платежно средство во РМ, затоа што сите знаеме дека со денари веќе се пазари само до 10 0 марки а се над тоа оди во конвертибилна во РМ и уште пострашниот факт дека тоа држење на курсот и инфлацијата, на начин како што се држи две и три години, се прави на сметка на извозниците во РМ.

И денеска не можам а да не го констатирам фактот дека ако оваа Влада во најскоро време не се откаже од единствената светла точка во нејзината економска програма, ние ќе доживееме колапс на комплетното македонско стопанство, односно колапс и на оние малку индустриски фирми што работат во РМ. Инфлација од 30 до 40% во овој момент е потребна на македонското стопанство повеќе до воздух, за да може и оние кои работат во РМ да преживеат.

За жал, ја сум повеќе од сигурен дека оваа Влада нема да се согласи со едно вакво решение, не од друго, туку за да покаже дека и понатаму има една единствена светла точка во статистиката. А тоа што ќе значи? Ќе значи дека и понатаму во наредните три-четири месеци следува едно комплетно пропаѓаше на македонската индустрија и македонското производство, пред се она кое е ориентирано за извоз.

Без сомнение кога се зборува за колапсот на економската програма,треба да се спомне и процесот на приватизација во РМ. Се влезе во процес на приватизација пред се, со цел да се постигне одредени цели, да имаме профитабилни фирми и да имаме пораст на производството на РМ. Резултатите постигнати од тие цели, денеска се повеќе од катастрофални. На прсти можат да се набројат фирми кои се приватизирани и денеска работат со профит, а исто така на прсти можат да се набројат фирмите кои се приватизирани а нивното производство е

IV/7.-

зголемено. Едноставно во 90% во случаите целите на приватизацијата во РМ доживеа катастрофа. И да не ја споменуваме третата цел тоа е собирање на пари, дали за буџетот, дали за агенцијата за развој, која според официјалните статистички податоци зборуваат дека и покрај тоа што деновиве односно во наредниот период треба да се прогласи дека и крајот на приватизацијата на РМ, затоа што 80% од фирмите на овој или на друг начин се приватизирани од друга страна имаме еден несразмерен смешен податок дека за таа приватизација државата добила некаде околу 30 милиони долари или марки кеш пари, како возврат за таа приватизација во РМ. Не сакам да зборувам и да навлегувам во оваа ситуација, дали се работи за грабеж, криминал, дали се работи за делење на фирмите, ова е наша ова е нивна, едноставно зборувам за статистичките податоци на крајот на приватизацијата на РМ, затоа што во оваа држава некој ќе мора во многу кратко време да објави дека транзицијата е завршена. И потоа да направиме сметка на завршувањето на таа транзиција каде е македонското стопанство, односно каде е статистички со финансии, со средства тоа македонско стопанство.

Да не зборуваме дека денационализацијата како процес кој мораше да следи со приватизацијата, уште не е ни почнат во РМ.А како што гледаме од намерата на луѓето што ја водат РМ немаат ни намера да ги обесштетат луѓето кои биле подложни за денационализација. Понатаму да не зборуваме за терминолошката онфузија што ни се нуди од страна на експерти на таканаречената власт во РМ. Јас само ќе потсетам на една од тие конфузии. Некои од партиите зборуваат за државна сопственост кога се влегуваше во иницијативата за приватизација во РМ. Луѓето на оваа власт тогаш се смееја на поимот државна сопственост. Денеска, одеднаш гледаме дека експерти - министри на актуелната власт почнуваат да манипулираат со некаков термин државна сопственост дека се најдоа државни станови, се најдоа државни делови односно државни финансии во некои фирми. Дами и

господа, јас само ќе ве потсетам дека во РМ ние сеуште со ниту еден закон го немаме дефинирано државното стопанство. Зошто таква конфузија пред македонската јавност односно за државната сопственост, зошто едноставно експерти, финансиски, професорски, не знам какви, дозволуваат да мнипулираат со термини кои што воопшто со ниту еден закон во РМ не се пропишани односно ги нема никаде да операционализираат со нив. И впрочем кога веќе се појавува таква некаква условно речено државна сопственост, зашто барем со тоа не се оди да се компензира она што било национализирано 1945-1946 година, како што се 500 општествени станови, недржавни потенцирам општествени, затоа што оваа држава во 19 9 0 година имаше само општествена сопственост а никако државна, или речено условно таканаречениот државен капитал што сега е пронајден во некои државни фирми, потполно велам условно затоа што според ниту еден закон во РМ ние немаме државен капитал, немаме државни фирми туку може да се зборува само за општествен капитал и за општествена сопственост.

Резултатите на една ваква економска политика на она што денеска се нарекува власт во РМ може да се видат во општата состојба и општата атмосфера во РМ. На економски план човек денеска не треба да биде премногу стручен, доволно е да фрли голо око и да констатира дека денеска во РМ благодарејќи на оваа власт, индустријата е уништена РМ пред 4-5 години важеше за средно индустриска земја. Денеска било која статистичка анализа на индустријата, на стопанството во РМ ќе ви каже дека Македонија го напушти рангот на средно индустриско развиена земја и влегува во земјите од третиот свет, од третиот ред. Има ли поголема катастрофа во водењето на една ваква политика. Сите големи индустриски системи се уништени или чекаат денот кога ќе бидат затворени. Огромни гранки на македонската индустрија денеска повеќе и не постојат. Фрлање едно голо око врз земјоделското производство, политиката на оваа Влада за земјоделското производство веќе четврта

година го тера на дестимулација и негово уништување. Денеска ние слободно можеме да го чекаме денот кога ќе констатираме дека огромни производни земјоделски гранки едноставно не постојат во РМ. Пред прагот на своето уништување е производството на ориз во РМ, пред прагот на своето уништување е производството на тутун во РМ, пред прагот на своето уништување лозарството во РМ. Вели гранки на земјоделското производство денеска се уништени во РМ и сето се префрлило на садење на пченица, најниско доходовното земјоделско производство, не заради друго туку затоа што едноставно луѓето да живеат односно да произведуваат за да ја прекранат својата фамилија.

Едноставно да заклучиме, целата атмосфера во индустриското производство, во земјоделското производство во РМ може да се заокружи со една кратка констатација дека едноставно како атомска бомба да паднала во производството во РМ.

V/1.-ЛП/ОМ

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:(**Продолжение)

Тоа е пустош на сите страни. Она што не е уништено, дами и господа, ќе можете да гледате во наредните три до четири месеци како се уништува. Тоа е резултат, кој мислам дека го разбира секој малку од малку кој се труди да разговара со стопанствениците, со луѓето кои ги водат фирмите или оние кои се директно во производството.

На што е резултат сето тоа?

На несоодветна .даночна политика за стимулирање на производството на несоодветна царинска политика, на несоодветна заштита на националниот производ, односно на се она што се произведува во Република Македонија. Луѓето на оваа Влада, кога се зборуваше за заштита на националното производство се смееја. Мене ми е мило што некои министри во последните два три месеци сфатија дека мора да се посвети малку повеќе внимание на тоа национално производство. Јас Ве предупредувам, не како власт, ве предупредувам како загрижен за македонското стопанство, дека без заштита на тоа македонско сто- панство од страна на Владата ние навистина ќе го видиме за кратко време комплетното производство во Република Македонија.

Каде е најголемиот проблем од стратешки аспект на оваа Влада? Што оваа Влада не успеа да најде одговор на македонското стопанство од нејзината геостратешка позиција, одговор на основното прашање: Македонија во Европската заедница ќе влезе можеби по 10 или 15 години. Што дотогаш ќе прави македонското стопанство? Тоа е основното прашање за кое оваа Влада не сакаше да размислува во овие 4-5 години. Сето беше направено со некои меури - утре ќе бидеме приемни во Европската заедница, утре ќе направиме вакви договори со

Европската заедница, ќе се отворат пазарите на Европската заедница, а денес гледаме дека тој сон пукна како балон. И сега мислам дека ако има малку одговорни луѓе во оваа Влада треба да седнат и да си го постават прашањето, да си најдат одговор на вистинското прашање. Ако ние нема да бидеме примени во Европската заедница во наредните 10-15 години, што оваа Македонија треба да прави на политички план, а уште повеќе што треба да прави Македонија на економски план. И повторно одговорот е само во тоа : грижа за националниот производ, грижа за се она што се произведува на индустриски план во Република Македонија, уште повеќе на земјоделски план во Република Македонија.

Конечно, кога станува збор аз резултатите на оваа економија, ние не можеме а да не ги спомнеме и некои резултати кои веќе се чувствуваат и на друг план, на социјален план. Ваквото водење на економската политика во РМ несомнено директно е причината за неколку празни фондови во Република Македонија. Здравствениот фонд во Република Македонија се одржува единствено на хуманитарната помош. Образовниот фонд веќе полека се празни и еве веќе имаме еден месец задоцнување на платите на просветните работници. најкарактеристичен е примерот со пензискиот фонд, каде што две пензии задоцнување ја следат перманентно оваа Влада. А оној кој сака да размисли, без сомнение, ќе констатира дека од 31 мај веќе и третата пензија за третата група пензионери веќе е изгубена. Јас не знам зошто пензионерите кои посебно седат во тие управни фондови на пензиските фондови не сакаат да седнат и да размислат дека на 31 мај, пред неколку дена, тие ја изгубија третата пензија како трета група пензионери - Прашање е на ден кога втората група дали за месец или за месец и половина ќе дојде да ја изгуби и таа третата група, најверојатно првата група ќе се задржи во губењето ан својата трета пензија можеби 2 до 3 месеци, меѓутоа,

неминовно, со ваквите резултати на економијата на Република Македонија и тие за кратко време ќе констатираат дека третата пензија и формално во Република Македонија ја имаат изгубено. Да не зборуваме дека тој удар понатаму ќе оди секојдневно и се повеќе ќе се проширува на државната администрација, која во оваа ситуација мудро молчи, нормално, заплашена од луѓето на актуелната власт, затоа што ако било што ќе прозборат, може лесно да го изгубат работното место. Меѓутоа, факт е дека обрачот се повеќе и повеќе се стеснува и е прашање само на ден кога и државната администрација во министерствата и во сите јавни институции ќе дојде на ред да го почувствува ударот на празните фондови односно на празниот буџет на Република Македонија.

Сите овие елементи, дами и господа, за секоја малку одговорна Влада зборуваат не за радост, не зборуваат за место за задоволство, туку зборуваат за вистинска загриженост, зборуваат за ката- строфата до каде е доведена една држава и немањето одговорност за она што народот во одредена ситуација на ваков или онаков начин им го предал кога тие се нафатиле да бидат Влада, парламентарци или министри на една одредена власт.

И конечно, која е најголемата заслуга на ова владеење на оваа власт предводена од СДС? Бес сомнение, тоа е заслугата на едно комплетно социјално раслојување во Република Македонија. Изненадувањето е уште поголемо што партијата СДС во својата ориентација е лева партија, изненадувањето е уште поголемо што партијата СДС во својот континуитет е наследник на една партија која се викаше СКМ која во периодот 1941-1945 година водеше социјална револуција, меѓу другото, за еднаквост меѓу граѓаните. Меѓутоа, кои се резултатите на нивната социјална политика? Денес ние можеме

слободно да констатираме дека благодарејќи на економската и политичка стратегија која се произведува од оваа власт во Република Македонија, ние има- ме една социјално раслоена Република Македонија, каде што еден голем процент на граѓани на РМ, некаде 70% од граѓаните на РМ може да се третираат како социјални случаи, имаме 1%, можеби и 5% кои стануваат нова класа на крупни капиталисти во Република Македонија, чии средства се бројат 5-10 милиони долари и имаме измеѓу една средна класа, класична средна класа која можеби во овој момент достига до 25%, меѓутоа, со многу јасна несигурност кога ќе им дојде денот тие да поминат во третата категорија граѓани на Република Македонија.

Зборувајќи за таа социјална политика, мене ми е навистина жал што Владата на Република Македонија покажува посебна неодговорност кон тоа социјално раслојување на граѓаните на РМ. Едноставно, живеејќи во тесен круг каде сите што се опкружени со навистина убави погодности на така наречената транзиција во Република Македонија, се заборава во исто време дека илјадници фамилии во РМ остануваат без минимум егзистенција во оваа држава која по својата дефиниција на одреден начин е социјална држава. Едноставно мене ми е жал што оваа Влада нема толку разбирање и говорејќи го ова некои од пратениците на СДС гледаме со насмевки се насмевнуваат опишувајќи го моментот на социјалната катастрофа во Република Македонија. Тоа е нормално затоа што луѓето очигледно комуницираат во тесен круг, едноставно немаат допир со широкото граѓанство во РМ. Таквите констатации можеме да ги чуеме да речеме и во многу изјави зошто граѓаните во Република Македонија не ја плаќаат сметката за електричната енергија, па се даваат констатации дека тоа некој го прави од луксуз или затоа што се инати на Владата на СДС. Напротив, граѓани, ниеден граѓанин во

V/5.-

Република Македонија нема да си дозволи луксуз да му ја исклучат електричната енергија дома во фамилијата заради луксуз или заради некакво инаетење. Тоа само зборува до каде е дојдена социјалната слика на РМ. А она што е најинтересно, без сомнение немањето чувство на луѓето кои живеат денес во власта, наместо да им се помогне на тие луѓе се удираат и понатаму со исклучување, пресија и репресија. Јас само, дами и господа, ќе потенцирам еден момент. Доволно е да ја земете разликата на реалните пазарни цени и надуените цени кои Министерството за внатрешни работи ги има направено само околу операцијата за нови лични карти, доволно е само разликата да ја земете која ќе биде поделена меѓу одредени министри, па сите сметки на електрична енергија на фамилиите во Македонија да ги платите. Само ќе Ве потсетам дека надуената сметка за операцијата нови лични карти во РМ македонскиот буџет и македонските граѓани ќе ги чини некаде околу 12 милиони марки. Можете лесно да ги пресметате реалните пазарни цени и на машините кои се купуваат и на целата операција. На крајот можете да пресметате на кого му е потребна таква надуена сметка и на крајот можете сами да заклучите, без закон и без прописи каде ќе заврши разликата, а во исто време прави- ме пропаганда како граѓаните на РМ од инает или од луксуз не сакаат да си ја платат електричната енергија.

Завршувајќи со овие аргументи, посебно потенцирајќи ги економските аргументи, дами и господа, ќе го потенцирам фактот дека мене ми е жал ако претставниците на СДС и претставниците на нивната власт имаат толку изгубена врска со реалноста во Република Македонија Вие многу пати досега во овие 4-5 години сте го кршеле Уставот на РМ. Мене нема да ме зачуди и овој пат да го прекршите Уставот на РМ.

V/6.-

Меѓутоа, верувајте дека во Република Македонија во овој момент на многу граѓани, на многу поединци, на многу фамилии навистина им е пукнат филмот од едно вакво владеење, каде што единствено се гледаат личните интереси, а она што се нарекува државен интерес или општ интерес едноставно е заборавено некаде на маргините. Оваа социјална тензија Вие можете да ја издржите денес, можеби ќе ја издржите и во идните два месеци меѓутоа, верувајте дека оваа социјална структура која денес Вие ја наметнувате во РМ еден ден мора да се сврти против вас. Верувајте дека начинот на референдумот е најдобар начин, на одреден начин, да избегнете од една ваква одговорност, а верувајте дека во спротивно, не некоја политичка партија, не ВМРО-ДПМНЕ, не Демократската партија, не не знам која партија која се приклучила на ова иницијатива, верувајте дека ќе дојде до спонтан револт и до спонтан удар против Вас, меѓутоа тој спонтан удар, верувајте, во тој момент никој не може да го запре. Најмалку ќе Ве заштити полицијата, најмалку ќе Ве заштити армијата,најмалку ќе Ве заштити демагогијата затоа што има нешто што нема праг на издржливоста. Тоа е удирањето по голата егзистенција на граѓанинот во Република Македонија, простор каде што Вашата економска политика ја доживеја најголемата катастрофа, каде што се виде најголемата неспособност и оттука мислам дека одговорот што постојано го поставувате во овие два месеци па зошто ни е референдум кога нема политичка криза во РМ, кога администрацијата работела, кога Владата донесувала одлуки, кога парламентот се собирал. Проблемот не е само во политичкото решение, проблемот е уште повеќе во социјалното решение на Република Македонија. 170 илјади потписи за 4 дена, 220 илјади потписи за 8 дена и крик на граѓанинот на Република Македонија дека нешто се случува во РМ. Вие

можете да се чувствувате односно да се правите глуви спрема тој крик меѓутоа, тој крик сигурно ќе има свој одглас. Подобро да го прифатите Вие тој крик, отколку - јас навистина со жалење можам да ја кажам констатацијата, да чувствувате односно да дочекате ден кога тој крик ќе го доживеете на многу пожесток и посилен начин.

Впрочем, има и една друга работа. Оваа Влада постојано истакнува дека има доверба во народот. Зошто на референдумот му пристапувате како на нешто дека морате да изгубите. Дами и господа, Вие на тој референдум можете да си го зацврстите легитимитетот и да владеете во наредните двеипол години уште понепречено, затоа што дури тогаш опозицијата ќе нема право да каже еден збор. Зошто стравот од референдум? Референдумот не се нови избори. Референдумот е само прашање дали имате доверба или немате доверба.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани дами и господа, иако малку дами гледам, но посебно ги поздравувам и веднаш да кажам дека малку помалку време ќе Ви одземам.

Со задоволство ја користам можноста во име на Координациониот одбор аз остварување на граѓанската иницијатива за собирање 150 илјади предлози за распишување референдум за предвремени избори да Ви се обратам вам и преку вас до сите што со голем интерес го следат текот и разрешницата на оваа во секој случај, во секој поглед

возбудлива иницијатива. Велам возбудлива бидејќи е остварена за фантастично кусо време, е реализирана со досега незабележано високо учество на граѓани во вакви иницијативи. Да потсетам, околу 11% од вкупното население се определи за толку кратко време за оваа иницијтива, 16% од вкупниот електорат на Република Македонија, над 20% од бројот што го соопштивте дека излегол на минатите избори односно октомври 1994 година. Го видоизменува традиционалниот портрет за македонскиот граѓанин како крајно воздржлив и плашлив, бидејќи тој истиот граѓанин отворено проговори што сака без трошка колебање, и со целосна самоидентификација, внесе голема возбуда во вашите редови, признале или не, особено во редовите на извршната власт, бидејќи ја најави опасноста за прекинување на мандатите. Ги полни извештаите на дипломатите и другите политички професионалци со крајна љубопитност за нејзиното завршување. На најдобар можен начин ја тестира подготвеноста на македонскиот граѓанин за користење на непосредните облици на демократското одлучување. На најдобар можен начин ја тестира денешната владеачка гарнитура во РМ, за тоа колку е подготвена да го шири јазот помеѓу вербалната и вистинската определеност за развивање на демократијата во нашата држава, односно меѓу декларациите "за" од една страна и вистинските напори да завладее правото кај нас од друга страна. И вашата денешна седница е прилог кон зголемување на возбудата во врска со оваа иницијатива, не поради тоа што не знаеме каков ќе биде резултатот од гласањето за барањата на 218-те илјади граѓани. Тоа веќе е одлучено далеку пред закажувањето на седницата на некое друго место. За жал, можеби уште пред почетокот на оваа иницијатива, туку пред се поради следното: Упорноста, на правните аргументи да се одговори со политички ставови, неисцрпната енергија, вистината да се прогласува за невистина, неправото да се продава за право. Продолжувањето на старите "добри"

манири реалноста и фактите да се соопштуваат и признаваат во зависност од оценката дали тоа е политички исправно. На оваа седница јас сум претставник на невозбудливата страна, можеби здодевната страна, да го бранам она што е очигледно, да цитирам членови од Уставот што вам Ви се добро познати, но чие точно значење се губи во менталниот хоризонт на оние што го преферираат политичкиот опортунитет пред наредбите на Уставот и законите.

Но да не должам повеќе, го ценам Вашето време и големите обврски што ги имате кон државата. Затоа, да поминам на мојата , за Вас, здодевна должност, да ги изнесам или преповторам аргументите зошто оваа иницијатива е сто посто во согласност со Уставот и да го соопштам нашето мислење за "аргументите" што се против иницијативата, слушнати од денот на нејзиното покренување до денес, а верувам и денес, бидејќи нови не ќе има.

Имено, сите досега изнесени аргументи против иницијативата може да ги подредиме во две основни групи: Првата - ставови против политичката целесообразност на иницијативата и втората, таканаречените правни аргументи за нејзината наводна уставна невтемеленост.

Во рамките на првата група политичките аргументи можевме досега да ги слушнеме следните:

Дека сега не е време за предвремени избори. Оценувате Вие, нели? Што и текнало сега на опозицијата да ги бара

Второ, дека на партиите на власт им треба целиот мандатен период да ја остварат замислената програма и дека токму сега кога минало најтешкото некој сака да ги попречи во жнеењето на позитивните резултати.

V/10.-

Трето, дека референдумот и предвремените избори чинат пари, а нашата држава е сиромашна и демек кои се тие неодговорни што сега бараат трошење пари за такви нешта.

Четврто, дека секоја поголема партија може да собере 150 илјади потписи и дали поради тоа секој месец ќе си играме референдуми.

Петто, дека тие што сакаат да дојдат на власт не се ни подобри ни поумни, ни почесни или помалку нечесни, дека се сиромашни со кадри и т.н.

Шесто, дека таков начин на доаѓање до предвремени избори демек немало никаде во светот.

За овие прашања, почитувани дами, ценети господа, може да дебатираме до бескрај, но само во форма на политички дебати. Парламентот не е место за такви политички дебати. Тоа се прави во некоја друга предфаза на работите во врска со оваа иницијатива или некоја друга иницијатива.

Природно е Вие да не сакате предвремени избори. Се обложува дека дури не би сакале да има и редовни избори. Зошто би сакале да се изложувате на ризик да бидете сменети од власта? За таа Ваша желба јас имам полно разбирање и кон неа се однесувам со висок респект.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Но, природно е и опозицијата да сака да ве симне од власта. Да тврди дека може и повеќе и подобро од вас. Да се надевам не мислите дека само за вашата желба има место под жестоко сонце на Македонија. Ако сите желби се легитимни, ако секој има право на нив, разрешувањето на тој судир на желбите во една држава, уредена држава, демократска држава го извршуваат Уставот и законите на државата усвоени со демократска процедура. Но, се разбира тоа е практиката, начинот на животот само во демократските држави. Во другите, недемократските, во страните со принципот на владеење на правото на сцена го имаме населението од еден или друг вид, а јас сакам многу да верувам дека вие сакате да изградиме демократска држава. Затоа сите наведени и ненаведени политички аргументи не вредат ни пет пари, буквално ни 5 пари било од чија страна наведени ако настапува правна ситуација. Ако на уставен и законски пропишан начин некој субјект во општеството предизвиал состојба што бара некој друг субјект без проговорено, без условно да го примени и почитува Уставот и соодветните закони.

Со оваа иницијатива дами и господа се случи токму тоа.

Уставот пропишал Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи. Ние ви приложивме 218.000. Значи не се работи за 171.000, туку за 218.000, бидејќи повторно сами броевте и сами ги прогласивте за уредни или проблематични оние другите, 46.000. Според тоа, овие 218.ОООграгани процениле дали треба да се плати и одржи бараниот референдум . Наредните, минимум 350.000 ќе одлучат дали треба да се платат предвремени избори. Мнозинството избирачи ќе кажат дали има доверба и натаму вие да ја реализирате вашата Програма, ја имате или ја немате сеедно, дали е оправдано некој да ви ја прекинува на половина пат, ако стигнала

дотаму, дали смета дека тие што бараат предвремени избори се подобри исти или полоши од вас. Тоа ќе го кажат тие според диктатот на Уставот. А, само кога ќе бидете во положба да покренете иницијатива за референдум ќе знаете дали е лесно или тешко да се соберат 150.00 0 потписи. Од друга страна, пак, Уставот не бара референдумот да се распишува во зависност од тоа дали лесно или тешко се собираат потписите, туку бара тоа да се стори задолжително ако се соберат 150.000 одделни предлози.

Вие донесовте нов закон со кој речиси ја исклучивте можноста на таков начин да дојде до референдум за предвремени избори. Задоцнивте малку, се разбира, ако не задоцневте и ова ќе го немаше. Затоа ние во евентуално обратна петиција ви гарантираме штедење на пари и тој закон нема да ви го измени. За тоа прашање ќе постапиме според вашата депонирана желба. Но, бидејќи знаете дека таквите политички аргументи служат само за замрачување на видот на поширокатa јавност запнавте од петни жили да ископате некој правен аргумент за да не постапите според барањето на 218.000- те граѓани, кои, така наречени правни аргументи имавме можност да ги слушнеме досега како подготовка за одбивање на оваа иницијатива.

Прво, дека вие сте биле избрани на 4 години. Еден од главните аргументи. Со тоа сакате да кажете дека никој не може пред истекот на 4-те години да ве помести од овде дека Уставот не позна- ва скратување на мандатот.

Второ, дека првиот став од член 73 кој што гласи: "Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност", и тоа вие некој голем аргумент. Не пропишал обврска за кои прашања може да се распишува референдум. И бидејќи во тој став не стоел зборот: "за сите прашања" и бидејќи на друго

место не било речено изрично дека референдумот се распишува и за предвремени избори, ете можности да се фатиме за сламка, но ќе видиме дека е тоа навидум сламка.

Трето, дека Собранието, уште сум на вашите аргументи, или на оние од извршната власт не е надлежно за распишување на референдум за предвремени избори, односно дека предвремени избори може да распише само претседателот на Собранието по претходна одлука на Собранието за самораспуштење.

Четврто, дека референдумското прашање не било поставено наводно правилно. Имено дека не требало да гласи "дали сте за распишување на предвремени избори", туку "дали сте за самораспуштање на Парламентот" и веројатно додавката "и распишување предвремени избори". Се разбира еднаш велите дека не може да се распишува референдум, од друга страна ако гласело вака прашањето дали сте за само распуштање, па можеби ќе можело да се донесе одлука да само.-распуштање. Така да малку треба да се аргументираат документите од различни усти излегуваат.

Петто, дека граѓаните ви го пренеле суверенитетот вам целосно што ќе рече дека за тие 4 години вие немате никаква обврска да примените односно да примите ниту една наредба од тие граѓани.

Дозволете ми да се осврнам накусо на секој од овие аргументи и да ја покажам нивната неодржливост.

а) да ја разгледаме неодржливоста на тезата за нефлексибилнсота на мандатот, односно дека сте вие избрани на 4 години и дека само со Ваша волја тој мандат може да се скрати.

VI/3.-

Прво, Уставот навистина вели дека вие сте избрани за 4 години, но како горна граница, член 63 став 1.

Второ, Уставот предвидел во одредена ситуација дури и таа горна граница да се помести, да се продолжи мандатот во случај на војна или вонредна состојба, член 63 став 4.

Трето, Уставот предложил, предвидел институт оставка на пратеникот, член 65 став 1. Значи, изборот од 4 години не мора да важи односно тој избор од 4 години за пратеникот не е императивен. Може да го прекине иако не се работи за смртен случај. Всушност не важи тезата живи или мртви, ние сме избрани на 4 години.

Четврто, Уставот предвидел и институт одземање на мандатот, вие тоа го применивте во случајот на г-динот Џафери, кота пратеникот е осуден за кривично или друго казниво дело што го прави недостоен за вршење на функцијата пратеник, како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од 6 месеци. Ако ми дозволите малку и да се нашегувам на граѓаните им се чини дека вие сте отсутни многу повеќе од 6 месеци бидејќи не гледате што навистина се случува во оваа Држава. Значи, и според оваа одредба не важи ние сме избрани на 4 години и точка.

Петто, постои и следната уставна одредба. Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници, член 63 став 6. Значи, и овде не важи ние сме избрани на 4 години и точка. Но, што е интересно во оваа Одредба.

61 пратеник можат со 2 кренати прста да им го одземат мандатот, значи да им го скратат на другите 59 пратеници кои што, ете не би сакале да се самораспуштат. Па нели народот сите ве избра на 4 години, да се обидам да резонирам во врска со ова прашање.

Јасно е дека нема фиксен мандат. Во еден случај може да се продолжи, недај боже, во случај на вонредна или воена состојба, во повеќе случаи може да се скрати прво со оставка на пратеник, трето со одземање на мандат, четврто со самораспуштење на Парламентот, а Македонија би била единствената држава од демократските држави која што би била комплетно блокирана, која што би навлекла во комплетна политичка криза ако нема некој друг вентил, бидејќи вие тврдите дека само од вашата волја зависи прекинувањето на мандатот што не е точно, бидејќи е предвиден Институтот референдум. Според тоа, тезата ние сме избрани на 4 години паѓа во вода, бидејќи Уставот предвидел кога тој избор не може и не мора да трае 4 години. Верувам дека ова дотука би го прифатиле. Но, не прифаќате дека, не сите се разбира, оние што се јавуваат во улога на бранители или во улога на стопирачи на референдумкста иницијатива, не прифаќате дека Уставот предвидел преку народна, граѓанска иницијатива да ви се скрати мандатот. Навистина настанува интересна не само правна туку и морална позиција на Вашите тврдења, или на тие што тврдат. Народот ни даде мандат од 4 години. Ние сме должни да го слушаме тој народ, ама кога тој народ бара изјаснување за проверка или прекинување на тој мандат ние не го слушаме, сами одлучуваме. Тој народ во таков случај едноставно не постои. Дали навистина не постои тој народ и кога треба да се скрати мандатот ќе се обидам да предочам преку разгледувањето на другите таканаречени правни аргументи што се сервирани досега. Всушност, поминувам на вториот квази аргумент, а тоа е наводно Уставот не рекол дека референдумот се распишува за сите прашања, туку само за одделни прашања. Нашето тврдење е дека Уставот рекол неколку нешта во врска со референдумите кога се работи за тоа за кои прашања може да се одлучува поп пат на референдум. Имено, тој се изјаснил недвосмислено за следното:

VI/6.-

За кои прашања нема референдум преку инфлицитни одредби на Уставот.

Второ, за кои прашања нема референдум преку експлицитни одредби на Уставот.

Трето, за кои прашања е пропишан еден редослед за постапката за прифаќање на непосредната волја на граѓаните со примена на највисоко квалификувано мнозинство. И

Четврто, за кои прашања е пропишан друг редослед и постапка и тоа со примена на помало мнозинство од избирачите.

Четири модалитети за референдуми според овој Устав што го има усвоено на регуларен начин, со вистинска демократска постапка претходното Собрание.

Ако се чита правилно Уставот Не оставил никаква дилема кога и за кои прашања може и не може да се распише референдум. Да почнам по ред.

За кои прашања Уставот пропишал дека нема референдум преку имплицитни одредби. Листата е долга само ќе посочам примери. На пример, дали може да се распишете референдум за неплакање даноци и други јавни давачки. Еден дискутант ваш го употреби тој аргумент. Не може, член 33 од Уставот вели секој е должен да плака данок и други јавни давачки. Прво треба да го менува Уставот, па потоа да распишува референдум,.

Дали може на референдум да се бара укинување на приватната сопственост. Не може. Дами и г-да, член 30 од Уставот вели: "се гарантира право на сопственост и право на наследување.

Дали можеме референдум да се бара укинување на штрајк. Не може, дами и господа, член 38 став 1 од Уставот вели: се гарантира право на штрајк".

VI/7.-

Дали може да се закаже референдум некому да му се забрани правото на образованието. Не може дами и г-да член 44 став 1 од Уставот вели: "секој има право на образование". Може ли да се бара референдум за укинување на пазарот и претприемништвото? Не може. Член 55 став 1 од Уставот вели: "се гарантира слободата на пазарот и претприемчивото Тоа е друго прашање како се гарантира, тоа знаат стопанствениците многу подобро од мене. Значи, со имплицитни одредби забрането распишување на референдум не за овие уште за десетици, десетици други, прашања, но да не должам заради вашето време.

За кои прашања односно кое прашање Уставот пропишал дека нема референдум преку експлицитни одредби. Значи Уставот рекол и кога нема референдум преку експецидни одредби.

Нема референдум за измена на Уставот на Република Македонија бидејќи одлука за измена на Уставот донесува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број гласови. Член 131 од Уставот.

И нема референдум за пристапување на измени на Уставот бидејќи одлука за пристапување кон измени на Уставот донесува Собранието, исто така со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Друго е прашањето кој може да покрене иницијатива за промена на Уставот. Владата, претседателот на Републиката, 150.000 граѓани, но само како иницијатива, конечната одлука ја има Парламентот во врска со ова прашање.

За кој прашања Уставот пропишал експлицитна одредба за распишување референдум со еден редослед на постапките и со највисоко квалификувано мнозинство.

VI/8.-

Дами и г-да за евентуално менување на границите на Државата. Имено,Уставот во член 7 4 вели: "Собранието донесува одлука за менување на границите на Републиката со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број гласови, но одлуката за менување на границите на Република Македонија е усвоена на референдум доколку за неа гласале мнозинството од вкупниот број избирачи". Експлицидно референдум за кое прашање.

За стапување и истапување во и од сојуз на други држави со иста постапка и со исто квалификувано мнозинство. Член 120 од Уставот на РМ.

За кои прашања Уставот предвидел друг редослед на доаѓање до референдум, а со помало квалификувано мнозинство од овие два референдуми, за овие две прашања. За сите прашања за кој Уставот не се изјаснил, ниту инфлицитно против, ниту експлицитно за, туку им ги препуштил на слободната волја на граѓаните избирачи на

Република Македонија. За сите тие прашања важи член 7 3 со сите негови 4 става и ниту еден од тие 4 става не е проитвречен еден на друг. Значи, за тие одделни прашања, според член 73 став 1, кои не спаѓаат во претходно елаборираните Уставот рекол прво треба да се поднесат најмалку 150.00 0 предлози за некое одделно прашање, бидејќи не може за сите прашања да гласа референдумско прашање, туку за одделни прашања.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Дами и господа, па потоа Собранието задолжително да расапише референдум со наредниот став од тој ист член 73. И тоа за да биде успешен не е потребно мнозинство од вкупниот број избирачи, како за претходните два референдуми со конкретните прашања што се наведени во Уставот, туку мнозинство од половината избирачи што би излегле на гласање. Многу нешта предвидел уставот.

Според тоа, тезата дека не може да се распише референдум за изјаснување на граѓаните за предвремени избори, бидејќи не било запишани експлицитно, апсолутно не држи. Таквите тврдена се само во сферата на политичките и политикантските дневно политички играрии. Тие немаат место во сферата на правото. А ова е највисок законодавен дом на РМ и пред се правото мора да го има во вид на својата работа, во политичките партии надвор од овој Парламент можат да тврдат се и сешто да го убедуваат народот во се и сешто ако, се разбира, им верува тој народ.

Класичниот либерализам од Лок до Спенсер и нивните следбеници се определил за држава што ќе ја ограничува слободата на индивидуите тогаш и само тогаш кога е потребно да се заштитат базични, индивидуални права на други индивидуи. Базичните права во овој контекст кореспондираат со природните права. Соодветно на ова ниту едно општество, во кое овие слободи не се респектираат во целост, не може да се смета за слободно. И токму од едноставниот став дека постои претпоставка во полза на индивидуалната слобода следат елементите на либералниот правен систем.

Прво, кои се тие елементи и дали нашиот Устав се потпира на тие елементи. Прво, допуштеност на секој акт кој не е изречно забранет со закон. Значи, се е дозволено што не е забрането со Уставот и законите на државата.

Второ, затворена и само доволна природа на правниот систем.

Трето, недопусливост на законодавството со повратно ретроактивно дејство.

Четврто, раздвојување на судската и законодавната функција.

Нашиот Устав, дами и господа, ги прифатил овие либерални постулати, па така во член 8, став 2 е запишано: "Во РМ е слободно се што со Уставот и закон не е забрането". Прочитајте го, погледнете го, па се прашувам како би кренале два прста против оваа изречна одредба на Уставот на РМ.

Потоа, во член 82, став 4 се вели: "Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство освен по исклучок во случај кога е тоа поповолно за граѓаните. Член 9 8 вели: "Судовите се самостојни и независни". Значи, прифатени се сите основни начела на либералниот правен систем. Но, работите за да се заматуваат уште повеќе, како што беше погоре потсетено се дотураат и други вчудоневидувачки аргументи- Имено, се тврди Собранието не било надлежно за распишување на референдум за предвремени парламентарни избори. Тоа, имавме прилика да го слушнеме.

Дами и господа, Собранието и само Собранието е надлежно да донесе одлука за распишување референдум и од групата на експлицитно запишаните, тоа се за границите и за стапувањето во сојузи и од групата на имплицитно допуштените, не забранетите според член 7 3 и член 8 став 2 од Уставот на РМ. Ако вака се тврди дека Собранието не е надлежно да распише референдум некои малициозни луѓе би можеле да заклучат дека во РМ надлежни за распишување на референдум можеби се американскиот конгрес или претседателот Клинтон, Руската дума или Борис Елцин, парламентот на српско - горската федерација, парламентот на Бугарија или на некоја друга држава. На тие луѓе не им е доволен член 68 во кој децидно се наброени надлежностите на Собранието на РМ, а меѓу нив во став 1, алинеја 10 стои дека

VII/3

"Собранието распишува референдум како генерално право и обврска под условите што ги пропишуваат другите членови на Уставот. Исто така во прилог на маглата и матните води се тврди дека предвремени избори може да распише само претседателот на Парламентот по претходна одлука на самораспуштање на Парламентот. Апсолутно точно. Се согласуваме дека е така. Но, 100, 218 илјади граѓани не побараа веднаш да се распишат избори, туку да се распише референдум на кој граѓаните ќе се изјаснат дали се за предвремени избори, што би се одржале до крајот на годината. Откако граѓаните ќе одлучат на референдум ние веруваме дека овој, состав знае дека прво треба да донесе одлука за самораспушташе, а потоа претседателот според своите уставни овластувања да донесе одлука за распишување избори.

И конечно, да се спречи референдумот се посега и по едно друго прашање прашањето на суверенитетот. Беше истресено од ракав или не знам од каде на една од комисиите дека народот ви го пренел суверенитетот вам целосно во овие четири години, па затоа во овие четири години нема за што да го допрашувате, потпрашувате, консултирате и тн. На тие што тврдат вакви нешта им препорачувам да прочитаат нешто повеќе за теоретската и практичната еволуција на категоријата суверен, суверенитет. Да го прочитаат и член 2 и да го препрочитаат сто пати од Уставот на РМ, кој во првиот став вели: "Во РМ суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните'.' Да се потсетат и на став 2 од истиот член кој вели: "Граѓаните од РМ власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување. Одбивањето на оваа иницијатива, дами и господа, заедно со законот што го усвоивте за постапката за собирање потписи , заедно со високиот цензус за доаѓање до референдум запишан во Уставот во член 73, значат дефакто непочитување на концептот на граѓанскиот суверенитет. Непочитување на современата темелна концепција на самиот Устав. Ние рековме дека

тој Устав се потпира на либералната концепција што е добро за РМ. Да не се гледа ниеден друг член од Уставот, туку само член 2 доволно е со чиста совест да ги кренете ваши- те раце за распишување референдум. Уставот на РМ не е определен ниту за некаков државен суверенитет, тој што ги има, се разбира. Ниту пак за таканаречениот народен суверенитет. Државниот суверенитет ја става државата во семоќна положба во однос на заедницата, додека пак тезата за народниот суверенитет и дава на заедницата, или барем на мнозинството во заедницата положба на потполна надмоќ на граѓанинот поединец. Затоа во концепциите на модерната држава е дојдено до заклучокот дека секое сфаќање на суверенитетот во кое не се јасно заклучени границите или легитимниот простор на политичкото дејствување, може да води кон уништување на слободата на индивидуата. Затоа, теоријата за владеењето на правото не поаѓа од суверeноста на политичката власт како сам посебен даден факт, туку го поставува прашањето за суверeноста на политичката власт од аспект на основите на нејзиниот легитимитет, а легитимитетот пак, дами и господа, во денешно време се поместува кон законитоста. Со тоа, законот станува темелна категорија суверeноста на државата.

Дами и господа, благодарам што ме ислушавте, и ако имате некој од вас однапред оформен став, не аргументи.

Друга аргументација немам. Но, ниту оваа , ниту било која знам дека не може да го измени вашиот став Сепак, сонот дека Македонија еден ден ќе биде вистинска демократска држава ме тера да чинам понекогаш нешта што на прв поглед изгледаат залудно. Пред да ги подигнете вашите раце против референдумот, сепак би ве замолил малку да помислите која е цената на свесното кршење на базичните одредби на Уставот. Која е цената денес и утре. Што ни преостанува ако основна рампа за нашето однесување не се уставот и законите што од него произлегуваат. Што се случува ако ни затајува паметењето, а

Берксок рекол дека свеста е паметењето. Од нашата свест, ќе се сложите, не смееме така лесно да гн избришеме двата тоталитаризми. Едниот уништен со бомби, другиот со внатрешна експлозија. Но, кој вели дека не може да постои или претстои и трет, како што прашува Едгард Морен. Со апарат кој ќе располага со иста сакларизирана моќ и дух што колонизира Не кршете го Уставот за да бидете ден повеќе на власт. Ако денес тој е жртва, утре сме сите ние. На запаѓајте како орган во состојба на политичка каталепскија само затоа што вам малку ви е подобро. На главните кројачи на сето ова многу добро, а на мнозинството граѓани многу лошо. И немојте на другите да им го правите она што не сакате вам да ви го прават. Не правете ново свето семејство ампутирано од утробата на мајката, водено од семоќниот татко со бројни синови кои чекаат само тој да им е заврши работата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, бидејќи имавте прилика да ислушате две долги излагања, предлагам пауза до 15,00 часот за да можете да се подготвите за дискусија.

(паузата почна од 13,30 часот)

(По паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Молам, кој се јавува за дискусија?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Оптирањето изборот на различните можности што денеска имавме прилика да ги слушнеме се основа на повеќепартискиот систем и поаѓајќи од најдемократското начело"когедатионеспоеномпатитур" "за мисла никој не треба да биде казнет" денеска нема да не уплаши ни арогантната, ни острата дискусија на предлагачите на иницијативата пред Парламентот да го кажам по мои сознанија и сфаќања Уставот на Република Македонија се во границите на почитувањето на Уставот кое е и наша должност по членот 51 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Поаѓајќи од основните постулати во градењето на парламентарната демократија, ние донесовме Устав кој Устав е јасно нормативен, прецизен и кој во суштина ги постулира основните институции на системот од една страна, а од друга страна, не отвора простор различно да се толкуваат одредбите на Уставот, а тоа не значи дека неговата краткост и јасност го намалува регулативниот капацитет на самиот Устав и го носи Уставот да не биде флексибилен да ги решава сите случаи кои ќе се случуваат во иднина.

Од тука, сметам дека денеска треба правно да се одговори на прашањето дали покренатата иницијатива има уставен основ и Собранието дали може да донесе таква одлука за да распише предвре-

мени избори, односно да распише референдум за отпочнување со предвремени избори во Републиката.

Поаѓајќи од членот 73 каде во суштина кажува, го објаснува самиот систем на референдумот, кажува: Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници. Одлуката на референдум е усвоена ако за неа гласаат во мнозинство од избирачите кои гласале, доколку гласале половината од вкупниот број на избирачи. Собранието е должно да распише референдум кога предлогот ќе го поднесат најмалку 150.000 избирачи, одлуката на референдум е задолжителна.

Поаѓајќи од самиот член 73 став 1 кој упатува на членот 68 од Уставот на Република Македонија, каде Собранието на Република Македонија дефакто ја утврдува надлежноста и делокругот на Собранието. Поаѓајќи во позитивна енумерација на сите одредби, читајќи ги сите посебно и сите заедно во една логична целина, таква надлежност на Собранието Уставот не му дозволува. Да донесе одлука за распишување на референдум за распуштање на Парламентот.

Поаѓајќи од членот 6 3 ставот 6 каде кажува: Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број на пратеници, тоа значи дека Собранието во конструктивниот дел на Уставот е решено прашањето дека за ова прашање единствено Собранието со 61 глас може да го распушти и само на тој начин да се извршат избори како што предвидува ставот 3 избори на пратеници во Собранието се одржуваат во последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав, или во рок од 60 дена од распуштањето на Собранието.

VIII/3.-

Сметам дека овие уставни постулати не држат одредбите било какво квалификување на одредбите дека со референдум може да се распушти Парламентот.

Поаѓајќи од членот 61 каде во Собранието на Република Македонија претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт, поаѓајќи од тој факт и во логичен силогизам на членот втори ставот први каде што кажува во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните, граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување, кажувам дека нашиот Устав тука се определил за претставничката демократија, а тоа значи дека со самиот чин на изборот граѓаните носители на суверенитетот го пренесуваат суверенитетот на граѓаните на кои тие им го дале правото на избор да ги претставува во Парламентот.

Во ниедна современа земја, каде сите носители на суверенитетот можат непосредно да ја вршат власта, туку тие преку из- борот на своите кандидати во суштина го пренесуваат суверенитетот и му даваат право на тој носител на таа власт која е утврдена со Уставот да може тој да одлучува. Врз таа основа претставништвото на пратениците се сврзува со граѓаните, со што се обезбедува темелот на таканаречениот слободен мандат, имено не е предвиден институтот отповик во членот 62 во Уставот на Република Македонија, со што уставно решение за неотповикување на пратеникот се поврзува со стандардот на сите парламентарни режими. Се разбира, мандатот на пратеникот не е неприкосновен, тој може да биде одземен од повеќе причини утврдени со Уставот: ако му биде изречена казна најмалку пет години и т.н. да не ги

цитирам сега сите членови и одредби од Уставот. Од тука сметам дека прифаќајќи го моделот на парламентарен систем во земјата не стои дека пратеникот може да биде отповикан каде што во членот 62 од Уставот на Република Македонија тоа крајно го дефинира во Републиката.

Посебно што сакам да нагласам е тоа дека паѓајќи од уставните определби во Република Македонија имаме два вида на референдум, едниот е задолжителен референдум утврден во членот 74 кога Собранието задолжително од својата надлежност, повторно зборувам, заради менување на границите на Републиката, тогаш по сила на Уставот тоа е задолжително, мора да се распише референдум, иако одлуката ја донесува со 2/3 мнозинство, или во членот 120 каде заради спојување во Сојуз, или заради спојување со друга држава повторно одлуката ја донесува со 2/3 мнозинство, но во суштина и таквата одлука треба да оди на референдум и во членот 7 3 став 2 каде се кажува: доколку граѓаните со 150.000 потписи ќе дојдат тука Собранието е задолжително да донесе одлука за распишување на референдум, но сепак бидејќи предлагачите почесто го толкуваат тој член 73, но никако во еден логичен силогизам да ја протолкуваат одредбата од членот 73 каде што се и кажува: Собранието одлучува на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Надлежноста на Собранието е утврдена во членот 68 за сите прашања од таа надлежност, иако не стои теоретска, ниту практична можност за сите прашања во членот 68 Собранието да распише референдум, затоа во членот 73 тој јасно рекол дека за одредени прашања, тоа значи не за сите прашања и во членот 63 каде е конститутивниот дел на органите изрично го решава Уставот каде што рекол дека Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството

од вкупниот број на пратеници. Од тука, не држат правите квалификации на членот 8 во темелните вредности, последниот став каде што кажува дека се што е со Устав и Закон не е забрането, е дозволено, тука дефакто, во членот 63 последниот став Уставот го забранил да може тоа прашање да е дозволено, туку го решил на начин како што го решил, а тоа е со 61 глас да може Собранието да се распушти. Мислам дека тука станува збор за едно просто правно прашање, кое Уставот јасно го решил и не отвора простор за било каква правна квалификација во материјалната примедба на одредбите на Уставот и од тука сметам дека таквата иницијатива, без разлика од колку граѓани е потпишана, бидејќи ако појдеме од членот 51 став 1 и 2 каде што кажува дека секој треба да го почитува Уставот и законите во Републиката почитувајќи го Собранието, Уставот на Република Македонија како највисок правен и политички акт таквата иницијатива треба да ја одбие како иницијатива која нема уставен основ за да се распишат избори, односно да се распише референдум за предвремени избори.

**РИСТО МАСЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Предложената граѓанска иницијатива за распишување референдум за предвремени избори доставено од Демократската партија и ВМРО-ДПМНЕ за мене нема никаква уставна основа. Уставна пречка за распишување на референдум на таков начин, пред се е член 64 став 2 од Уставот на Република Македонија, каде се вели дека пратеникот не може да се отповика. Во оваа уставна одредба децидно е кажано дека пратеникот не може да се отповика по никој основ, што значи ниту по основ кој што го предлагаат подносителите на оваа иницијатива.

VIII/6.-

Уставот на Република Македонија, предвидува само една можност на предвремени избори, а тоа е дадено во член 63 став 6 од Уставот на Република Македонија, каде е кажано дека Собранието ќе се распушти кога за тоа ќе се изјаснат мнозинството од вкупниот број пратеници.

Друга можност за предвремени избори, согласно Уставот на Република Македонија не постојат. Ваква уставна решеност за предвремени избори дадена е во член 63 став 6 од Уставот, всушност ја дерогира, односно суспендира можноста која што ја предлагаат подносителите на граѓанската иницијатива, со распишување на референдум да се предизвикаат предвремени избори. Повикувањето на предлагачите на член 7 3 од Уставот, а тоа дека Собранието е должно да распише референдум, доколку за тоа се изјаснат најмалку 150.000 избирачи, не се однесува и на референдум за изјаснување на граѓаните за предвремени избори, затоа што Уставот во член 63 став 6 е јасен и прецизен во одредбата каде што се вели дека Собранието ќе се распушти само тогаш кога за тоа ќе се изјаснат мнозиснтвото од вкупниот број пратеници. Аналогно на таа уставна одредба не може во тој поглед да произведе и правно дејство ниту член 6 од Законот за референдум, кој во став 1 вели дека Собранието ќе распише референдум кога се работи за промена на граници- те на Република Македонија, кога се работи за стапување во сојуз со други држави или истапување од сојуз од други држави и кога се работи за распишување на јавен заем. А во член 6 став 2 од Законот за референдум се вели дека Собранието задолжително ќе распише референдум ако за тоа се изјасниле најмалку 150.000 избирачи, а за прашањата од негова надлежност и бидејќи во одредбата на член 68 од Уставот на Република Македонија каде се зборува за надлежност на Собранието и каде што се таксативно наброени надлежностите на Собранието, не стои таква надлежност на

Републичкото собрание и таквата можност е ограничена фактички и забранета во член 63 став 6 од Уставот на Република Македонија.

Од тука, сметам дека се неспорни одредбите на член 62 став 4 каде што се вели дека пратеникот не може да се отповика, како и член 63 став 3 и 6 од Уставот на Република Македонија, кој што не дава таква можност за предвремени избори како што тоа го предлагаат предлагачите на оваа иницијатива. Ова од уставно правен аспект. Од политички аспект сметам дека овој Парламент е составен од повеќе политички партии застапени преку непосредно избраните народни претставници, а кои што ја претставуваат волјата на мнозинството од избирачкото тело на Република Македонија, избрани во демократска постапка. Правото на определба на оние избирачи кои се изјасниле за овие народни претставници сметам дека никој не може да им го оспори, а најмалку подносителите и претставниците на оваа иницијатива од една страна. Од друга страна, во Република Македонија не постојат ниту парламентарна, ниту владина криза, ниту блокираност на виталните институции на системот. Предлагачите пак на оваа иницијатива, покрај голо доставената иницијатива не нудат решение за подобра иднина и прогрес на Република Македонија. Напротив со некои свои заложби кои што ги најавуваат во јавноста можат да ја вратат Република Македонија неколку години наназад. Згора на тоа во поднесениот предлог и на оваа седница не предлагаат што би направиле за подобар живот во Република Македонија, веројатно стабилниот денар би го замениле со нестабилен, односно би предизвикале инфлација, како што рече еден од предлагачите.

Трето, предлагачите на иницијативата зборуваат дека во Република Македонија има застој на демократијата. А сите сме свесни

дека нивната акција за собирање на потписи течеше без никакви проблеми и демократски, иако тие собирачи на потписи го кршеа уставното загарантирано право на неповредливост на домот, односно станот. Од тука сметам дека Собранието на Република Македонија постапувајќи согласно член 62 став 4, 63 став 3 и став 6 од Уставот на Република Македонија да не донесе одлука за распишување референдум по прашањето на предлагачот.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани гости.

За мене денес ова е една историска седница на Парламентот на Република Македонија затоа што ние дозволивме ова прашање и бевме толку широкогради, се однесувавме европски и предлагачите да бидат тука присутни и со неограничено време да зборуваат, да кажат она што сакаат да кажат. Тоа значи дека во Република Македонија постои демократија. И секој кој би се пожалил на ова би згрешил и ќе биде срамота за него да каже дека нема демократија, а ние денеска слушавме час и час ипол време излагање од моите добри пријатели, поранешни колеги и сегашни колеги можеби, тоа се наши луѓе, пак сме тука во Македонија.

Јас не би се осврнал воопшто на Уставот и на некои член од Уставот дали имаат право или немаат право. Што кажува овој член или што кажува оној член. Меѓутоа, би кажал нешто во врска со дискусијата на двајцата дискутанти што ги натерало за да се дојде до ова и што се се искажаат пред Парламентот на Република Македонија, овде пред новинарите и секако пред граѓанството на Република Македонија. Што е тоа што го кажаа. Ако се сеќавате после изборите односно пред изборите

дека изборите се фалсификувани. Тоа не успеа. Странската мисија потврдија дека изборите се во ред. Помина долго време од тогаш наваму. Сега пак, тие знаеја и сите други политички субјекти знаеја дека во Македонија ќе настане една голема социјална тензија и веројатно за тоа се напушта политичката сцена за да не се вика УА по нив. И наместо да се рече алал нека им е на овие што се зафатија во овие тешки моменти за Република Македонија, колку толку да ја средат ситуацијата, таа сиромаштија, таа беда, зашто транзицијата не е лесна работа. Вие се сеќавате некни какво пратеничко прашање поставив овде. Јас ќе го повторам во проценти колкав дел од нашите капацитети се рамни на западните, од аспект на производство, продуктивност и тн. Или со мала реконструкција и модернизација колкав процент е тој што можат да бидат рамни на западњаците. Или колкав процент се старо железо за фрлање. Колку пари ни треба за инвестиции и тн. Ако на широките народни слоеви, на народот му објасниме и им кажеме дека ние бевме многу лошо опкружени ако признаеме дека тоа денеска е така, а така е, бевме лошо опкружени, немаме кај да одиме, немате што да произведуваме, немавме пазар, нашите пазари беа затворени и наместо сега од нас да земат затоа што ни се отворени пазарите, сигурно тие пет години тие нашле купувачи, односно добавувачи, тоа значи многу тешко ќе ги повратиме тие купувачи наши. И ќе треба повеќе време да помине, дури да ни се вратат работниците назад. Дали приватизација или неприватизација не е важно, главно ќе помине време за да дојде до таква една ситуација. Тоа е основното мото. И мислам дека е гревота и срамота е, јас тоа некни го реков и пред УНПРЕДЕП и пред луѓе од политички партии дека е срамота и гревота во овој момент кога луѓето страдаат, кога луѓето немаат работа, кога пензионерите не можат да

земат, а тој што се разбира од економија знае како се создаваат пензиските фондови. Тие не лежат таму во некое ќоше и на пензионерите сакаме или не сакаме да им дадеме. Ќе им дадеме или нема да им дадеме пари. Туку со подигањето на личниот доход се издвојуваат и средства за општествените потреби. Јас овде ќе употребам една работа која што не е од сега, туку е од по- рано. Ако во 1989 година вкупниот приход го земаме со индекс 100, а потрошените средства без амортизација 63 сите други давачки, законски договорни обврски и даноци од доход и тн. 17%, амортизацијата ако учествуваше со 7%, а нето личниот доход само тој е тоа што го стававме во цеп 14% од вкупниот приход, остаток некаде во просек 3% и ова се вкупно собрано е 105 индексни поени. Тоа значи немаше акумулација ни интерна внатре во работните организации, ниту пак општа општествена акумулација на државата. И секогаш беше ударен пораз, односно секогаш ударен пад на производство. И сега дали со промена на владеачката гарнитура, дали некој ветува дека ова веднаш ќе се смени за месец, два, три овде, само ружи и не знам што ќе цветат и ќе биде општата ситуација таква пензионерите на 12 пензии, 15 пензии ќе земаа. Овие плати што се вакви ќе бидат 40, 50, 60, 100% поголеми к цела Македонија ќе биде не знам каква. Не, Македонија ќе мора да чека, а ние ќе мора да се ангажираме, нашата Влада ќе мора да се ангажира, нашите граѓани ќе мора каишот да го стегаат и ние лека полека ќе се развива- ме, но ќе мора да го дадеме тој квалитет што го дава Запад. Да ги заработи тие 2000 марки овде, наместо во Германија, а тоа значи добро е и тоа треба да се цени од тие што не се во Парламентот дека ние сме членови во Обединетите Нации, членови во сите други институции, членови на ММФ, на Светската банка, на Европската банка и добро е што луѓето лека полека ни помагаа, а сигурно ќе дојде уште поголема помош, па

каде сте од 80 милиони со 1% камата и 20 години виделе на пример кредит грејс период.

**ФАИК АБДИ**: (Продолжение)

Значи ќе треба ние меѓу себе да не се јадеме, да не си ја поделуваме државичката. Ја створивме со триста белји, ја створивме така да се спасиме од војна, а ние сега сакаме да се јадеме сега внатре без гаранција дека еве утре ќе биде подобро. И срамота е да собираме надвор луѓе и што би било секоја партија да вика луѓе надвор, тоа дали треба да биде граѓанска војна, или што треба да биде не знам што? Тоа не ни личи на нас, не ни личи ниту на годините, ниту на степенот на стручноста и степенот на образованието. Уште помалку што големи политички партии и сме на некој начин водечки личности во Парламентот, односно во своите партии.

Сакам да кажам уште нешто. Јас сум убеден во себе си, длабоко убеден дека од тие 220.000, 230.000, 250.000 потписници има еден добар дел од политички партии сигурно. Тоа не може да се рече дека не е. Сигурно има и од тие пролетери, срамота е што го кажувам тоа во овој Парламент, но тоа се пролетери, нема ништо, гол пиштол, копуци. Три месеци, четири месеци плата не примил, тој е копук, нема што да јаде, за корка леб, така е тоа да се разбереме, имаме сиромаштија. Ќе потпише тој мислејќи утре веднаш ќе биде, што знам што ќе биде, нема да биде утре, има време да биде, со труд се заработува, со работа, со промена на капацитети, со реконструкции, со модернизации. Имаме време на роботизација и компјутеризација, а ние овде зборуваме во нивно име дека не сме им платиле, фабриките, приватизацијата, изволте ако знаете некој кој што краде, кој што пљачка, кажете го по име и презиме. Мојот колега Амди некни праша дали има мафија во Македонија. Многу отворено прашање Владата нека размисли нека види што е тоа, јас пак и не знам што е тоа мафија, кобајаги не знам. Еве да изнајдеме дали има ракетари, да видиме дали има ракетари, да ја средиме државата, да не

ни пропадне државата, а плус сами меѓу себе се јадеме тука. Замислете есен, замислете како што бараат добрите колеги избори, замислете локални избори и правиме нови општини, не знам што, леле ама сме биле богати. Па дури се спомнува, јас го реков тоа колку чинат новите избори, а и поубаво е, за изборите од 1994 година колку пари потрошивме и тоа трите најголеми партии Сојузот, ВМРО и Партијата на Петар Гошев. Пари без мерка се потрошени, за политички програми, во секој град митинзи, слики, плакати, едно кини друго лепи, едно кини друго лепи, тоа се се пари. Камо тоа да им помогневме на некои кои што немаат пари. Па и сега тоа ќе биде. Значи, сакам да кажам дека се чини, се кошта, се со пари. Па ајде ако сме економисти ние мора да водиме сметка за секое денарче да го чуваме до крај или да го вметнеме во процесот, тоа да се оплодува, а не да го фрлиме онака. Јас сметам дека оваа иницијатива што е покрената и со вакви аргументи што народот ги слуша тие аргументи кобајаги ова викам јас кобајаги дека е така заради тоа што опростете неекономисти да објасни некоја економија на Македонија, далеку од тоа, мислам дека тоа не е во ред. Нека не се лаже граѓанството на Република Македонија па и овде некој пратеник дека ако случајно што ја знам биде што, па ќе живееме незнам како. Не е тоа, тоа. Се бара работа, мотика, а не без мотика леб. Јас сум за тоа ако има такви апашишта да ги речам вака опростете со овој збор нека се кажат, да видиме кои се. Ние знам имаме во Парламентот и опозиција. Јас не знам да речеме што став ќе имаат тие. Тоа е нивна работа. Меѓутоа да донесе една ваква пресудна работа кога цел свет ни завидува на нас што ние мирот го добивме без ниеден куршум. Јас ве молам, без ниеден куршум, ние мирот го добивме, државичка добивме и ова да не го цениме, да го расипеме, срамота. Како ќе излеземе утре пред нашите внуци. Оставаме многу лош впечаток на  нашите внучиња. За што иако

овде платите ваши, не е тоа за платите ваши, јас сега напуштам одам во фабрика Комуна, таму ми е местото, дали се оди на помалку или се оди на повеќе не е важно, јас ќе прож веам. Мислам дека секој од нас има свое работно место, туку ова е држава и не смееме со државата да си играме. Државата е огин, малку ако, забухти, отиде. Ние не смееме целата одговорност лежи кај нас овде парламентарците. Јас просто ги молам покренувачите на оваа акција посериозно работата да ја сфатат, ќе дојдат нови избори, ќе дојце 1997, 1998, има дана за мегдана "биди ербаб, јади пиљав", влези во Парламентот тоа е тоа, но за тоа треба време. Јас се извинувам со моите зборови ако сум навредил некого, меѓутоа јас мислам дека сум ја кажал вистината, како јас ја гледам вистината. Можеби мојата вистина не е добра, можеби е многу директна и знам дека еден добар пријател мој колега, новинар малку ми замери што некни на телевизија имаше, јас да ви кажам право не гледам десетина, дванаесет дена ниту телевизија, ништо, имам гости, ќерка ми е од Австралија дој- дена на гости. На телевизија имало и јас сум рекол дека.... Воопшто не сум за нови избори. И "ти се лутам, многу си искрен" и тн. Па јас и сега не сум, не сум заради тоа што леле ако јас одам од овде ќе цркнам, готово, нема што да јадам. Не е тоа, може и повеќе пари ќе земам, имам јас каде да одам. Е сега дали секој може така, тоа е друга работа, нека се снајде секој. Мој предлог е, ги консултиравме сите иако имаме мала партија имаме 34 ограноци, по телефон ги консултиравме извршно биро во никој случај нови избори. Кога ќе дојде време тогаш, а се спремаме за на есен. И пак ќе повторам ако има нови избори ние сме во ќар како ПЦЕР. Можеби еден двајца можеби уште повеќе пратеници да имаме овде, најмалку уште еден, се знае, меѓутоа нема потреба. Не поаѓам од тоа како ПЦЕР ќе помине не од тоа, ова е

Република Македонија, држава е ова.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на иницијаторите, претседателот на ВМРО господинот Љубчо Георгиевски и Петар Гошев, претседател на Демократска партија.

Сакав да кажам неколку збора во врска со иницијативата и нашата денешна задача свесен за тоа дека е малку незгодно да се биде пратеник и да се дискутира за оваа проблематика, но и покрај тоа бидејќи сме ставени во таа положба мислам дека сме должни да го кажеме тоа што совеста ни ја кажува јавноста и инаку да речам и другите анализи историски нека си го ценат тоа понатаму. Јас нема да се задржам многу на правната страна бидејќи мислам дека има подбори правници овде присутни, постручни и веќе се искажани главните работи околу правната страна. Ќе се задржам само на едната точка која за мене е клучна и други и морално прашање за мене лично. Имено јас тргнувам од себе, дали моите избирачи мене имаат право да ме отоповикаат. Според членот 62 тоа право тие го немаат. И сега прашувам бидејќи веднаш да кажам тогаш и како советник на една партија, а и лично со писмо до Собранието се обративме кога се усвојуваше Уставот тој член да не се усвои така, туку да гласи дека пратеникот може да биде отповикан за време на мандатот ако тоа одреден ценз на избирачи негови конкретно го бараат. Тоа не се усвои, претставниците на иницијативата се тука присутни, тогаш не се изјаснија за тоа. И сега јас прашувам каква е сега можноста да ние не сме се заложиле да конкретниот бирач го отповика конкретниот пратеник, а да биде можно што јас со голема почит се однесувам кон сите иницијативи особено на голем број избирачи да тоа биде право на апстрактен бирач кон

апстрактни пратеници, односно кон глобала на пратеничкиот состав. Тоа е мојата правна логика и од таа гледна точка тргнувам дека Уставот и уставотворецот тоа го имал предвид дека не е можна освен во тешки кризи кога самото Собрание не може да дејствува, според тоа се отповикува, да се отоповика целото Собрание. Но, јас повеќе би рекол неколку збора за политичките аспекти на самата иницијатива и можеби за некои вака мои согледувања од прилика за тоа што се целите, кон што се тежнее и што од прилика би добиле, односно последиците што би биле.

Прво мислам дека треба да биде начисто дека иницијативата не е граѓанска туку е партиска и мислам дека не е срамно тоа да се признае бидејќи партиите тоа право го имаат, тие се составени од граѓани и тие имаат право на граѓаните да им сугерираат одредени свои гледишта и предлози.

Второ, мора да се констатира дека партиите иницијатори на оваа иницијатива на добар начин во добро време во соодветен момент ја искористија политичката прилика и на тој начин тие се здобија со еден рејтинг кој да кажам во периодот помеѓу изборите и досега односно до почетокот на оваа иницијатива скоро беше замрена. Јас сега ценам дека тие со оваа иницијатива две работи направија. Прво го искористија политичкиот момент кој што беше даден во дадениот момент, а ќе објаснам кои беа тие моменти. И второ, докажаа јавно дека се пишман што во вториот круг не учествуваа и не влегоа во Парламент макар со помал број пратеници бидејќи сепак тука се гради политиката, тука сме пред општеството, тука сме пред јавноста, тука ја изразуваме сопствената одговорност и сопствениот однос кон се. И мислам дека тоа е позитивно, не е тоа негативно и мислам дека тоа треба да се уважи. А што беа политичките моменти кои што беа добро искористени.

Тоа беше пред се кризата во Сојузот за Македонија која што им даде шанса сега дел од симпатизерите и членовите на другите партии да се приклучат во иницијативата што е нормално, бидејќи дојдоа до одредена дилема и самите. Второ, беше изјавата на претседателот на Републиката која во моментот јасно беше со загриженост кон состој бата во Сојузот која исто така одреден број луѓе така да кажам ги натера да размислуваат дали евентуално една таква иницијатива може овие работи малку да ги рехабилитира, односно на еден начин политичката кондиција на Републиката да не губи од својата сила. И сето тоа земено заедно мислам дека добро беа искористени на некој начин партиите иницијатори дојдоа на виделина на еден повисок ниво отколку што беа реков во овој меѓупериод. Меѓутоа нека ме извинат бидејќи се тука, а јас сум искрен, а со господинот Гошев и лично се знам и сме соработувале со задоволство во одредено време да кажам дека лично мислам дека тие исто така не се убедени од голема политичка корист иако се оди на изборите сега. Еве од кои причини. Да претпоставиме дека денес ние да ја прифатиме иницијативата иако има уставни пречки за референдум. За да дојдеме до референдумот ќе ни требаат седум месеци, до крајот на годината. Да претпоставиме дека референдумот ќе биде позитивен што јас тврдам, еве ќе докажам дека е обратно, дека ќе биде позитивен, ќе ни требаат уште колку месеци за организирање на изборите. За организирање на идните избори ќе ни треба најмалку два закони да менуваме, Законот за изборите и за изборните единици бидејќи имаме друга организација на Републиката. Колку ќе ни треба време за тие закони. Според тоа самите иницијатори исто рака не се убедени дека можат да обезбедат редовни мислам нормални избори во време пред отколку што е близу време до редовните избори што ќе бидат после две години. И да не се залажуваме сега јас знам нам ни треба сега политичка

така да кажам политичка рединамизација и мислам дека е добро што го тоа користат тие, бидејќи тоа се партиите, но сигурен сум дека потсвесно и тие мислат дека нема да се дојде до нормални избори пред нормално време. Од проста причина еве овие процедури кои што мораат да се спроведат. Меѓутоа, паралелно со тоа се зема еден голем ризик, ризикот е од два аспекта. Прво е што мислам дека една ваква иницијатива требаше во најмала рака да биде пропратена со една политичка платформа за причините поради кои се бараат предвремени избори и целите кои што ќе се постигнат откако тие предвремени избори ќе успеат и откако ќе дојдат на власт иницијаторите што ја покренаа иницијативата. Ние тоа го немаме досега, а дозволете од ова што го слушаме овде на трибина, барем ова што чув за економските аспекти на критиката на состојбата морам да ви кажам мојата дефиниција е следна. Економски беше некој вид неоегалитаризам кој не може да се прифати, а политички некоја си така да кажам полуанархија за која не се знае каде се основните постулати на стабилноста на системот. Така што мислам со една таква концепција незаокружена само врзана за критика за она се што не чини а морам да признам дел од таа критика мене ми лежи бидејќи мене ми останало нешто од егалитаризмот и сакам биланс меѓу трудот и капиталот да постои, сеедно што ќе се вика капитализам, меѓутоа тој има параметри. Ако Георгиевски тие работи не ги знае добро, господинот Гошев треба да ги знае подобро. Мислев дека треба тоа да се дадат елементите за тоа нешто, треба да се дадат. И на тој начин ние целата јавност да ја анимираме на начин кој што води од еден помалку стабилен кон една постабилна организација на општеството. И се надевам сега пак тврдам дека не е пак губиток и двата чинители на иницијативата за ова меѓувреме сами ќе се постават, ќе се исправат

пред задачата овие нешта да ги постигнат барем за редовните избори да бидат подготвени, бидејќи се покажа веќе неколку пати дека само со напад без заокружена, понудена концепција веќе не може да се успее во идните избори. Нашиот граѓанин веќе созрева и тој не прима прости пароли од сега натаму и проста пцовка да не кажам критика само на другите, тој бара да се види заокружен концепт на политичкиот чинител кој тоа му го нуди.

И на крајот сакам уште ова да го кажам. Голем ризик е во овој момент да се оди во одредена така да кажам парламентарна криза и владина и се друга за меѓународните аспекти и положба на државата. Мислам дека таков ризик може да се преземе ако малку се намали чувството на одговорноста кон денешнината и иднината на сите граѓани и на државата во целина. Мислам дека не се точни констатациите дека има застој во продорот на Републиката на меѓународен план. Ние и денес ратификувавме еден договор кој потврдува нешто за што еве кажав еднаш да повторам прв пат и добро е, со големо задоволство констатирам дека е постигнат општ консензус, и политички и социјален и национален и регионален и тн. Мислам дека за секого е јасно дека секое влегување во било каква парламентарна криза е апсолутен застој и на некој начин враќање, ретерирање на меѓународниот фактор од низа потези кои што спрема нас ги има или има намера да ги наметне. Од таа гледна точка во свое име и во име на субјектот што јас го претставувам во овој Парламент мислам дека и уставна и политички не е препорачливо и нема потреба да се оди на референдум, за избори и така и така се доближува регуларно време, дај да се припремиме сите сериозно па на тие избори нормално да ја делиме да кажам и власта и правдата.

**РАТКА КУЉАН ЗОГРАФСКА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, колеги.

Ми пречи и постојано реагирам кога здравството се инволвира во политички маркетинг било да е во позитивен или негативен политички маркетинг, каков што сега беше инволвиран. Имено, инволвирана сум јас во хуманитарната помош што стигна во Македонија од 1992 година и ја следам. Бидејќи работиме комплементарно со другите хуманитарни фондации и со Министерството за здравство имам точна информација колку хуманитарната помош учествуваше во доходот во делот на здравството. Имено, во 1993 година тоа учество било 7,14%, во 1994 година било 8,8% а во 1995 година е спаднато на 1,5% на наша голема радост. Чувството на зависност од хуманитарната помош подолго време не постои, што значи дека тврдењето дека здравството е зависно од хуманитарна помош е неточна.

Уште една работа ми пречи и поттик за дискусија не ми е иницијативата 150.000 потписи ниту од уставен или од правен аспект ниту од меѓународен, туку односот кон таа иницијатива на различните и особено на определени општествени групации и политички структури во Република Македонија.

Вонапарламентарната опозиција или иницијаторот на оваа акција под претпоставка на веродостојност смета или калкулира со сегментот на објективно незадоволни граѓани само невработените и стечајни работници доволни се за употреба, го ставам под наводница зборот, но сметам дека постои употреба или злоупотреба во ваквата акција. Придружен феномен или болест на времето во кое живееме, а тоа е распадот на големите производни системи или објективно високиот процент на луѓе без работа во определен период постои, се разбира, дека никаква споредба со соседни или други земји поразвиени, побогати со стопанство со подолга традиција, не може да им го олесни на секој поединец поодделно совладувањето на секојдневјето во борбата за

X/2.-

егзистенција лична и на неговото семејство. Се разбира никој во државава не е среќен заради таа состојба, но не е точно дека овде некој ветувал мед и млеко. Тоа е втората неточност која сакам да ви ја потенцирам.

Напротив, категоријата претпоставена загуба постои и при помали реформски зафати одошто се овие во нашиот систем. Таа загуба се очекува, се планира и се решава паралелно со зафатот што ја предизвикува. Ниту еден невработен во Република Македонија кој е невработен не по своја вина не е вон грижата на државата. Реформските зафати беа следени со социјални програми, господа пратеници, за кои гласавме овде и кои се спроведуваа паралелно со реформите во стопанството. Би можеле да зборуваме за тоа дали е таа грижа доволна или не, да зборуваме за параметри кои ќе ги објаснуваат или ќе ги поткрепат тврдењата дека сите варијанти од тоа дека е добра, до тоа дека не е добра грижата, но во мојата бранша, во нашата тешка професија, почитувани колеги, многу често се среќаваме или се соочуваме со проблемот на очекувана загуба. Бидејќи и општеството е организам кој треба да функционира, она што сакам да ви кажам дека таа загуба очекувана ни во еден момент не не колеба во тоа да апстинираме, да го направиме зафатот кој сме решиле да го направиме.

Втора работа, пак се навраќам на употребата овие планирани загуби не смеат да се употребат или злоупотребат во однос на него, во однос на планираниот зафат.

Работејќи во оваа професија, а живеејќи во ова општество знаејќи ја историјата, а паметејќи ги скорешните настани не сум согласна со употребата на акцијата 150.000 потписи.

Втора работа со која не сум согласна тоа е внесување не само на терминолошка, туку ни на фактографска конфузија во овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Биљали.

Не е тука.

Х/3.-

Има збор г-динто Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Почитуван претоедателе, колеги пратеници, почитувани гости,

Јас своето излагање ќе го поделам во два дела

Прво, мое видување на правно - политичкиот аспект на иницијативата и

Второ, осврт на дискусиите околу тоа какви се состојбите во Македонија според претставникот на потписниците на граѓанската иницијатива.

Од се што е кажано Јасно произлегува дека овој Парламент нема обврска да донесе одлука за распишуваше референдум за прашањата - Дали сте за нови избори, бидејќи одредбите од Уставот за тоа се јасни и елаборирани и јас не би сакал истите да ги повторувам.

Сигурно е дека Уставот не случајно не дава таква можност граѓанската иницијатива да биде причина за распишување на референдум, бидејќи со тоа во секој момент би имале такви постапки, редица на такви постапки би рекол, затоа што јасно дека после секој избор веднаш ќе следи активност за собирање на 150.000 потписи и тоа ќе оди во недоглед и некаде изјавив дека непрестано би се играле една масовна народна игра наречена - Дали си за референдум за нови избори. Какви импликации и штети би имала оваа држава од тоа навистина можеме да претпоставиме, бидејќи сепак некој мора во оваа држава да работи ако сакаме просперите Не случајно поради тоа скоро ни еден парламентарен систем, ниту сериозна парламентарна демократија таа институција ја нема во својот устав.

Јасно е, барем мене ми е јасно зошто ВМРО-ДПМНЕ ја отвори оваа иницијатива и што очекува од овој нелегитимен Парламент на кој се обраќаат со, како што беше воведното излагање кажано со огромна надеж. Очигледно е дека се увиде грешката во претходниот изборен период, па би рекол и предизборен и изборен период, па и со самото откажување на изборите, па како што рече еден од претходните

дискутанти пишманлакот постои. Почувствувано е што значи вонпарламентарна опозиција, какви се можностите на вонпарламентарната опозиција, сите се учиме на демократија, па им се чини предолг периодот од 4 години за да бидат во сенка. Се разбира тогаш дај да отвориме иницијатива ако не друго барем на својот електорат на граѓаните ќе им покажеме дека сме живи и активни.

Симпатична е, за мене, причината наведена во обраќањето дека една од причините е распуштање на Сојузот односно расформирањето на Сојузот за Македонија, симпатична ми е грижата за тоа, бидејќи таква грижа и каква совест не проработела кога на низа општински коалиции во низа општини каде ВМРО-ДПМНЕ ја има власта се случува да се растураат секојдневно коалиции. Таму не се бараат нови општински избори.

Од слични причини веројатно шансата ја бара и Демократската партија, нестрпливоста е заедничка, меѓутоа, очигледно е дека овој народ, овој бирач не може преку ноќ да се здобие и да се придобие. Формирај партијата, почни да плукаш по власта и по авторитетни личности на јавни функции и си ја завршил работата. Резултатот е јасен. После сето тоа изборите се нерегуларни. Дајте да го менуваме народот. Јасно ми е зошто, но не многу сватливо од кои причини Либералната партија се приклучи во оваа коалиција односно блефирање дека сакаат нови избори бидејќи веројатно и самите си ја знаат можноста во евентуално ново одмерување на силите. Реков дека ми е јасно затоа што очигледно таква желба им се јави по излегувањето од Сојузот, бидејќи со својот начин на делување во него односно со своето учество, не учество во власта самите придонесоа за немање свој претставник во реконструираната влада, па поминаа во опозиција. Инаку, до тогаш таква идеја не им паѓаше на памет. Исто така јасно ми е зошто кон иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ и кон оваа коалиција се приклучи и Албанската партија ПДПА, бидејќи очигледно создавањето на политичка нестабилност во земјата е заедничка цел и само во такви услови можат заеднички да профитираат до вчера лутите противници. Но, очигледно дека немање на политичка и правна култура е и да помислиш со

референдум може да се прекине мандатот на пратениците според нашиот Устав кој добил мандат и доверба од граѓаните во период од четири години. Значи, јасно е дека заедничката желба е присутна, но начинот е сосема погрешно избран.

Уште поголема е грешката што испишаните имиња на списокот, повторувам, испишаните имиња, а не граѓани се резултат на утврдени фалсификати, непостојни личности, умрени личности имам таква информација се работи за близу 40 илјади имиња, па зошто тогаш да веруваме во веродостојноста на податоците за остатокот од испишаните имиња.

Покрај утврдените фалсификати за испишувањето на имињата и собирање на потписите постојат индиции дека се нудеа списоци, што е класична и дрска измама за асфалтирање на улици, отворање на автобуски станици и слични граѓански активности. Веројатно за таквиот брз начин и на таков начин собирање на потписи делуваше и брзањето да се предохитри најавениот закон на Собранието за граѓанската иницијатива. Очигледно старите манири на улична демократија, повикување на насилство, на рушење на власта, а тоа и денеска го слушнавме, заземањето на МРТВ повикување на граѓанска непослушност добиваат нови форми на демократи- јата. Е па ваквата демократија нема помин кај народот, но некој во отсуство на други способности непрестано сака да се уверува во тоа.

Оваа говорница беше искористена да се девалвира и да се фрла со дрвја и камења на се што е постигнато во оваа млада држава, па ни беше одржана лекција за состојбите на македонското стопанство со употребување на бројки и проценти од кој што ни еден ден не поминал во стопанството и што не можел да ги почувствува тешкотиите и проблемите на тие што работат во стопанството. Само лаик може да очекува и да бара да имаме успешни резултати, стопански резултати после се она по се низ што помина оваа млада држава и од што последиците се видливи.

X/6.-

Грев е на реалните маки на граѓанинот, на работникот да се гради политичка кариера и да се бараат поени на тоа. Во тој контекст очигледно ќе мора да повторам некои работи кои се навистина често кажани, констатирани и претставуваат факт, меѓутоа, во контекст на она што беше кажано, морам да го кажам следното:

Само да се потсетиме што е направено во оваа млада држава под водството на претседателот Глигоров и формираната политичка Влада од СДСМ и политиката водена во овој Парламент. Бидејќи во моментите кога сеуште не бевме меѓународно признати, а некои и тогаш и сега ни го оспоруваат уставно историско име се разбира бевме во неповолна меѓународна позиција и соседско опкружување . Факт е дека бевме скоро во безизлезна економска состојба со галопирачка инфлација, во длабока енергетска криза кога се закануваше да го парализира, па и целосно уништи стопанството, такви прогнози беа евидентни, некои од тоа се исплашија, меѓутоа некои многу храбро навистина влегоа во разрешувањето на проблемите. Беа изгубени речиси скоро сите пазари за нашите стопански капацитети и бевме на стартот на неизвесниот долготраен и небезболен процес на политички, а особено на економски реформи. Со еден збор бевме во еден од најтешките периоди за опстанок на младата држава. Но, евидентно е успеавме да ги издржиме сите економски блокади и ембарга, го отворивме процесот на сопственичка трансформација на општствениот капитал процес кој е веќе во одмината би рекол и во завршна фаза, во фаза се системските реформи, беше речено и овде запрен е падот на животниот стандард, инфлацијата е стално под контрола, на некој од тоа му е сомнително на кој и каков начин е тоа направено, започната е изградба на капитални објекти а и инфраструктурни што, се разбира, носи со себе цел нов инвестиционен циклус. Обезбедено е редовно извршување на финансиските обврски на земјата кон странските кредитори со истовремено зголемување на нашите девизни резерви за 5 до 6 пати.

Успешно се снаоѓаме и носиме одговорност за состојбите настанати со нередовната исплата на пензиите и се разбира со наследената оставштина и обврската кон девизните штедачи.

Во политичкиот систем пак е дека ги донесовме темелните државотворни закони, ја заокруживме самостојноста на законодавната, извршната власт и независноста на судската власт.

XI/1.-JJ/OM

**ИВАН БОЈКОВ: (**Продолжение)

Обезбеден е и висок степен на остварување заштита на човековите права и слободи. како резултат на сето тоа денеска имаме релативно стабилни и релативно добри меѓу етнички односи, што е се разбира голема наша придобивка. Го донесовме Законот за локална самоуправа како четврт сегмент на државната власт со кој Република Македонија и во оваа област станува контактибилна со правниот поредок на западно европските земји. Да не се потсетуваме, знаеме што направивме на меѓународен план, почнувајќи од членството на ООН, рамноправното членство во ОПСЕ, Централно европската иницијатива, Парламентарното собрание на Советот на Европа, партнерството за мир. Денешниот пак закон беше само една потврда на тоа. Со еден збор РМ стана рамноправна членка и во најзначајните меѓународни институции и научно - културни спортски и сл.

Како резултат на сето тоа се и добиените признанија од целиот свет, а нашиот претседател стана синоним за мудар и способен политичар и добитник на афирмирани светски признанија. За некого сето ова е ништо и го девалвира. А во истиот период, во изминатиот период, во блиску изминат период место мудра политика ни се нудеше алтернатива за вооружена борба, а за економските проблеми се немаше алтернатива. Очигледно имавме среќа што не успеаа да ни се надредат и што Господ ни го прати претседателот Глигоров во тие историски судбоноси моменти да биде претседател на Македонија, инаку состојбите веројатно, ќе ни беа онакви какви што се во Босна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Биљали.

XI/2.-

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани пратеници, иницијативата и предлогот лично ги сметам за нешто позитивно, од причина што овие може да влијаат позитивно врз развојот на плуралната свест и политичката култура. И тука јас ништо не гледам лошо и тоа како активност на политички партии, ако сакде и граѓани односно политички партии што се вон парламентот, јас дури би ги поддржал таквите иницијативи да не беа во спротивност со уставните начела со Уставот на РМ.

Меѓутоа, јас ова прашање не го гледам само како правно односно уставно прашање туку го гледам и како политичко прашање. Во однос на правното прашање мое длабоко мислење е така како што го читам и разбирам Уставот, сметам дека не подои правна основа за распишување на референдум за предвремени избори. Аргументите се следни.

Прво членот 73 е многу децидивен и предвидува дека Собранието одлучува за референдум за одделни прашања од својата надлежност, а потоа ставот 3 од истиот член наведува дека Собранието задолжително распишува референдум ако се во прашање 150 илјади пот- писи. Од друга страна го имаме членот 63 кој исто така е дециден и кажува дека мандатот на пратеникот трае 4 години и тука е во прашање кој член кого може да го дерогира. Односно дали членот 73 може да го дерогира членот 63. Тоа е апсурдно во правниот систем еден член на Уставот да дерогира друг член. Тука еден од претставниците на предл гачите кажа дека ние немаме право да распишеме референдум на пример граѓаните да не плаќаат данок, да немаат право на образование и т.н., затоа што тоа е санкционирано со Уставот. Меѓутоа, мора да признаеме дека и мандатот на пратеникот е санкциониран со Уставот и тоа аналог- но важи за ова.

Второ, дали предвремените избори спаѓаат во надлежност на Собранието. Бидејќи членот 73 е многу јасен и наведува дека Собранието одлучува за распишување на референдум, нагласувам за одделни прашања од нивната надлежност, значи се бара надлежност која би требало да се наоѓа во членот 69 во Уставот, каде што постои позитивна енумерација на надлежностите на Собранието. А тој таму не се наоѓа и м&е длабоко мислење е дека сепак според секое логично толкување, не би требало да се извлече констатација дека може да се распишува референдум за било какво прашање затоа што тоа може да доведе до политички и правен хаос. Јас така како што го читам и толкувам Уставот, така го разбирам за разлика од некои професори кои што во средствата ја јавно информирање имавме прилика да ги читаме, кои што мислеа поинаку. Притоа јас имам причина да се посомневам во таквото толкување на тие професори, односно демократско толкување или позитивно толкување од причина што истите, некои од тие професори, пред неколку години кога беа на политички функции во еднопартискиот систем, ги скараа народите во Македонија и фактички со некои фантомски национализми, сепаратизми, ирендетизми и т.н. создадоа состојба која што мислам дека ќе има последици 20 години за да се санира. И тоа е, според мене, морална и политичка нивна одговорност.

И моја констатација е што, сепак, сметам што тие немаат морално право за такво така наречено демократско или позитивно толкување на Уставот.

Во однос на политичкиот аспект, ако што реков на почетокот и лично сметам дека тоа е нешто позитивно затоа што е придонес во развојот за самоконтрола на власта, одговорноста на институциите на власта и т.н. Меѓутоа, јас мислам дека ние не смееме да инаугурираме уникатна практика во политичкиот систем што не е позната во светот

XI/4.-

и која што може да предизвика политичка и правна конфузија. Таква практика, според мое длабоко уверување може да доведе до голема нестабилност во државата, во севкупните односи како и во институционалната организација , може да предизвика анархија, балкански циркус, со кои никој не ќе може да се справи.

Лично морам да признам дека и јас имам причина да не бидам задоволен со некои важни институции на државната власт во Македонија. Тука спаѓаат и парламентот и Владата и т.н. Меѓутоа, јас не сум сигурен дека новите избори ќе доведат до нешто поквалитетно на парламентот. Убеден сум дека на парламентот му недостасуваат соодветни демократски организациони облики и соодветни механизми на одлучувањето, а не се во прашање нови луѓе и т.н. Ние можеме секоја година да држиме избори во стилот "сјаши мурто, да узјаши курто", и тоа да продолжи бескрај. Меѓуто , во суштина ништо да не се менува во односите било од економски аспект, социјален културен , мултиетнички итн

Од морален аспект сметам дека и референдумот и евентуалните избори како резултат од позитивната одлука на граѓаните, ќе ја чинат премногу скапо што за нашето стопанство би било многу тесно, а од друга страна таквата состојба толку често ќе предизвикува огромни тензии меѓу граѓаните, што при нашава политичка култура и политичка свест е евидентно.

Јас не верувам дека некои политички многу ќе профитира со оваа иницијатива, било да се работи за партија што учествува во парламентот односно партии што не учествуваат во парламентот, сметам дека на Македонија не само што и требаат нови луѓе туку и требаат пред се нови идеи, нови визии, нови решенија. Токму тоа недостасува.

Треба да се конкурира врз идеи, визии, решенија, нови предлози, а не само со промена на луѓето, односно нови луѓе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Горѓи Атанасов.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,
денеска расправаме за прашање кое што е многу исполитизира веројатно, со одредена цел, но за жал на иницијаторите, според мене, со јасен негативен одговор од правен аспект, независно од тоа дали тоа им одговара или не, а мислам дека и самите се свесни за тоа.

Бидејќи не бев присутен на седницата на ЗПК, сакам да го кажам сопствениот став кој е во согласност со Комисијата. Имено, би тргнал од надлежноста на Собранието на РМ да распишува референдум, член 68 алинеја 10 од Уставот на РМ. За кои прашања, не е дефинирано иако во член 73 од Уставот е кажано дека Собранието референдум може да распишете по одделни прашања од својата надлежност доколку за тоа покренат иницијатива 150 илјади бирачи што се поклапа и со излагањето на еден од претставниците на иницијаторите.

Единствено од одделните прашања е изземено прашањето за референдум околу распишувањето на изборите кое прашање односно право е исклучиво во надлежност на претседателот на Собранието . И тоа пишува во Уставот и тоа правно е така. Моралниот или политичкиот аспект на ова прашање, како што беше кажано и во излагањето на еден од иницијаторите, сепак, не треба да се дискутира во Парламентот. Местото на тие прашања , како што беше нагласено е во политичките партии.

XI/6.-

Според тоа , било какви избори, предвремени или редовни не може да распише Парламентот зашто не пости можност за распишување на референдум, што значи дека нема правна основа. Одговорот е јасен и треба да се почитува доколку сакаме и пред граѓаните и пред меѓународната јвност да потврдиме дека сме за правна држава, независно од тоа што некои не го гласаа Уставот над кои сега така упорно се повикуваат.

Формално правно , имам резерви од делот на потписите. Ако од 218. 405 потписи, 46.857 се неуредни , потпишани се од лица кои што не може да се идентификуваат, лица кои немаат избирачко право, дури и починати лица , која е гаранцијата дека останатите 171.548 се во ред, особено во делот на своерачното потпишување. Аргументот дека сами сме ги броеле овие потписи не држи, бидејќи контра аргумент на тоа е овие потписи сами ги собираа иницијаторите. Друго е прашањето што тоа се воглавно претставници на една партија, или рака на срце на лица незадоволни од сопствениот статус кои како такви може да ги има и понатаму и секој пат ќе можат да бидат употребени со ваква или слична цел, независно која партија ќе ја покрене иницијативата.

Доколку оцениме дека во оваа држава нема други проблеми, освен гола борба за влас, надвор од институциите и роковите, го поставувам прашањето, што ако се покрене иницијатива да се соберат 150 иљјади потписи за да нема избори . Мислам дека тоа не е потребно за тоа што како прво на спореден колосек ги фрла овие важни проблеми на оваа држава и второ наметнува една опасност од перманентна нестабилност на државата, секој 6 месеци да си играме избори.

XI/7.-

За да не биде се формално правно, јас ќе кажам на крајот дека денес во државата има многу проблеми и тоа треба да се уважи. Не е мудроста тие да се набројуваат, а умешност и мудрост е да се најде формула како да се решат. Многу од иницијаторите имаа шанса со тоа да се занимаваат и во минатото кое сега одеднаш го отфрлаат и заборавaат дека и тие кумувале одредени состојби да се такви какви што "се. Невработеноста не е проблем само сега. Корените на проблемите во пензискиот систем не се од сега. Бидејќи непосредно сум вклучен во пензискиот систем, а од еден од излагачите беше кажано дека фондот за ПИО е тотално празен, морам да кажам дека тоа не е вистина. И морам да кажам дека Фондот, почнувајќи од 1993 година кога дефицитот изнесуваше 2451 милион динари, односно две заостанати пензии, до денеска бележи само успеси по нагорна линија. Во 1994 година дефицитот изнесува 950 милиони или 38% од дефицитот во 1993 година. Тогаш беше донесен и новиот закон за ПИО за да во 1995 година, благодарение на измените и дополнувањата на законот за ПИО, што ги донесе ова Собрание, дефицитот да биде намален на 284 милиони или 70% во однос на дефицитот во 1994 година. А исто така во втората половина на 1995 година остварени се повисоки приходи за 565 милиони денари и се избалансирани приходите и расходите на Фондот. како резултат на тоа, последниве две години, редовно секој месец се исплаќа пензија на пензионерите. А со најновите мерки преземени од Владата и управниот одбор, почнувајќи од јуни со 12-те едномесечни исплати ќе почне исплатата и на едната заостаната пензија. Тоа покажува дека Фондот односно во Управниот одбор на Фондот не седат пензионери кои не го познаваат пензискиот систем, туку седат членови што навистина го познаваат пензискиот систем и реално и објективно добро им мислат и влечат потези во интерес на пензионерите.

Лично сметам дека едно од решенијата за надминување на овие проблеми колку и да е субјективно дека во овие услови, без оглед на сите забелешки, е и тоа што овој Парламент ефикасно функционира во делот на остварувањето на својата законодавна власт.

Се донесени многу закони кои што претходниот Парламент не можеше да ги донесе. Дури мислам дека уште понагласено тоа да се работи и сите видови закони да се донесат.

Навистина овој Парламент не е како претходниот кој што беше добра забава за граѓаните ,кои што многу малку или речиси скоро ништо не направи за решавање на нивните животни проблеми. Затоа сметам дека во овие услови од горе наведените причинине треба да има предвремени избори и од формално правен и од материјален аспект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мурати, со извинување зошто не му дадов збор порано.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

ние денеска расправаме за еден мошне конкретен проблем и предлог од страна на предлагачите , кои што доста е предизвикувачки и со полно дилеми, меѓу нас и меѓу граѓаните. Барањето на иницијативата 150 илјади потписи за распишување на референдум за предвремени избори во основа јас ценам дека е реално и праведно.

Моето лично размислување во однос на оваа објективизирана ситуација би било - иницијативата е реална, зашто е во рамките на Уставот и законите и од тие причини ја прифаќам и поддржувам.

XI/9.-

Насобраните потписи се легитимно собрани што не може лесно да се оспори или игнорира, а најмалку да се третираат како дискутабилни.

Во овој контекст сакам да нагласам дека разгледувањето на граѓанската иницијатива во Собранието на РМ претставува значаен момент, да не речам историски ако беше така нагласен, не само за развитокот на. демократијата во РМ и афирмација на институтот граѓанска иницијатива, туку и за нашиот натамошен развој и продлабочување на демократските односи врз принципите на взаемност почитување, напредок, просперитет и т.н.

Истовремено прифаќањето ан оваа иницијатива ја зацврстува легитимноста на постојниот Парламент и ја докажува и ја проверува довербата , при што едните ги разубедува во своето право да бараат нови избори, а другите ги разубедува дека работат правилно, праведно и нормално. Воедно сакам да подвлечам дека вака поставениот проблем на граѓанската иницијатива значи и голема обврска во доследното спроведување на уставните одредби.

Следејќи ја проблематиката во врска со оваа иницијатива сретнуваме разни мислења и внениjа од најврвни стручњаци за уставно-правен основ на оваа иницијатива и негирање на тоа . Од тие причини не сакам да се задржувам на уставните норми и одредби, бидејќи имам впечаток дека Уставот некогаш го толкуваме како сакаме, во конкретниот момент како ни одговара.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (продолжение)

Посебно сакам да се задржам на две прашања кој сметам дека се од битно значење во сегашниот момент. И тоа перспективата на граѓанската иницијатива во нашата Држава денеска, конкретно и

Второ, предвремените избори како последица на презентираната иницијатива.

Перспективата на граѓанската иницијатива не еза потценување и од тие причини сметам и ценам дека треба да се пристапи како предизвик за демократскиот развиток на нашата земја. Правото да се покрене иницијатива за референдум за предвремени избори не може да се омаловажува како што е не би требало да се отфрли како неосновано. Големината на оваа инцијатива е во нејзиното поддржување како една реална можност и шанса, меѓусебно да се провериме. Не гледам оправдано да се плашиме од предвремени избори пред се ради фактот што во Државата постојат крупни цели и задачи во сите области на општественото живеење. Периодот што е зад нас е карактеристичен по брзите општествени промени, противречностите што и понатаму се присутни во развојот и развојните ресурси, а одредени проблеми нараснаа и се заострија, како што се на пример социјалните тензии, социјалните проблеми, проблемите на невработеноста кои можат да се толкуваат и така и така, проблемите на високото образование на албански јазик иститунализацијата на Универзитетот во Тетово, животниот стандард, невработеноста и низа проблеми други по ред кои сеуште постојат и остануваат како проблеми во надлежност на Собранието.

Во прифаќањето на граѓанската иницијатива треба да гледаме перспектива, унапредување на демократските односи, неговите јасни долгорочни цели. Оттука моето залагање е да се прифати предизвикот

за референдум за предвремени избори. Сметам дека реално е и да се очекува народот зрело, одговорно да одлучува и размислува за конкретниот предлог. Ние треба да одлучуваме почитувајќи ја волјата на изнесените потписи во граѓанската иницијатива. Алтернативите и алтернативните пристапи во овој случај, референдумот за предвремени избори не треба да се гледаат со скепса и како можна криза. Напротив тоа е една динамика на политички односи, опсервации и опструкции. Со ова сакам да подвлечам дека Македонија не е брод кој плови во немирни води, туку напротив проверката на политичката кохезија и сила е нормална појава, цел и барања. Затоа иницијативата ја поддржувам како акт на напредок на демократските процеси, а не дека постои политичка криза, или владина криза, или криза на системот или дека не функционираат државните институции кои сами си ги создаваме.

Ценам дека треба да се преземат конкретни чекори ова барање да се поддржи од позицијата, а за која ова е еден сериозен тест за политичка снаодливост во времето и просторот во кој живееме.

Подржувањето може да придонесе за консолидирање и за јакнење на демократскиот развој и развојот на демократските институции. Конечно и позицијата и вонпрарламетантата опозиција ќе мора да сфатат дека заедно се сопатници за развојот и унапредувањето на демократскиот живот, демократските процеси и квалитетот на живеењето.

Би нагласил дека со прифаќањето на граѓанската иницијатива предводена од две вонпраламетнатани опозициони партии се создава простор за нова клима за натамошна политичка инвестиција во градењето на односите во државата. Па оттаму иницијативата треба да претставува основно мерило и индикатор за демократското зреење на граѓаните, на бирачите и себе докажување во политичко создадените

структури, позиции, опции и развојни ресурции. Со тоа ќе се елеминираат можните политички дилеми од типот недефинирано е, недоречено, непрекидно е. Сметам за потребно да истакнам дека доколку иницијативата добие зелено светло неопходно е потребно донесување на нужните закони со кои ќе се регулираат сите етапи од сложениот и комплексниот процес, како што се парламентарните избори. Поради тоа потребно е донесувањето на закон за избор на пратеници, за избор на единици за избирачките списоци и ред други законски акти кои овозможуваат нормално одвивање на предвремените избори, ако тоа се случи и на самата иницијатива, Ценам дека време за подготвување за овие акти има, само ако се залагаме ние навистина да се остварат и поднесат на време.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека сме на најдобар пат да воспоставиме една хипофиза на правниот поредок во Македонија бидејќи оваа расправа покажува дека како пратеници сакајќи да се повикуваме на Уставот всушност на одреден начин го кршиме, бидејќи цело време разговараме и го толкуваме, а како ингеренции според Уставот тоа право го нема Собранието. Собранието го донесува и го изменува Уставот, ги донесува законите и ги толкува законите. Уставот едноставно се применува. Во таа смисла за Либералната партија, односно неговата пратеничка група е недвосмислен правниот основ и единствено е тој кој треба на одреден начин да се следи по однос на оваа иницијатива, а никако да се толкуваат, оспоруваат или на било кој друг начин расправаат прашањата сврзани за политичките мотиви на иницијаторите. Всушност тоа е граѓанска иницијатива и изразена волја на граѓани, согласно Уставот и одредбите од него кој укажуваат дека непосредното одлучување како и референдумското одлучување како

начин на одлучување се рамноправни со посредничкото одлучување односно со постоењето на Парламентот. На тоа јасно укажува членови 2 од Уставот на Република Македонија кој вели дека граѓаните власта ја остваруваат преку демократски избраните претставници по пат на референдум и други облици на изјаснување. Значи во ниеден случај непосредното одлучување не е ставено во контекстот на правото на граѓанинот да ја остварува власта. Во таа смисла императив, според Уставот онака како што пишува е во случај кога ќе се соберат 150.000 потписи да се оди на задолжителен референдум согласно законот и одредбите за референдум.

Во таа смисла Уставот, барем ние кои учествувавме во пишувањето, во расправата на Уставната комисија каде што даненоќно се работеше на прашањето на воспоставувањето на парламентарната демократија, односите помеѓу поедини типови на власт, односите помеѓу законодавната, извршната и судската власт многу јасно и децидно го потенциравме ова прашање бидејќи од уставно - правната пракса во Светот, компаративните политички системи секогаш се тежнее едната со другата власт да имаат изворни надлежности и меѓусебна зависност и спрега, и кочници како не би можело да дојде до она што би било нонсенс, ако се толкува Уставот во смисла дека тој не дозволува на граѓаните да извршат, да покрената иницијатива за непосредно преиспитување односно предвремени избори.

Бидејќи ние немаме институција која согласно Уставот би имала право да го распушти Парламентот од причини кои можат да бидат и политички и економски и социјални и секој друг вид на причини ова е легитимен инструмент кој Уставот го запишал и постои и во таа смисла ние сме должни да го спроведеме.

Сите други работи кој овде се искажани во функција да политички се оправда или оспори по наше длабоко уверување се секундарни. Во таа смисла може да претрпи критика и самиот настап на претставниците на иницијативата кој добар дел од дискусијата наместо на правните прашања сврзани со иницијативата ги дадоа во една друга насока која за овој Парламент не би требало да биде првостепена. Во таа смисла мислам дека е многу јасно и е потврда на целокупната постапка што и самиот претседатела на Собранието ја спроведе во одно на потписите не е добро како законодавен дом од говорницата овде да потенцираме сомневање во целокупната процедура на преиспитувањето на собирањето на потписите во смисла на утврдувањето на точниот број, кој согласно прописите ја дале иницијативата бидејќи референдумите како облик на непотребно изјаснување се привилегија на поразвиените и подемократските држави. Не е тоа хендикеп.  Посредната демократија е еден само пронајден облик на подобро владеење, но не и најдобро така да цело време овде што слушаме некои укажувања дека референдумот во негативна конотација нашиот Устав го поставил, не е точно. Посебно им е тоа добро јасно на правниците и на оние кои во континуитет во овој Парламент седат. Во таа смисла за мене е неоспорно, ако не се издејствува овде се знаат механизмите за заштита на правото а човекот и граѓаните и во таа смисла мислам дека би бил голем негативен поен за РМ ако еден ваков институт внесен во Уставот, не се почитува до крај.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани присутни, јас се мислев и сум во голема дилема дали по ова прашање да дадам не може правно толкување, туку правно-толкување на тие што го познаваат правото и што се мериторни по оваа проблематика, или пак да се осврнам и на дел од аргументите кој во

континуитет се изнесуваат и при комисиските расправи и се изнесуваат денеска и пред овој дом, и кои во континуитет, барем јас ги слушам скоро од почетокот на мојот мандат во овој Парламент.

Лично за мене правна дилема воопшто нема. И во случајот ако треба да се дискутира денеска ќе треба само да се дискутира од аспект на правен основ за иницијативата која сигурно з а мене и за тие што го познаваат правото и го толкуваат Уставот мериторно апсолутно има уставен основ за ваквата иницијатива. Таук дилеми нема, тука се членовите на Устав'от на РМ кој таксативно го имаат ова прашање би рекол не само за правниците регулирано, туку пред се го имаат логички и јасно регулирано за да го разбере секој човек независно од тоа дали по професија е правник или не. Значи во таа смисла дилемо нема воопшто, иницијативата е правна, легална и легитимна и овој дом има само обврска да ја формализира оваа иницијатива преку конкретна одлука за распишување референдум за изјаснување по прашањето по кое се изјасниле над 200.000 избирачи во Република Македонија.

Инаку ќе се постави другата дилема а таа дилема е ако оваа можност која Уставот ја дава во суштина не е тој коректив на актуелната власт која дефакто, во случајов уставна норма е во функција на тоа да ако овој дом или некој друг нареден дом не ја врши својата функција како што треба кој може да ја распушти освен тие самите да се распишат. Таквата надлежност не спаѓа ниту во ингеренциите на претседателот, ниту во ингеренциите на Владата, ниту пак во ниедна друга, во ниедни други ингеренции на ниедни институции во Македонија. Значи единствено ова е таа ингеренција која е градена од ваша страна во првиот состав на Парламентот и која единствена вака се третира и се толкува од професорите од Уставно право.

XII/7.-

Но бидејќи и денеска овде се продефилираше со аргументите кои лично за мене можат само да се наречат квази аргументи, кои аргументи воопшто во простор и во време не кореспондираат со оваа иницијатива, туку пред се се аргументи кои актуелната власт треба да ги има предвид единствено ако покрене иницијатива за редефенирање на оваа уставна норма и дури тогаш може да се расправа за валидноста, за аргументите, за западните искуства по оваа проблематика. Значи дури тогаш им е местото и истите тие аргументи да се анализираат од политичка економска, социјална, морална или некоја си друга точка. Значи ако денеска ако е таа уставна норма, а тоа е, значи тука нема никаков простор воопшто некој овде да држи елаборации за прифаќањето на оваа иницијатива ќе значи наводно нестабилност на Македонија, дека наводно ќе значело коалиција на одредени сили кои се по искажувања на некои колеги непријателски определени кон Македонија, кон народот во Македонија, дека некои наводни многу големи економски резултати кои оваа власт наводно ги има реализирано во овој временски период ќе се ставеле под знак на прашање итн. итн.

Значи, во суштина ние треба овде да сфатиме дека Уставот ни одредил како дом задолжително да го почитуваме истиот и оваа иницијатива ја финализираме преку конкретна одлука. И се друго. Секаква друга расправа лично за мене нема место денеска и таквите расправи, нормална работа можат да служат само за сеење магла на некои политички консуматори, кои сигурно таа магла веќе не ја консумираат. Но, бидејќи овде се кажуваат разно-разни аргументи јас накратко ќе се осврнам на дел од нив, за да се слушне и алтернативното мислење во однос на она мислење кое во континуитет ние го слушаме од страна на левиот блок, кој е на власт.

XII/8.-

Битно е да кажеме дека правно се поставува уште една интересна дилема, како вашите правници господо од власта не успееја да го убедат во вашето правно толкување и г-дин Бутрос, Бутрос Гали па за тоа правно толкување тој денес г-дин, кој е прв човек на ОН. не го вклопи во неговиот извештај по однос на оваа иницијатива. Зошто? Па, сигурно бидејќи покрај човекот седат еминентни правници кои навистина го толкуваат Уставот и правото така како што е наречен, а не произволно и произведено како што некој го толкува овде, или пак се обидува да го толкува во континуитет како што му конвенира.

Во таа смисла јас мислам, морам да кажам една динкстикција, па макар таа била лична и директна. Г-динот Петар Гошев како економист му држеше една праван лекција на г-динот екс. министер Туше Гошев исклучиво по однос на правото и по однос на Уставот.

**РУФИ ОСМАНИ:** (продолжение)

И мислам дека сите тие аргументи кои се изнесоа и кои сигурно се аргументи на професионалци по основ на правото и Уставот, во голема мера ја прават нашата, па би рекол и мојата расправа по оваа проблематика т.е. по проблематиката на уставноста на оваа иницијатива беспредметна. Во таа смисла, во тој дел, нема потреба, зошто да ги повторувам тие аргументи кои навистина беа многу концизни, многу јасни кои беа логички презентирани, кои беа во корелација со сите можни варијации и членови на Уставот на РМ и секое натамошно правно интерпретирање само може да значи бастардирање на истите. Во тој дел јас потполно ги прифаќам како такви и не ценам дека има потреба да се вклучам во дополнително правно објаснување.

Мислам дека има потреба бидејќи не само на оваа седница, но во континуитет и на претходните седници обично настапите на опозиционерските пратеници, а лично во таа група и мојот настап, секој пат овде се толкуваат како политички маркетинг, неподразбирајќи ја при так- вата изрека воопшто носионот и синтагмата маркетинг. Затоа јас денес се потрудив на тие граѓани и колеги, кои честопати игнорантски го спомнуваат тој поим да им одржам една мала лекција во однос на тоа што значи маркетингот, па во рамките на таа корелација што би можело да значи и политичкиот маркетинг.

Поимот маркетинг денес пред се идентификува како процес на стратегиско планирање, односно целта на маркетингот денес е откривање на потребите на потрошувачите и организирање и планирање на процесот на репродукција, со цел задоволување на побарувањата на потрошувачите на начин да се оствари добивка односно профитабилен финансиски резултат. Ваквата формулација во себе ги содржи инструментите од типот на реклама и пропаганда. Значи, господа, од типот на политички маркетинг треба од вашиот вокабулар да го иземете зборот маркетинг, не му местото во вашето сфаќање на маркетингот во

случајот на оној вулгарниот политички маркетинг како што го подразбирате. По сфаќањето на науката, на маркетингот овој предлог на маркетингот може да се инкорпорира во политичката активност на иницијаторите односно на ДП и ВМРО-ДПМНЕ како легален и легитимен инструмент на политичка битка за освојување на власта.

И доаѓаме до другите тези кои се слушнаа овде од аспект на економијата. Јас сум должен поради себе лично да кажам дека одредени колеги со своите размислувања по основ на економијата таман настапуваа и личеа на онаа народната изрека "како Кралевиќ Марко со телевизијата". Мислам дека токму таквата етикета и им припаѓа имајќи ги предвид нивните познавања на оваа проблематика и имајќи предвид дека воопшто од аспект на професионалност не спаѓаат во групата на економистите. Во таа смисла би препорачал, кога обично ќе се даваат такви судови од аспект на економијата, треба да сфатат дека за да се проектира некоја си економска политика или некоја си визија за иден развој, прва работа што треба да се направи е да се дијагностифицира состојбата и токму во таа смисла јас го сфатив излагањето на господинот да кажам претседател на ВМРО-ДПМНЕ , иако тој по професија не е економист, но сигурно тој не ги изнесуваше неговите лични ставови туку ги изнесуваше ставовите кои се општо познати по основ на економијата што ние ја имаме како состојба во Македонија. Значи, прво треба да се дијагностифицира болниот за да му се укаже терапијата, ако навистина се стремиме и целиме тој болен , во случајот нашата болна економија да го лечиме. Во таа смисла, во тие изнесени аргументи нема ништо лошо, туку напротив сите тие беа аргументирани со официјалната статистика. Сега веќе е работа на толкување кој како ќе ги толкува но вистина е состојбата во економијата ни е катастрофална. За да се увериме сите, би препорачал секој да слезе во едно претпријатие, во случајот

општествено, па нека се соочи и види дека навистина таа состојба е таква и во оваа прилика мислам дека нема потреба по ова прашање, иако сигурно токму по тоа прашање се гледам себеси да настапам пред овој дом, да ги повторувам општопознатите аргументи шот се однесуваат на економската политика која во континуитет ја води истата Влада од левата алијанса.

Понатаму, се поставуваше дилемата дали вакви решенија има во другите правни норми во другите држави. Сигурно дека вакви решенија може да има и сигурно има во другите земји. Но во оваа прилика е битно таквите искуства и размислувања да ги земете предвид при елаборацијата на измените и дополнувањата на Уставот по оваа норма. И денес сигурно нема потреба да дискутираме за таквите искуства кои сигурно постојат во устави на други држави, особено од западната алијанса во кои демократијата и демократските процеси сигурно се на многу повисоко ниво од колку што е денес кај нас.

Понатаму дали прифаќањето односно дали уставноста на оваа иницијатива ќе значи дека во Македонија ќе имаме игра на референдуми. Повелете господа, само потсетете ја вашата меморија од пред шест години и ќе сфатите дека само оваа иницијатива , јас би рекол заедно и со иницијативата на албанските политички партии кои собраа над 200 илја- ди потписи за изменување и дополнување на Уставот на Републиката, но која иницијатива поради непознати причини не дојде до процедура пред претходниот парламент. Тоа значи повелете, обидете се, па ќе видите колку сето тоа е лесно изводливо како што сето тоа би рекол вака со чалам го искажуваше еден пратеник од овој состав и во една комисија, па и во овој состав во овој Парламент, иако истиот припаѓа на една партија исклучиво само со пет членови. Би било многу интересно да го проба практично и прагматично за да утврди да кажеме како ќе дојде до тие 150 илјади потписи, особено со законот кој пред некое време да кажеме еве се изгласа во овој дом, па дури тогаш ќе

сфати дека навистина тоа е многу тешко остварливо.

Понатаму, исто така една теза која нашироко се експлоатира, а и денес се слушна пред овој дом е дека ако се прифати легалитетот на оваа иницијатива тоа би значело наводно дека 10% од избирачите во Македонија наводно наметнувале обврска на 90% други избирачи во Македонија. Ве молам, господа овие 10% условно кажано избирачи во Македонија со својот висок политички и културен рејтинг од аспект на демократија и сето она што се случува во Македонија даваат можност, жртвувајќи се себеси, во целата оваа процедура на целиот народ во Македонија и на сите граѓани да се изјаснат. Значи, ова е можност за изјаснување. Тоа изјаснуваше може да биде про и може да биде контра. Значи, тука нема никаква дилема, па затоа таквата теза дека наводно овие 10% го условувале расположението на 90% избирачи во Македонија нема никаква основа. Но во оваа прилика, јас морам да повторам една моја теза која пред некое време ја изнесов во овој дом дека треба да и биде јасно на актуелната власт и на актуелната позиција дека таа денес владее со Македонија само со 25% избирачи кои стојат зад нив. Значи само со 25% избирачи владеете со целиот народ во Македонија, со сите граѓани. Оваа иницијатива дава прилика тој ваш процент да се зголеми или пак дефинитивно заедно си одиме на нови избори, каде ќе се провериме реално колку вредиме политички, економски и во секоја друга смисла. Значи, споредете, 10% со 25% и што ќе правите во име на овие 25% избирачи кои стојат зад вас , на сите тие други кои не стојат зад вас, но кои не значи дека апсолутно стојат и зад другите.

Понатаму, исто така беа интересни некои искажувања кои овде се искажаа од аспект на тоа дека ако се прифати оваа иницијатива дека сепак тоа економски многу ќе ја чинело Македонија, дека знаете тре-
бало да се потсетиме за тие големи потрошени пари кои ги потрошија

партиите на вторите парламентарни избори. Јас не знам колку која партија потрошила, но едно можам да кажам дека и оваа теза, за жал, се лансира од луѓе кои по професија не се економисти и кои воопшто не сакаат да се потсетат на една уставна обврска и за едно најавување токму од актуелната власт дека вие на есен ќе имаме што. Па нели ќе имаме локални избори? Еве господа, дајте заедно да ги вклопиме и локалните и предвремените парламентарни избори и со еден трошок да направиме две работи. Значи, и така ние мораме да ги држиме тие локал- ни избори. Инаку, јас сум лично убеден дека вие и така го прекршивте Уставот за две години, па сигурно ќе го дотуркавте тоа уште две години бидејќи во повеќето локални единици на власт се одборниците од вашите политички партии. Значи да не должам, да не излезам од темата, локалните избори се тука дајте заедно со тие локални избори да ги одржиме и парламентарните избори и така со еден трошок, кој и така неминовно ќе се направи, ние ќе направиме две битни крупни работи и со тоа ќе го докажеме политичкиот легалитет и легитимитет кој го уживаме во на- родот односно кај гласачите.

Наводната друга теза заради која некои пратеници, па можеби и политички партии кажуваат дека не можат да ја поддржат оваа иницијатива бидејќи не се донесени изборните закони, т.е. новите изборни правила, јас мислам дека предлагачите многу интелигентно оставиле простор и за оваа работа. Зошто? Тие во нивното прашање рекле дека предвремените избори би се одржале до крајот на 1996 година. Тоа значи од денешна временска дистанца овој дом има повеќе од шест месеци на рас- полагање не да донесе три или четири закони, но со нашата продуктивност или динамика можеме да донесеме дури 50-60 закони. Значи, и за овој аргумент воопшто не постојат валидни правни, логички и секакви други аргументи. Значи, повелете господа до крајот на 1996 година да ги донесеме тие нови изборни правила, за кои сигурно и ние се залагаме, да воведеме еден адекватен изборен систем сходно на

реалноста на Македонија, а тоа сигурно ќе значи пропорционален систем или во најдобра смисла на зборот комбинација со мнозинскиот систем за од- редени проценти, измена на законот за избирачките единици, избирачките списоци и тн. и да создадеме реална правна рамка навистина во наредниот Парламент во Македонија да го имаме она што реално го имаме во животот. Значи, да се профилизираат и да бидат претставени сите политички сили сходно на нивната моќ. Значи и оваа теза реално нема поткрепа.

Понатаму, сигурно дека сето ова што го реков општо е познато, сите го кажуваат, тоа е општо видено и тука не треба големо познавање и голема наука, кога сето тоа ќе се изнесе на начин како што јас го изнесов, како што и многумина други го изнесуваа. Сигурно дека лично и како претставник ан Партијата за демократски просперитет на албанците чувствувам потреба да изнесам и некои размислувања односно спротивни тези на она што денес се искажа во овој дој. Имено, се кажа дек; наводно нашата партија се залагала за нестабилност и за дестабилизација на Македонија. Не, господа, нашата партија нашите ставови јавно ги има изнесено и ние мала група на пратеници, согласно нашите интелектуални можности и согласно нашата програма сепак тоа и досега го имаме направено и сега ќе го кажеме во неколку реченици.

Ние се залагаме за уставно - правно редефинирање на Македонија сходно на реалноста и сходно на потребите на граѓаните и на колекти- витетите кои живеат во Македонија. Но тоа не значи дека ние за остварување на овие цели се залагаме на насилен, уличарски и некој друг начин. Напротив, се залагаме сето ова да се оствари преку демократски начин и почитувајќи ги демократските процедури. Тука да нема никаква дилема и нема потреба од никаква злоупотреба на јавното мислење. дека дефакто ние имаме обезвреднување големо на

општествениот капитал, а сето тоа обезвреднување дефакто на пазарот ќе значи некој да се збогатува, некој да добива монополска положба, а сета таа цена да ја плаќа најголемиот број од граѓаните на Македонија поради следните аргументи: Тој капитал е створен со некаде милијарда и осумсто или седумсто или петсто милиони долари надворешен долг, кој долг е земен како надворешен долг на РМ , кој долг ќе треба да го вратат сите граѓани на РМ. Тој капитал е створен преку над милијарда долари заробени девизи кои не се исплатуваат или воопшто се потрошени при создавањето на тој капитал. И тие заробени девизи пак ќе треба сите граѓани на РМ да ги враќаат. Преку внатрешниот дефицит кој сеуште не се знае во таа фиктивна актива и пасива на правните лица, во тој дефицит кој постои во банките на РМ и да кажеме сета оваа пасива или целиот овој извор како што е створен тој капитал, ќе треба пак рамноправно сите граѓани на РМ да го покријат. Додека пак од друга страна таа актива, тој капитал вие преку тој закон, фамозен би рекол за приватизација овозможивте да се прелива во рацете, во најголем број на менаџерските екипи, кои во никој случај не го заслужуваат тој капитал го обезвреднивте до таква мера да кажеме денес да се констатира целото тоа богатство да вреди можеби некаде само милијарда и 200 милиони американски долари, а обврските по тој капитал некаде да стигнуваат 3,4,па можеби и 5 милијарди долари.

XIV/1.-РД/МЛ

**РУФИ ОСМАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И сето тоа вие го направивте господа, вашите проекти колку се тие стручни, квалитативни сигурно сето тоа ќе може објективно да го констатира некоја наредна власт. Некоја друга власт која ќе ги направи тие анализи стручни, професионални и на база на таквите анализи ќе може да излезе овде пред некој си на- реден Парламент, или пред граѓанството со сопствена алтернатива. Значи и опозиционерите да кажеме во случајот, па и ние што сме во овој Парламент во најголем број случаи не ни се достапни точните информации за да имаме јасна слика за она што се случува исклучиво во економијата, па сходно на тоа да дадеме и адекватна прогноза за она како ние размислуваме за идниот развој економски, политички и друг на Република Македонија.

И на крајот бидејќи сигурно и на вас да кажеме овие муабети не ви се по кеиф, јас уште еднаш во оваа прилика ценам дека има потреба и должност да им го повторувам предлогот на Пратеничката група на Либералната партија што им го дадов во име на Пратеничката група на ПДП и НДП при нивната Предлог - одлука за распуштање на Парламентот заедно ако денеска не се изгласа одлука за иницијативата за предвремени избори, договорно да поднесеме колективна и неотповиклива оставка од овој дом и актуелната позиција која лично според мене е самобендисана позиција, да ја оставиме да владее додека цени дека треба да владее со Македонија, бидејќи нашето присуство во овој дом само дава легитимитет на една позиција која таа што е, а од друга страна пак не продуцира никакви дејствија во смисла на развиток на демократски процеси, развиток на почитување на правна држава, во смисла на хармонизација на меѓуетничките односи и тн.

Значи, повторувам, заедно пратеничките групи ПДП и НДП и Либералната партија, а тоа е некаде сигурно над 37-38 пратеници си дадеме неотповиклива оставка и така ја потврдуваме сериозноста наша во поддржување на оваа иницијатива. Значи на крајот Пратеничката група на ПДП и НДП за оваа иницијатива убедена е дека оваа иницијатива има уставен основ, дека оваа иницијатива ќе овозможи Македонија во секоја смисла на зборот излезе од актуелниот ќорсокак во кој е влезена.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Не би сакал да правам обид за одредена аргументација се со цел да не влегуваме во поголема расправа, но ми падна во очи во оваа прилика при елаборирањето на самата иницијатива имавме алтернативна програма, а тоа е програма на инфлација. Значи инфлаторна програма. Како форма или како излезно решение која за жал досега во овој период за овие две минати години тоа и го немавме. Со тоа сакав да кажам дека се даде акцент на сериозна критика на економската политика во Република Македонија. Само да пот- сетам ако се има предвид и предлогот на големината на инфлацијата од 40%, јасно ни кажува податокот која е намерата и која е целта и што е тоа што треба да се постигне во Република Македонија низ призмата на овој предлог како програма пред се. Ако знаеме дека последните 15, па и повеќе години се донесуваа бројни такви програми, па ги нарекувавме антиинфлациони, па ги нарекувавме стабилизациони и тн. за да конечно пред две години дојдеме до сознание дека очигледно дека таквите програми кои ги усвојувавме и ги при- фаќавме не даваа позитивни резултати. Сега што сакаме со ова практично да обезбедиме одговор на прашањето таму каде што се најде стопанството. Пред се како резултат

на таквите високи инфлации производ на репродукцијата во која се наоѓаше стопанството и целиот тој дел не само нормално да се даде акцент на инфлацијата дека таа го имаше пресудното влијание, очигледно едно од најголемите влијанија на состојбата во која се најде стопанството, банкарски систем, финансиите и фондовите во Република Македонија. Имено, сега очигледно кога веќе ставаме забелешка на оваа големина, и ни се нуди програма на инфлација, ние практично би го вратиле повторно процесот на запирање и онака сеуште во доволна мера не профункционира платен промет во државата, би воведе а уште понекаде веројатно се среќава кај некои фирми двоен монетарен систем, односно бонски систем на исплата на лични доходи веројатно би придонело да го стимулираме порастот на цените, пред се, на мало и набавка на репродукционите материјали во стопанството, ба- рем ако не повеќе за висина од стапка од 40%, а тоа што значи во процесот на инфлацијата во која состојба се наоѓавме пред две-три години и како ни растеа цените и каде се наоѓаше интересот на потрошувачката.

Понатаму би дозволиле да ја стимулираме и онака ниската продуктивност во репродукцијата. Би придонеле за дестимулирање на севкупниот процес на репродукцијата во Република Македонија скоро и кај сите сегменти и оние што се занимаваат со трговија, така да кажам и оние што се занимаваат и со лични интелектуални услови. Понатаму, во голема мера би придонеле да го обезвреднуваме само процесот на трудот, односно личниот доход. Сигурно е дека со при- фаќањето на една ваква програма која се нуди како мотив за организирање на предвремени избори, во голема мера би се придонело да се запре процесот на вложување од сите аспекти. Без разлика дали се  работи за

домашни, странски, лични и тн. Во голема мера би се придонело да се развие процесот на диспаритетот по сите основи. Без разлика дали се работи за лични доходи, репроматеријали, увоз, извоз и тн. Сигурно дека во голема мера, ако не и 100% сме го запреле процесот на трансформација за кој можеме да имаме различни мислења, но без разлика на сето тоа со една инфлаторна програма овој проблем би бил доведен во прашање и наполно би се запрел.

Во рамките на тоа, а во интерес на време, сакам да потенцирам, би придонеле да се дестабилизираат севкупните фондови а тоа е Фондот за инвалидско пензиско осигурување, здравствено, за култура и физичка култура и тн. бидејќи едно такво искуство имавме кога имавме висока стапка на инфлација. Практично со една реченица економските текови или би го промениле курсот, или би се запреле наполно и би настанал еден економски хаос. Ако се тоа доволно мотиви кои би оделе во прилог за поддржување на една таква иницијатива, тогаш би било добро сите да ја изоцениме и да видиме ако сакаме подобра економска и стабилна политика на просторот, тогаш веројатно нашата програма што сме ја донеле како основна програма би имала предност испред оваа програма на инфлација од 40%.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа прво мислам дека е неумесно што денешната седница се претвори во политичка кампања за или против референдумското прашање или за или против пред- времени избори. Во дискусиите на одредени пратеници беше изнесе- но неверувањето дека референдумот ќе успее. Ако е така, не знам зошто би биле против да има референдум за предвремени избори, затоа што доколку тој не би успеал, тоа значи дека на позицијата уште повеќе

позициите би и се зацврстиле и би можела комотно да владее во наредниот период до наредните избори.

Исто така, не знам како, освен како несериозност и недобронамерност да ги толкувам изјавите, односно етикетирањата и дисквалификациите изречени од пратеникот Бојков, кој овој пат навистина претера, сместувајќи ги во еден кош и партиите ВМРО-ДПМНЕ, Демократската партија, Либералната и ПДП-А како партии кои со поддршката на оваа иницијатива сакаат да создадат нестабилност во државата. Истата квалификација уште поостро веројатно се однесува и на потписниците на оваа иницијатива и уште побројните поддржувачи на истата, што значи дека заедно со членовите на нивните семејства еден огромен дел од граѓаните се обвинети од страна на пратеникот Бојков дека не и мислат добро на државата наспроти неговите истомисленици кои се разбира, во наводници секогаш се на вистинската страна. Што е многу, многу е.

Инаку, во целост се согласувам со укажувањата дека во член 2 од Уставот јасно е дефинирано дека суверенитетот произлегува од граѓаните, им припаѓа на граѓаните и дека граѓаните власта ја остваруваат преку демократски избраните претставници, а тоа сме ние пратениците во Парламентот по пат на референдум, повторувам, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување. Токму поради тоа сметам дека во оваа ситуација воопшто не е потребно гласање, туку едноставно Собранието треба само да констатира дека со легално поднесените над 172, односно не знам точно колку беа предлози на граѓаните е исполнет уставниот основ од член 73 став 3 за распишување на референдум. Тоа го поткрепувам и со следните аргументи: во член 68 во надлежностите на Собранието стои дека тоа распишува референдум, што значи дека самото распишување на

референдум не е само врз основа на одлука. Во спротивно во член 68 ќе пишуваше донесува одлука за распишување на референдум, а тој распишува референдум. Како Собранието одлучува за референдум, кога за тоа е покрената иницијатива во Собранието е прецизирано во членот 7 3 став 1.

Вториот начин на распишување референдум е дефинирано со ставот 3 од членот 73, каде стои дека Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи. Токму затоа, ме изненадува пристапот на претставниците на Координативното тело на граѓанската иницијатива кои ги повикаа пратениците да гласаат, односно да ја поддржат оваа иницијатива, но и пристапот на претседателот на Собранието кој за жал, со начинот на кој што е формулирана точката на дневниот ред, односно со погрешното инсистирање врз себе презема преголема одговорност.

Членот 73 став 3 не обврзува да констатираме дека е исполнет единствениот услов што се бара во Уставот, дека се собрани над 150.000 потписи и врз основа на тоа се распишува референдум. Обврска на Стручните служби е согласно законските прописи да утврдат за кога ќе се распише референдумот и да создадат технички услови за негово спроведување. Само на тој начин ќе обезбедиме разграничување на политичката сфера од граѓанската, односно ќе оневозможиме политиката да се наметнува над правото, со што ќе ја девалвираме правната држава. Политичката кампања за референдумот треба да се изведува по седницата на Собранието.

За другите прашања кои што се овде покренати исто и одат во правец на толкување на Уставот, ниту јас како пратеник, ниту ова Собрание не е овластено тоа да го прави. Според тоа, Собранието треба да констатира дека се собрани над 150.000 потписи  со што е исполнет

уставниот основ за распишување на референдум. Собранието е должно да го направи тоа, а ако некој не е задоволен во таа констатација нека повели постапка пред Уставниот суд за оценување на уставноста на референдумското прашање.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, јас лично како пратеник на овој законодавен дом иницијативата ја поздравувам, исто така ги ценам луѓето кои биле организатори на оваа иницијатива, бидејќи во врска со ова прашање беше доста разговарано од страна на пратениците, дали оваа иницијатива е граѓанска, или партиска. Бидејќи во иницијативата се вклучени граѓаните на Република Македонија, јас мислам дека во врска со ова прашање не треба да постојат дилеми меѓу нас, иницијативата е граѓанска, а подносителите на иницијативата се знае се двете партии Демократска партија и ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, доста беше дискутирано во врска со тоа дали е иницијативата за распишување на референдумот за пред- времени избори со 150.000 потписи дали е уставна или не е.

Господа, бидејќи постои како механизам во Уставот, мислам дека во врска со ова прашање не треба да постојат дилеми кај нас, но кај нас постои традиција дури од претходниот состав на Парламентот кога на органите на власт не им одговара нешто тие вака го толкуваат Уставот како што им одговара. Ако нешто е поврзано со нивната положба, ако ја загрозува нивната положба на власта, тогаш секогаш квалификациите се неуставни и Уставот се толкува без да се анализира подетално.

Јас иницијативата како иницијатива, бидејќи е граѓанска ја поддржувам. Мислам нашата поддршка во врска со иницијативата со

XIV/8.-

опозиционите партии на македонскиот блок имаат само една заедничка точка, таа точка е незадоволството. А што се однесува до содржината или прашањето од тој аспект на незадоволството кај нас има доста разлика. Ние како пратеничка група од ПДП и НДП ние знаеме дека никогаш во вакви услови немаме шанса да ја придобиеме власта. Но кај нас постои дилема и уште и понатаму се повторува истиот стил на работата на овој Парламент во врска со статусот на албанското прашање. Ние секогаш ова го поддржуваме на оваа говорница дека не сме задоволни.

**ХИСНИ ШАЌИРИ**: (Продолжение)

Во врска со овој проблем не треба да се сфати дека сме фактор на дестабилизација на оваа држава. Господа треба да ја сфатите една работа и со оваа реалност треба и вие да се помирите дека ние кога бараме некој работи да се расчистат во оваа нова држава во врска со нашиот статус бидете убедени дека ние не сме противници на оваа држава. Противници токму во овој момент оние кои бараат да му се ускратат правата на албанците.

Во врска со ова прашање да се дискутира има доста материјал, ние како пратеничка група инсистиравме на неколку наврати некои работи да ги разјасниме, меѓутоа не најдовме разбирање кај поедини пратенички групи и гледам дека овој состав на Парламентот и на Владата нема никакво расположение^има намера да ги решава некои проблеми од национален аспект. И, токму од овие причини ние сме заинтересирани за предвремени избори. А, исто така и господата од македонската опозиција, од македонскиот блок, знам дека се незадоволни со политичкиот курс што го води актуелната власт. Меѓутоа, кај нив апетитите се сосема други, тие се борат за да дојдат на власт.

Сега, моментално, кога зборуваме за оваа тема, мислам дека секој пратеник како претставник на народот треба овој проблем да го сфати толку сериозно бидејќи денеска секој може да го минимизира или да манипулира со оваа иницијатива, да каже граѓанска, не- граѓанска, партиска, уставна, неуставна, секој може да каже на оваа говорница сешто.

Јас мислам, бидејќи одговорноста за оваа држава стои пред нас како претставници на граѓаните на оваа држава, мислам дека е време да расчистам со некои дилеми и е ред секој, не би рекол токму секој туку на

оваа иницијатива да и дадеме позитивна виза и да ја провериме нашата доверба кај граѓаните.

Овие сили кои се во Парламентот, со овие сили кои досега не покажале никакво чувство да го променат политичкиот курс мислам ниту не може да се очекува за овие две години да се направи нешто во интерес на оваа држава. Па, затоа јас сум скептик и не очекувам многу од овој Парламент ниту од оваа Влада, и токму од овие причини јас сум за предвремени избори, бидејќи ние како претставници на албанците ние имаме повеќе одговорност од вас, ние за многу работи што треба да се решаваат во овие времиња за нас дури да кажам сегашниот Парламент и сегашната Влада ги маргинаризирале и нема такво расположение и затоа ние бараме да дојдат нови сили со нови идеи кои ќе ја сфатат оваа држава дека е заедничка држава на сите граѓани на македонци и на албанци, а заедничка држава може да се гради господа само со рамноправен статус, со подеднакви права.

Ние никогаш не сме барале и ние кога дискутираме за овие проблеми секогаш сме поконкретни и никогаш ние не правиме манипулација ниту со Парламентот, ниту со граѓаните, бидејќи ние бараме нешто што му припаѓа на секој граѓанин. Токму од овие причини ние секогаш ќе настојуваме тие наши барања кои се барања на албанскиот народ да ги реализираме, дали преку овој состав на Парламентот или на Владата или на другите сили кои веројатно, јас не знам каков ќе биде исходот од гласањето по оваа точка, но ако не денеска нема такво расположение овој Парламент да распише референдум за предвремени избори за две години сигурно ќе имаме. Тогаш сигурно ако не сме заслужиле во редовните избори да имаме толку пратеници било од СДС или од другите партии сигурно тоа нема да го направат граѓаните на РМ .

Уште еднаш на крај би сакал да ги поздравам иницијаторите на оваа иницијатива. Оваа иницијатива за мене е доста чесна и хумана бидејќи граѓаните на оваа држава имаат таква потреба. Незадоволството кај граѓаните да знаете дека ја достагнало некулминалната точка туку нешто повеќе.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, најпрво за Предлог - иницијативата. Предлог иницијативата за распишување на референдум за предвремени избори за пратеници во Собранието на РМ не е предвидена како надлежност на Собранието на Република Македонија. Пратениците во Собранието се избираат за време од четири годи- ни а мандатот на избраните пратеници сеуште е во тек. Но, за малку би ја оставил правата регулатива за која мислам дека е сосема јасна по ова прашање и би се вратил во септември 1992 година, тоа е точно времето кога Македонија беше опкружена со блокади и ембарга, време кога имаше висока инфлација, ниско ниво на државни резерви, кога финансиските обврски кон странство не се извршуваа зошто и не бевме членки на истите, а стопанските реформи од даночната, царинската, здравствената, социјалната и пензиската сфера беа на самиот почеток. Тоа е точно време кога другите политички субјекти се плашеа да помислат, а камо ли да ја прифатат задачата и одговорноста која стоеше пред сите нас, а тоа беше сите овие проблеми да се надминуваат во од, да се обезбедуваат услови за живеење и амбиент за работење.

Тогашните наши политички противници немаа конкретни одговори на овие прашања и својата енергија ја трошеа објаснувајќи што не чини во тогашните услови. Сега, во јуни 199 6 година кога успеа Владата да ги издржи економските блокади и ембарга, да ја стави под контрола инфлацијата, започна изградбата на значајни капитални, пред се,

инфраструктурни објекти, обезбеди редовно извршување на финансиските обврски на земјата кон странските кредитори со истовремено зголемување на нашите девизни резерви или со еден збор се во завршна фаза заокружувањето на стопанските реформи, заокружувањето на самостојноста на законодавната, извршната, судската и локалната власт според моделот на парламентарната демократија. Или, со други зборови, се создадоа услови за она што значи инвестиционен циклус, т.е. развој.

Да, почитувани 'пратеници, длабоко сум уверен дека зборот развој ги мачи другите политички партии кои не се на власт и причините за оваа инцијатива по мене не лежат по мене, во нивната загриженост за состојбите во нашата земја, туку во нивниот страв дека оваа Влада со успех ќе го реши и ова прашање и ќе започне нов инвестиционен циклус во стопанството, а тоа значи поголемо производство, намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард на сите граѓани на РМ.

Благодарам.

(Претседателот излезе од салата, а со седницата продолжи да раководи потпретседателот Блаже Филиповски во 17,50 часот).

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани предлагачи на иницијативата, па, секоја граѓанска иницијатива која се разбира демократски е легитимна, вредна е за почит, и оваа иницијатива секако треба да се почитува. Ваквите иницијативи можат да бидат проверка на демократскиот живот, на неговите текови, на демократската пракса и на практикувањата на власта. Но, кога е во прашање актуелната иницијатива, граѓанска инцијатива за предвремени избори, веќе скоро е речено се, дека многу нешто околу оваа

иницијатива се конфузни. Во прв ред се увиде дека иницијативата не испадна до крај граѓанска туку партиско граѓанска. Односно произлезе дека само во нејзиното пакување е граѓанска, а мотивите партиски, односно испадна дека тоа е главен интерес на политичката опозиција. Се разбира ова спаѓа во доменот на легитимното право на опозицијата да ги става во погон политичките механизми за проверка на легитимноста на власта во текот на мандатот. Но, тука пак недостасуваат аргументите што би ја образложиле до крај јасно иницијативата и кои би го оправдале нејзиното покренување. Опозицијата и понатаму останува да ја оправдува иницијативата со тоа што според неа, оваа власт е нелегитимна. Ова од неа го слушам откако се повлече од вториот круг на изборите па досега, значи и до оваа иницијатива.

Политичката јавност е наклонета овој потег на опозицијата да го сваќа нормално како една обична жалопојка на една незадоволна опозиција која еве ја изгуби математиката во политичката конкуренција за добивање на власта. И, оттогаш остана маргинализирана во политичкиот живот. И, не би била сериозна опозиција ако и покрај поразот не продолжи да се бори низ демократска процедура за добивање на власта. Но, сепак испаѓа како политички несериозна опозиција кога потезите што ги повлекува остануваат на рамништето на голата борба за власт, а голата борба за власт не е политика.

Потоа чинам дека опозицијата при својата поддршка на оваа иницијатива не тргна од некои подлабоки анализи на политичкиот живот од овде па и на политичките процеси или анализи на својот пораз. Се знае дека мегданот во политичката борба на партиите на власт, мегданот каде се конфорнтираат спротивставените политички алтернативи во демократијата го дели изборното тело.

XV/6

Алтернативата што ја нудеше оваа опозиција на последните избори се покажа дека изборното тело не ја прифаќа. Оттука разбирливо е со ваквиот однос и позиција на политичките сили ни дава рака посмирено да ја водиме дебатата околу оваа иницијатива за предвремени избори. Ако се мисли искрено демократијата во Македнија да ја филигранираме во својата процедура и практика и ако се мисли искрено сите релевантни политички субјекти од која сите еднакво би биле задоволни се разбира дека има потреба за исправување на нови нешта. Така би почнале од изборните закони и поконкретно од изборните единици.

Дали сите демократи ќе прифатат праведни изборни закони кога се знае дека постојните закони се катастрофално неправедни во најважните делови и на штета на политичките партии на немакедон-ите, поконкретно на албанците. Во овој поглед би бил на страна на опозицијата и би ги поддржал предвремените избори кога би дошле до еден разумен консензус за донесување праведни изборни закони и за праведна политичка конкуренција, но, политички консензус во глобала ќе постигнеме и во многу работи, значи не само по оваа точка, а за такво нешто многумина од овие незадоволни демократи се чини дека не се скромни, а полудемократските стапки се секогаш лесно препознатливи па затоа и неубедливи.

На крај сакам да кажам дека оваа иницијатива треба да се анализира и проценува без многу политички пасии и од еден битен агол. Што внесува оваа иницијатива во случај да се прифати во политичкиот живот овде и колку е навистина во функција на натамошното консолидирање на демократијата во Македонија.

Благодарам.

XV/7

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и колеги, јас сум некаде 18-тиот или 19-тиот кој што зборува денеска и сигурно дека ќе можам многу малку да кажам нешто ново, но сепак ќе можам и да проанализирам она што е речено тука^. Не можам да се согласам дека во оваа иницијатива не треба да гледаме политика. Не можам да се сложам дека сите што искочивте тука дека нема во вашите настапи политика и маркетинг. Ако беше така немаше никој да земете збор, иницијативата не мораше да ја дискутираме, ќе завршеше тука меѓу нас и ќе си отидевме со убедувањата што ги имаме. Позицијата треба да си ја брани позицијата, опозицијата треба да ја напаѓа позицијата. Господа треба да бидете среќни ако имаме моќна и квалитетна опозиција затоа што тој предуслов е да имаме квалитетна власт, да имаме одговорна влада и да имаме позиција која што ќе заслужува респект и во овој дом и уште повеќе) која што ќе ја претставува државата надвор од овие граници. Самозадоволството на кое што јас укажував повеќе пати тука доведе до ова што го имаме денеска и што мораме да го кажеме дека еднаш мораше да се случи и инсистирам дури и да прифатиме една новина, една новост зошто да се плашиме како ѓавол од темјан дека треба да имаме референдум за да се изјаснат граѓаните дека треба да имаме избори. Па, ние не распишуваме избори, господо, сите оние манипулации што ги слушаме, сите оние калкулации сите оние дека има недоречености, непроверености да оставиме граѓаните кои што ќе дадат своја верификација на сето тоа. Дали членовите 2 од Уставот 63, 68, 8 3 се прецизни, ја регулираат оваа материја или не верувам дека ќе ја каже иднината затоа што им завидувам на студентите кои што во оваа испитна сесија ќе го полагаат предметот уставно право, веројатно ќе бидат најгтодготвена генерација и верувам дека сите до еден ќе го положат испитот затоа што никој не ќе може да им се спротивстави и на

различните и алтернативни мислења, кога ние тука не можеме да се усогласиме кога Уставниот суд не се огласува и кога сите компетентни во оваа држава практично не кажуваме дефинитивно што е како е.

Не можам да сфатам во една демократска држава ако претседателот на државата што е пракса во повеќе држави со такви претседателски системи, што е пракса скоро и за сите соседни држави да има право да го распушти Парламентот, ние сега да поставуваме прашање и да не знаеме кој е тој ако не е претседателот, не е овој парламент,кој е тој што има некакво право. Па, дали треба да имаме војна господа за да имаме референдум. Сите нели викаме мир да имаме, сите се залагаме за мирот, цел ден тука, во сите овие шест години и сега сакаме да девалвираме една работа што за мене треба да биде една проверка, зошто. Проверка дека демократијата трпеливо си го пробива патот.

Некои беа возбудени и паднаа тешки зборови зошто ние денеска имавме граѓани пред Парламентот. Треба да се гордееме со еден таков напредок во демократијата, па вие господо одите во Стразбур, во Женева, дозволете пред ОН нема посериозен состанок или собир да нема луѓе, сите со пароли со плакати, со знамиња, да го привлечат вниманието, да изнесат некои ставови тоа е она што треба да анимира тоа е она што треба нас да не мотивира дека треба да слушнеме што се случува надвор од овој парламентарен дом. Ние се повикуваме сите дека сме легитимни претставници. Јас се прашувам дали ние сме легитимни претставници ако ние не сме се сретнале со нашите избирачи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Ако ние немаме трпение да ги чуеме тие тука и пред нас нека речат и уа и браво, зошто? Не ни смета ништо. Па ние викаме дека во цел свет ги мотивираме сите обесправени, сите незадоволни, сите кои што сметаат дека не се доволно афирмирани да ги изнесат своите ставови јавно пред светската јавност. Нас ни смета сега тоа изнесување пред наша македонска јавност, пред овој македонски парламент. Зошто да се возбудуваме особено за тоа нешто. Ќе бидам неправичен ако не укажам и на следните аргументи и вистини дека и господата Љубчо нека ми извинат и господата Петар Гошев беа пратеници во претходниот мандат не се обидоа да има предвремени избори. Имаше можеби и повеќе причини. ВО сите соседни земји имаше предвремени избори. Јас укажував, многумина и од вас дека ќе беше добро ако ние веќе сега го трошевме третиот мандат во овој наш повеќепартизам, но на некој начин дајте да докажеме точно ние овој состав сега дека не сме оптоварени со тоа дека ние вечно треба да останеме во овие клупи и да им докажеме на иницијаторите дека ние сепак еден степен во нашите размислувања и во демократските однесувања сме еволуиорале за оваа неполна година ипол дена. Да докажеме, еве бараме референдум да има, да се изнесеме, меѓутоа тука морам да ставан резерва на неколку работи кои што тука беа изнесени. Никакво спојување на локалните со овие парламентарни избори. Морам да укажам и за тоа имам право ќе ми дозволите, затоа што на претходната седница се залагаме во три фази да оди законот за територијална поделба, можеби некои ќе предложат во 6 фази. Зошто? За да останат повеќе на позициите кои што ги имаат.

Господо да ги донесеме законите за локални избори. Тие закони ќе ни требаат и за парламентарните избори. Есенва да обавиме квалитетни, поштени, контролирани локални избори, а референдумот ќе одлучи дали ќе имаме парламентарни избори кон крајот на годинава.

или првите месеци на следната година. Не сакам да бидам погрешно сфатен се обидувам да го изнесам мислењето на еден од пратениците кој што најмалку е оптоварен дали е власт, или пак има амбиции да освои власт. Ниту едното,ниту другото туку едно многу симпатична, многу убава конструктивна опозиција која што верувајте најдобронамерно укажува на сите подеднакво за се она. што значи подобро решение, поквалитетно решение. Имам морално право да речам дека тоа го зборувам на име на граѓаните, а тоа значи во името на оваа држава. Се друго ќе биде празна фраза, затоа што сите правиме тука маркетинг. Не можеме ние да речеме ќе дискутираме за устав, за референдум, за предвремени избори без политика. Ве молам ние не сме тука налбати луѓе, ние сме политичари тука. Политичари без политичко размислување без политички осет, без политички јазик и култура што бараме тука тогаш? Не е она време господо кога некој ќе не натераше, или ќе нateравме некого да прифати некоја функција. Да ве потсетам дека сите ние потпишавме лично изјави дека се кандидираме за пратеници со можност да бидеме пратеници во овој Парламент. Според тоа не може ме ние сега да одбегнуваме од таа одговорност и од она што значи демократски процеси нови, одговорност. Немојте да се плашиме од тешки зборови дека оваа е историска седница. Не. Настанот ќе остане во историјата ако изгласаме референдум, ќе остане запишан дека првпа во оваа држава, а она што се однесува до трошоците, до економичноста јас да ви признаам намерно не побарав збор кога го ратификувавме Договорот со НАТО и партнерство за мир. Не сакав да ја девалвирам мислата што сега ќе ја искажам. Зошто да тој референдум не го искористиме за референдумско изјаснување за членството во НАТО и во Европската унија. Еве, со еден потег многу важни современи, демократски определби да ги верифицираме и да дадеме до знаење на сите дека не се овие работи практично договараат во одредени штабови и во некои кујни, дека тоа е консензус на сите партии. Ако ние ги

претставуваме граѓаните значи тоа е општонародна желба на сите граѓани. Сето ова ми лични малку на "јас, или никој друг". Немојте да се служиме со такви манири и такви мислења, немојте многу лесно да прифаќаме учества, пактирања и сл. затоа што постои една мудра изрека: одењето многу лесно во туѓа прегратка не е секогаш и многу афирмативно. Според тоа овие работи нека бидат разгледувани на еден поширок начин со едно пошироко изјаснување.

И) да завршам очигледно дека во Парламентот ни недостасува сеуште една организирана и моќна опозиција на што јас апелирам повеќе пати за што добив дури и неаргументирани критики од мои пријатели, бидејќи овие мои изјави беа изречени добронамерно и затоа мора да признаеме дека денеска ние тука покрај сето на некој начин предлагачите придонесоа да имаме и едно интелектуално напрегнување да извлечеме интелектуален над максимум што треба да биде секогаш присутно во овој дом. Добро е што завршуваме на еден ваков начин во една конструктивна дискусија без навредувања, без сето тоа, меѓу- тоа објективно иднината припаѓа на она што значи разлика на напони помеѓу позицијата,опозицијата затоа што таа разлика на напони создава алтернативи, создава енергија електрична, топлинска итн. Се разбира дека, повторувам дека тоа денеска создаде и една политичка позитивна енергија која што верувам ќе биде и позитивно насочена и позитивно ќе заврши.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, денес расправаме по Предлог за распишување на референдум по прашањето дали сме за предвремени парламентарни избори за Собранието на Република Македонија кои би се одржале до крајот на 1996 година. Слушнавме многу дискусии се разбира секој од различни позиции и интереси, меѓутоа битно е да се расчисти клучното прашање дали овој парламент има право да донесе

одлука за распишување на референдум по ова прашање. Сега овде се слушнаа многу различни мислења. Поаѓајќи од мислењата на предлагачите, односно претставниците на предлагачите ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија дека Собранието е должно согласно Уставот да распише референдум на кој граѓаните ќе се изјаснат по ова прашање. Јас сметам дека ние немаме право да донесеме таква одлука и кога би донесле тоа би било многу опасен преседан Собранието кое е надлежно да донесе Устав, или да измени Устав да го крши Уставот, заради тоа што толку е чисто во Уставот дека ова не е работа за која Собранието може да донесе одлука за распишување на референдум.

Господо, во членот 2 од Уставот на Република Македонија ставот 2 вели: граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници и по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Членот 73 став 1 вели: Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Надлежностите на Собранието се во член 68. Одиме по ред и тука нема никакви политички надмудрувања и заблуди. Сосема е чиста уставно - правната позиција околу ова прашање. Тој што мисли поинаку сакам, се разбира после мене да стане и да каже дека во член тој и тој од Уставот е кажано експлицитно, имплицитно дека треба,може, мора да се распише референдум. И во членот 68 се набројуваат прашањата кои се, за кои е надлежно Собранието. Никаде не пишува и распишување на референдум односно донесување на одлука со која граѓаните ќе се изјаснат за предвремени избори. Практично предвремените избори не се предмет на надлежност на Собранието на Република Македонија.

XVI/5.-

Во член 68 односно 63 единствена можност да се створат услови за предвремени избори е самораспуштање на Собранието. Се разбира тоа самораспуштање, на тоа самораспуштање треба да му претходат одредени политички состојби во Републиката како што е неможноста да се формира Влада политичка, или било каква,неможноста да функционира Собранието да донесува закони и сл. Практично нема ниту еден услов исполнет за самораспуштање на Собранието. Сосема е нормално и нема лутење што претставниците на иницијативата кажуваат, укажуваат на ваквата состојба, онаква состојба и сл., меѓутоа цело време слушавме само како нешто не чини. Ништо, како треба да биде или да се понуди алтернативна политика. Едноставно мене навистина ми е жал и ние сме хендикепирани како власт актуелна во Републикава што немаме алтернативна политика, ниту внатре во Парламентот, ниту од надвор. Тоа е голем хендикеп и мислам е жалосно. Добро би било ако во наредниот период такво нешто се случи. Да ви кажам господо ние кои гласавме и го донесовме Уставот 1991 година да не речам и сегашната пратеничка група на Социјалдемократскиот сојуз се разбира и другите кои го делат тоа мислење немаме право да го кршиме Уставот, ниту тоа нешто ќе го направиме. А оние кои дел од нив и не гласаа аз Уставот веројатно не само што имаат право, туку бараа повеќепати да се крши тој Устав што води кон дестабилизација, кон хаос, кон нестабилност на државата. Се разбира ние се разликуваме како политички субјекти. Да се вратиме во периодот 1990-1994 година едни бевме за референдумско изјаснување на граѓаните за самостојност и сувереност на Република Македонија се разбира ние бевме за тоа што во тој момент сметавме дека е многу посилна таа одлука низ непосредно изјаснување на граѓаните, а другите беа сегашните да кажам иницијатори на овој предлог за декларација за самостојност и сувереност на Република Македонија како акт на Собранието на Република Македонија и тогаш важеше и оваа теза дека граѓаните нема што да се изјаснуваат

за оваа работа, тоа ќе го направи Собранието бидејќи граѓаните на референдум се изјаснија за нас, тоа своевиден референдум се изборите. И ние практично таканаречениот правен субјективитет е пренесен врз нас како пратеници што е точно, меѓутоа патот, начинот до доаѓање до тоа беше различит и ние сакавме граѓаните да го кажат тоа, таа наша желба да ја потврдат граѓаните што нема иста тежина со барањето за предвремени избори.

Натаму сегашните иницијатори на оваа иницијатива беа за насилно бркање на бившата југословенска народна армија што беше страшна работа во тој момент, а ние бевме за мирно заминување и она ка како што го направивме практично. Вие може да замислите што можеше да се случи во тој момент во услови во кои се наоѓавме ние барањето за насилно бркање на одредена воена структура која беше толку силна во тој момент што мислам дека е близу до памет да се спротивставиме. Се разликуваме се разбира и врз основа на тие разлики и ставови политички ние во 1994 година ги добивме изборите. Тоа беше референдум и мандат кој трае 4 години.

XVII/1.-СП/ОМ

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ :** (Продолжение)

Евентуалната казна или награда за доброто или лошото водење на власта и државата ќе биде во 1998 година односно на есен или крајот на годинава кога ќе бидат локалните избори. Нека повелат сите политички субјекти да не им досадува многу да бидат вон власта или вон Парламентот, веќе на крајот од годината почнуваат локалните избори, па 1998 година ќе бидат и парламентарните избори, нека понудат алтернативна политика, веројатно ја имаат, само очигледно граѓаните таа не ја прифаќаат и нека се борат за освојвување на власта, доколку се разбира, ги убедат граѓаните дека нудат нешто попозитивно, дека ќе потече веднаш мед и млеко. Инаку, критиките ваква економска состојба, онаква економска состојба и слично мислам дека не држат доколку не се понуди алтернатива на таквата политика. Ние мислиме дека пополека, но сигурно Македонија и на економски и на политички меѓународен план почнува да се стабилизира и да го зазема саканото место. Се разбира, поинаку мислиме и ќе мислиме и ќе се разликуваме, секој си има свој политички субјективитет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ :**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

денешните дискусии, нема да ми замерите, помалку потсеќаваат на призвукот како да сме пред изборите. На некој начин заборавивме да се потсетиме дека денеска на дневен ред е едно многу битно прашање, по мене е прашање кое е од правен аспект и мислам дека локацијата

треба да биде дискусијата околу тоа. Од некои дискутанти беше напоменато дека ова е чиста борба за власт. мислам дека сето ова што беше кажано и што ќе биде кажано за мене и по мене е борба за ограничување на истата. Во претходниот период, па и сега денеска беше кажано дека Либералната партија ќе коалицира, беа предвидувани некои коалиции, а денеска исто беше најавено некое истапување заедно со некои други партии. Во мое име можам да кажам , мислам дека моите колеги од Либералната партија исто така го делат моето мислење дека ние сме партија која има свое мислење , свој Статут, своја Програма и досега ни во една прилика не сме најавиле дека ќе коалицираме со било кого. Ова го изјавувам , бидејќи беше во претходните дискусии најавени некои псотапки кои не се во контекст ниту на размислување ниту дошло до некакво договарање за некакви заеднички настапи со други партии.

Собраните потписи од граѓаните за мене се неоспорлив факт Мислам дека компјутерската обработка која следеше е факт дека тие се исправни. Ова е демант на една дискусија дека тие не се валидни . Мислам дека треба да бидеме чесни и да кажеме дека ако ние грешиме сигурен сум дека таа обработка која претходеше во Републичкиот завод за статистика или на било кој друг систем дека е исправна и дека сите тие 170 или 172 илјади се потписи со сите други обележја, со сите други идентификации - исправни. Ние малку размислувавме за тоа , јас еднаш најавив дали ние требаше да допуштиме тие податоци да одат во обработка и да бидат достапни на некои луѓе кои ги обработуваат и кои баратат со тие податоци. дали имаме акт со кој ја забрануваме достапноста на тие податоци. Дали власта ќе ги злоупотреби тие податоци. Што треба како Парламент да направиме да ги заштитиме тие податоци, да ги заштитиме луѓето кои го дале својот потпис. Никој не смее да има репресија над граѓанинот кој изразил некоја своја волја. Со

ова ние допуштаме во еден период некој да може да ги злоупотребува. Ниту сум квалификуван ниту сакам да се впуштам во правните аспекти на проблемот кој е евидентен. Но, мислам дека треба да се почитува Уставот, мое милење е дека Уставот и членот 7 3 дава можност граѓаните да ја по- кренат оваа иницијатива, бидејќи е околу 11 до 12% од вкупното избирачко тело е значајна бројка и дека мораме тоа да го почитуваме. Со тоа сакам да кажам дека ја политувам иницијативата и држам дека треба да дадеме виза за да граѓаните дојдат до тоа да се изјаснат дали сме за избори или не. Значи, претстои втор корак. Со тоа, ние во овој висок дом ќе покажеме колку ја почитуваме демократијата, колку го почитуваме Уставот. Со ова ќе докажеме колку се залагаме за правна држава и колку сме против политичкиот опортунитет. Јас мислам дека со тоа ќе победат демократските процеси, а за оние кои сметаат дека нема уставна можност сето ова да се одвива по процедура која ја утврдена по Уставот, мислам дека треба да побараат да се поткрене иницијатива Уставниот суд како најквалификуван орган да даде свое толкуваше за ова. Ние фактички по мене си навлековме една замка да распраВаме пред некој кој е најквалификуван во оваа држава даде суд дали е во ред.

Уште еднаш потврдувам се залагам за оваа иницијатива и мислам дека со ова демократските процеси ќе победат во иднина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине рпетсеателе, почитувани пратеници, малку е непопуларно човек да се јавува за дискусија во ова доба на денот,

меѓутоа, да видев дека елементите што сакам да ги спомнам пред Вас се споменати во некои претходни дискусии сигурно ќе се откажев, вака останува накусо да Ви соопштам сепак тоа што сум сакала да Ви го кажам.

Во прв ред сакав да се осврнамна некои од аспектите на дискусијата на г-динот Љупчо Георгиевски особено оние кои се однесуваат на интерпретации на делови од Извештајот на г-динот Бутрос Гали. Голем< изненадување можеби сепак не претставува фактот дека и г-динот Руфи Османи коинцидира во начинот на интерпретирање на Бутрос Гали, па затоа дозволете ми пред да видиме во што се состои таа коинциденција пред да ја цитирам својата аргументација да се осврнам на оној дел од настапот на г-динот Љупчо Георгиевски во кој тој ги наведува политичките мотиви за акцијата за распишување на предвремени избори.

Ако добро запишав, бидејќи не располагав со стенограм, политичката аргументација на г-динот Љупчо Георгиевски го содржи следното:

Под еден распаѓањето на Сојузот за Македонија,

под два се проблематизира договорот со Грција кој инаку според г-динот Љупчо Георгиевски е склучен на штета на Македонија,

под три се споменува изолацијата на Република Македонија во однос на Европската заедница односно Унија и

под четири г-динот Љупчо Георгиевски ги именува како релевантни демократските процеси односно застојот на демократските процеси во Република Македонија.

Мислам дека од прилика ги набројав клучните аргументи од политичката мотивација за распишување на референдумот според г-динот Георгиевски.

XVII/5.-

Повикувајќи се на Бутрос гали г-динот Георгиевски на следниот начин го интерпретираше делот од Извештајот. Имено, дека иницијативата е во контекст на Уставот на РМ. Јас, се разбира, не бев мрзлива и го зедов оригиналот од овој договор и видов дека во него таква формулација не стои но, во делот кој се однесува на квалификацијата на инцијативата стои следното:

- дека таа се одвива во атмосфера односно дека нивната атмосфера во која е изведена иницијативата е уште еден охрабрувачки доказ на напредокот и консолидацијата на плуралната демократија и јас додавам, во Македонија. Ваквата формулација во ставот на г-динот Бутрос Гали мислам дека веднаш претставува одговор на четвртата точка од политичката аргументација на г-динот Георгиевски, имено застојот на демократските процеси во Република Македонија.

Јас немам намера овде да се бавам квалификацијата на успесите на РМ на меѓународната сцена, бидејќи станува збор за една неспорна ситуација и немав потреба да го повторуваме она што е неспорно. Меѓутоа, ќе ми дозволите сепак преку Извештајот на г-динот Бутрос Гали да ги коментирам и останатите точки од политичката аргументација на г-динот Љупчо Георгиевски. Зошто преку г-донот Бутрос Гали? Затоа што она што г-динот Љупчо Георгиевски не го цитира се наоѓа малку погоре од споменатиот Извештај. Имено, се враќам на првата точка - распаѓањето на Сојузот за Македонија кој, според г-динот Љупчо Георгиевски е еден од клучните , крунските аргументи за поведувањето на оваа иницијатива, бидејќи се создава нестабилна политичка ситуација во Македонија.

Почитуваниот генерален секретар на Обединетите нации по овој дел го вели следното:

XVII/6.-

Расправата помеѓу владеачката и опозиционата партија околу уставната. основа на владината реконструкција не генерираше политичка криза и илустрира подобрување на политичката стабилност во , додавам, Република Македонија, бидејќи РМ стои цело време овде . Јас не чувствувам потреба да елаборирам повеќе од ова,. бидејќи ќе дозволите сепак станува збор за еден експерт од областа на меѓународната политика мислам на г-динот Бутрос Гали и мислам дека со цитирањето на овој став од Извештајот на Бутрос Гали на извесен начин се елиминира или амортизира и првата точка од политичката аргументација на г-динот Љупчо Георгиевски . Не е само толку , има уште едно изненадување во Извештајот на г-динот Бутрос Гали овој пат под број 20, Тоа се однесува на договорот со Грција, кој овде беше оквалификуван од страна на г-динот Љупчо Георгиевски онака како што беше оквалификува, од друга страна во овој Извештај подобрувањето на односите со Република Грција се смета навистина за клучен аргумент за мирот и стабилноста во регионот. И ова нема да го коментирам подалеку од она што е запишаново текстот, останува уште изолацијата на РМ по однос на Европската заедница, јас би рекла по однос на Европската унија, сега знаете како овие денови весниците на ударно место зборуваа за подобрувањето на условите што РМ ги издејствува во процесот на склучувањето на Спогодбата за соработка и трговија со Европската унија. Јас мислам дека нема причина да не им веруваме на нашите преговарачи, мислам дека дотолку повеќе што располагаме со оригиналниот текст во кој се формулирани барањата , поставеноста на Република Македонија по однос на регионалниот пристап и по однос на евулативната клаузула така што јас веќе немам потреба да ја коментирам политичката аргументација.

XVII/7.-

Останува сосема накусо пред вас да изразам сомневање по однос на целата иницијатива како таква иако ја почитувам граѓанската иницијатива, меѓутоа, не верувам во нејзините крајни цели, не верувам дека крајната цел на предлогот за распишување референдум за предвремени избори или за антицпирани избори го сака токму тоа. Всушност верувам дека неговата цел е да се создаде поинаква политичка клима во Македонија, некој тоа го нарече дестабилизација, друг тоа го на- рече несигурност, трет тоа го нарече губење верба во институциите и т.н., има по нешто во сето тоа.

Значи, да беше во прашање навистина таа природа на иницијативата ќе се почитуваше уставната дикција, па јасно ја декларира неможност апо пат на референдум да се распишат парламентарни и претседателски избори. За мене тоа е неспорно. Меѓутоа, мене ме чуди не толку игнорирањето на уставните одредби од страна на предлагачите на иницијативата, мене ме чуди солидарност ана оние партии кои директно учествуваа во клучните периоди на создавањето на конституционалната атмосфера во Македонија, нивното приклучување кон нивната интерпретација на профилот на иницијативата. Меѓутоа, и тука завршувам верувам дека има доволно сили кои во овој Парламент знаат да го читаат Уставот и јас се ослонувам на тие сили.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и госпдоа пратеници,

во секој случај имаме на дневен ред исклучително важно прашање. некои рекоа дека денот ќе се памти по тоа ако навистина усвоиме одлука да се распишете референдум. Јас мислам подолго ќе се памти ако

усвоиме одлука да не се распише референдум , а и во првото е исто така во право.

Денеска ја следам седницата и долго се мислев и се колебав дали да се јавам и се јавив после еден впечаток кој можам да го илустрирам со една извесна загриженост која ме опфати. Всушност, неизбежно е политички аргументи и политички погледи да се пласираат од оваа говорница . Јас мислам оти тоа треба да се сфати нормално да е Она што мене ме загрижува не е тоа што различно мислиме, се разбира, во Парламентот и затоа има смисла да имаме Парламент и повеќепартиски систем да имаме и различни мислења и потоа овде да разговараме за некои приближувања на мислењата.

Она што ме загрижува е дали кај нас покрај тоа што различно мислиме претходно не е изградено толку цврста определба пред да слушнеме другите што мислат воопшто и дури да нема потреба да слушнеме другите што мислат само за да им доскочиме и кажеме колку не се во право и колку се непријатели, сакаат да ја дестабилизираат држава- та или обратно сакаат да ја сочуваат власта или не знам што.

Таа атмосфера ме загрижува таа нетрпеливост, можеби е јак зборот, и нерасположение да се слушне другиот за да се види можеби малку нешто и тој другиот има право и да видиме дали тоа ќе ни помогне да донесеме правилна одлука, а правилна одлука е одлука која ќе биде во согласност со Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Затоа што ако овој Парламент, еден многу добро рече, во кој има луѓе кои го донесоа овој Устав донесе одлука со која се нарушува едно исклучително важно право на граѓаните, или обратно да кажеме, ако се оние во право, па на Парламентот право е да ја донесат, тогаш овој Парламент нарушувајќи го Уставот е генералот на нестабилноста, а не на некој друг да му префрлува за нестабилност, бидејќи стабилноста е стабилност на сите општи движења во државата во склад со Уставот, дури и ако некаде Уставот е тесен и ако треба да се измени треба да се поведе постапка Уставот да се измени, како е предвидено во Уставот со таква постапка. Не да се оди прекутрупа и да се крши. Бидејќи многу луге овде имаат и сопствено сомневање и дали навистина вака стои во Уставот или инаку стои во Уставот јас ќе се обидам некои работи да ги разјаснам. Јас тоа го сметам и за обврска своја, бидејќи јас бев претседател на Уставната комисија од моментот кога седнавме да направивме работна група да направи текст за Нацртот на Декларацијата за самостојност и сувереност, па некаде до скоро и претседавав на сите седници на Уставната комисија, на кои се раправаше за Уставот,во сите фази и ги водев сите оние разговори со стручните работници кои беа должни да ги формулираат идеите кои беа формулирани и изнесувани на седниците на Уставната комисија.

Морам да ви кажам сите ние 1991 година помалку знаевме за демократијата, за системот парламентарен итн. во Западните земји со големи традиции во таа област. Но, се потрудивме што повеќе сепак да научиме и прибравме материјали од многу земји и некои работи ги проверувавме дополнително, да видиме кога ќе ни дојде некоја идеја кај нас како стојат работите во некои други земји. Една од основните

определби на Уставот е изнесена во членот 2 и разработено е во ставот 2 на членот 2 дека власта им припаѓа на граѓаните и тие ја остваруваат преку избрани претставници и преку референдум и преку други форми на непосредно одлучување. Сите експерти не убедуваа дека е тоа преовладувачка форма на формулацијата на основата на власт во сите демократски земји, и затоа така го рековме. Гледам сега овде се сее страв од реферемдумското одлучување. Помалку напагајки го овој случај сега, овој случај конкретен, оваа иницијатива на собирање на потписи помалку се прогласуваме и иде така некако по дискусијата како власта треба да се остварува само преку избрани претставници, а не и преку референдумот, референдумот е опасна работа, ќе му текне на некој да собира 150.000 потписи итн. итн. Тој нагласок е застрашувачки и опасен. Од тоа, па до уште еден чекор дека тие избраници, па ние сме, па никој друг нема веќе. Тоа напуштање на секоја демократска варијанта во државата. Затоа сакам да укажам дека референдумското одлучување е една од основните определби во нашиот уставен систем и тоа е едно од вградените основ ни елементи кои ги имаме.

Втора, така да речам, опасна варијанта, е она што договараа дека мандатот на пратениците, бидејќи навистина така стои дека е 4 години не може на ни на кој начин да биде прекинат. Тоа се извлекува од формулата за неотповикливост на пратениците. Јас сакам да ви објаснам таа, тој предлог како да биде статусот на пратеникот во првичниот текст стоеше можност за отповик на пратениците. Ексепртите кои ни објаснуваат ни кажаа дека тоа еднакво така постои во демократските земји, и неотповикливоста и од повикливоста. И едното го има и другото го има. Ние се определивме за неотповикливост на пратеник, не на пратениците, заради тоа што тогаш во тој момент кога ние расправавме тоа лето течеше една акција за собирање на потписи

во изборната единица на еден пратеник во еден град за да биде отповикан, затоа што рекол нешто што не му се допаднало на некого. Ние затоа расправавме на седницата на Уставната комисија и видовме една опасност. Во одредени услови една мнозинска партија со разработена партиска инфраструктура, со доминација во средствата за информирање може да создаде услови еден по еден сите кои не ми се допаѓаат од опозиционата група или партија да ги отповика. Тоа е таа заштита на малцинството во Парламентот. Затоа тоа го вградивме таму. За тоа постојат белешки има ленти, зошто тоа го направивме. За да обезбедиме демократичност во државата.

Понатаму, пратеникот го одврзавме од изборната единица и рековме пратеникот ги претставува граѓаните за да не може во изборната единица да му се соберат и да му речат ајде назад ти сега. Затоа што во една изборна единица може да се направи и преврт, да речеме од некоја друга партија итн., во овие мегупартиски препукувања а ние сакаме да кажеме навистина демократските односи да можат добро да постојат, да се развиваат итн. Според тоа отповикливоста и неотповикливоста на пратеникот воопшто не е некој неприкосновен ваков или таков принцип. Тоа е како ќе го определите во Уставот. Ние сме се определиле пратеникот да не е неотповиклив, но не и Собранието. Не е Собранието да мора да остане 4 години. Еве кќ ви кажам натаму како одеше работата, добар дел се нови, па тие работи не ги знаете, не учествувате во тоа.

Првичната формулација во членот 63 беше дека Владата го распушта Собранието. Во склад со принципот на баланс на функциите на власта, каде што Собранието избира и разрешува Влада и има право на отповик на претседателот по одредена постапка мора и врз Собранието да има контрола. Некој и него да може да го распушти. Тоа е општ

принцип секаде, во сите парламентарни демократии. Таму стоеше дека треба на Владата тоа право да и се даде. Меѓутоа, но тоа го оставивме извесно време така, но дојдовме на делот од Владата во Уставот. Преовлада уверување дека во Владата треба да бидат членови на Владата кои не се пратеници. Дојдовме во судар со основното начело дека власта им припаѓа на граѓаните, па ако на граѓаните им припаѓа власта, тогаш со од$а, одредба доаѓа дека ако Владата го распушта Собранието, го распуштаат луѓе на кои непосредно граганите не им пренеле власт. И се расколедавме. Тоа е недоследност една и тогаш се вративме и го напишавме - Собранието се само распушта. Сега има тука два проблема, гледам овде, колебања ваши.

Едниот е, дали тоа што се самораспушта Собранието, таму како е формулирано, Собранието е распуштено ако за тоа гласале повеќе мнозинство од вкупниот број пратеници. Некои велат дека тоа не е надлежност на Собранието, туку тоа е право на пратениците како поединци така да изгласат. Тоа апсолутно не може да биде никаква вистина. Не може 61 пратеник поединечно да има право да му одземат на 59 пратеници мандат. Тоа е крајно недоследна работа. Според тоа таквата одлука што ја вградивме, ја вградиме Собранието да може да случи и тоа е надлежност на Собранието и ничија друга надлежност туку на Собранието. Затоа е обврзателана одлуката на 61 пратеник на сите 120 пратеници. Според тоа нема дилема дали е тоа надлежност на Собранието.

Понатаму, се отвара прашањето и се доведува во прашање, бидејќи сме рекле дека за тоа одлучува Собранието не може да се одлучува на друг начин т.е. не може со референдум да се одлучи. Ако останеше дека Владата ќе го распушти Собранието со референдум

не може да се одлучува. Заради тоа што референдум може само по прашање по кои одлучува Собранието, од надлежност на Собранието. Заради тоа што граѓаните на пратениците и на Собранието му пренеле овластив да вршат власт, а пратениците пак на Владата итн. и министрите одговараат пред пратениците а не пред граѓаните. Според тоа оттаму ако останеше првобитното не можеше референдум за предвремени избори, туку сега може, бидејќи е надлежност на Собранието.

Втора, работа е дали може, дали не е пишано во надлежности на член 68. Се разбира не е пишано. Таму не е пишано ни оти само се самораспушта и оти донесува одлука за смаораспуштање. Оттаму вие извлекувате дека таа одлука е нелегална дека давате право на 61 пратеник да отпуштат 59 пратеници. Не е надлежност на Собранието, невозможно, тоа е надлежност на Собранието. Ако е надлежност на Собранието тогаш за него може да се распише референдум,но сега да ви кажам зошто може да се распише референдум и зошто ние до тоа решение дојдовме.

Ние кога рековме дека ја напуштаме варијантата Владата да го распуштите Собранието, рековме да може Собранието само да се само-распушти и таму ни одржаа говор неколку членови на Комисијата, и правници кои ни рекоа е утре сабајле ќе се распушти", не од партиски причини, не од политички причини, туку некој што си е пратеник нема да гласа да не биде пратеник. И тоа е противречност во себе и не може да се донесе тоа решение. Мора да имаме колективно решение Тогаш ние го извлековме дека тоа ќе се прави со можноста граѓаните да покренат иницијатива и да одиме на референдум. Како контрола на граѓаните и гласачите врз Парламентот. Тоа не е така ефикасно како што е во другите земји каде што Владата го распушта Парламентот, но сепак е ефикасно и некоја контрола постои. Сега пак ќе ви кажам како течеше

XVIII/6.-

работата, бидејќи и тука се живи луѓето, ги има , има и белешки за тоа.

Бидејќи претходно за референдумот првата расправа ја обавивме. Ние за референдум заклучивме дека за една варијанта, прашања за кои нема да се бара над половично мнозинство од вкупниот број на избирачи ќе треба иницијатива да покренат 50.000, а за другите помали прашања да бидат 30.000. Кога и ова дојде под референдум, а нас не убедуваа дека во Словенија се 40.000 цензусот и не треба повеќе, експертите не убедуваа во тоа, па колку сакате пишете. Ние тогаш се определивме од Уставната комисија цензусот да го качиме на 150.000 за да не може баш секогаш да се соберат потписи и да се бараат пред- времени избори. И не може, еве пробајте ќе видите дека не може. Може само кога доспеала работата, инаку не може. Ете така стојат работите околу суштината на уставните решенија како се оние донесени која е нивната смисла, кои беа дилемите и зошто се така поредени. Може некој да извлекува и некоја друга логика од тоа, но јас сакам да ја знаете оваа работа за да ни биде мене полесно дека сте ја знаеле, а кога ќе одлучувате, заради тоа што, јас морам да ви кажам, јас бидејќи имав истакната улога во донесувањето на Уставот, да не претерувам, многу маки имав, многу политички притисоци, неверојатни тешкотии беа тогаш, и доредени обврски, се разбира да ви ги кажам и да укажам дека на право сме да донесеме одлука која не е во склад со Уставот. Заради расположението на мнозинството, заради политички причини заради неслагање со оние кои помогнале да се организира таа иницијатива итн. па јас не можам овде да зборувам за тоа со чија програма се согласувам, поблизок сум, подалеку итн. Тоа не е за денес. Тоа може да биде на предизборните митинзи, тоа може да биде било кога. Денес треба да се бориме да донесеме одлука која ќе биде во склад со Уставот. По мое длабоко уверување, бидејќи ја знам целат генеза како работевме и како ги

чувавме јас ќе гласам сепак за оваа Иницијатива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:'**

Почитуван претседателе, баш убаво денеска што слушнавме така добри аргументи, но на крајот правната квалификација на јасната нормираност и прецизност на Уставот беше лошо толкувана.

Тргнувајќи од респективните принципи и сознанија организацијата на власта на РМ е поставена како структура на самостојно релативно паралелни власти чиј статус надлежност и односи се уставно утврдени и гарантирани. Поради тоа во прифатениот модел на власта не може да станува збор за повисока и пониска власт., туку на различни власти кои се подредени пред се на Уставот и на механизмот на контрола на уставноста и законитоста на нивната работа.

XIX/6.-

Ете, колку можев не знам околу ова да помогнам, меѓутоа мислам дека демократијата е придобивка на ова време, но сигурно тоа е и една гаранција дека ние нема да правиме некои работи кои што се спротивни на Уставот, спротивно на желбите и настојувањата кои некои луѓе се одредиле четири години овие луѓе да ги претставуваат овде во парламент и да одлучуваат за судбината на оваа земја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван г-дин претставник на опозиција односно на граѓанската иницијатива, може би по природа имам респект ко тие граѓани кои го ставиле тој потпис, затоа што знам дека во ова наше општество денес има сиромашни, социјално загрозени за кои и ние се грижиме. Имам исто така респект и кон тие што политички се сиромашни, затоа што и такви ги има и меѓу нас и надвор од овде. Денес слушнав доста говорници тука кои велеа: тој пред мене правеше маркетинг, а самиот по него исто така правеше маркетинг политички, затоа што во еден ваков систем се дозволува,дури и маркетингот е една добра работа, проверена работа кај државите кои имаат искуство во демократијата и тоа сосема нормално и се прави.

Јас паѓам во тие што не сакам да ја продавам за некоја ниска цена мојата гордост како пратеник и мојата гордост, гордост како член на Партијата за демократски просперитет, затоа што не сум од тие односно не сме од тие што бараме да имаме добар статус, односно подобар статус од поединци со име и презиме, да речеме г-динот Стојан Андов, г-динот Љупчо Георгиевски, г-динот Петар Гошев, па и г-динот Бранко Црвенковски, туку имаме еден ,мтод и начин, ние се ставаме во функција како пратеничка група и како партија, со сиот наш потенцијал политички и интелектуален, за да успеат демократските процеси во Република

Македонија и само така да се подобри статусот на граѓанинот, статусот на колетивитетите кои живеат во Република Македонија. Дали успеваме во тоа, ке ви дадам еден пример. За тие четири претходни години, првиот мандат, успеавме со нашиве настапи на оваа говорница т.е. во овој парламент да влијаеме така што денес одредени лидери добиваат од нас политичка едукација и во однос на албанците денес веќе се добро едуцирани. Да, дг јас мислам дека во првиот состав имавме остри реплики и со претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, г-дин Георгиевски тука. Меѓутоа, после четири години политичка едукација од мојата пратеничка група, денес веќе начинот и зборуваме многу полесно, дури да ви кажам можеме и да седнеме некаде заедно да разговараме. Тоа е добро, значи треба време.

Меѓутоа, морам да ви кажам изненаден сум малку од г-динот Гоше] некако кај него ми се чини барем такви се моите впечатоци, нешто оди ретроградно во однос на тоа што беше едно време. Дали се во прашање добро амбиции за да се врати во овој парламент, па функција итн., меѓутоа, барем тоа се мои впечатоци иако исто така доста добро комуницирам и со него.

Тука, слушнав доста дискусии - јас не сум правник, ама после само ги брои членовите 73, 68 и тн., толкува устав, а два-три пати вели не сум јас правник, ама слушнав. Навистина и јас денес прашав неколку правници, ама добив различни толкувања и на крајот дојдов до еден мој заклучок, иако имам горко искуство од тоа во овој парламент правилна одлука е како ќе одлучи мнозинството. Токму тие кои велеа, кога поставив јас прашање или мојата пратеничка група на овој парламент - што е ова бе, не поминуваат наши иницијативи, наши амандмани - а, знаете како, вели, демократијата, мнозинството одлучува. А денес не сака да го спомне тоа дека мнозинството одлучува затоа што веќе зборува од друга опозиција.

XIX/8.-

Сега кога не би биле сигурни дека оваа иницијатива нема да помине, верувајте нема да претерам, ама многу дискутанти не би се појавиле на оваа говорница, да кажат дека ова е уставно, јас сум за иницијативата. Меѓутоа, однапред знаат дека не поминува ваква иницијатива, затоа што искуството покажува дека ние сме имале вакви иницијативи. Првата иницијатива беше од СДС и не помина тогаш. Имаше и многу иницијативи кои не поминаа, затоа што тука се ставаме и сами во таа игра каде што ги гледаме нашите сметки. Мораме да бидеме искрени до крај. Јас познавам колеги кои кога се гласаше тајно од иницијативата на СДС за предвремени избори, пред да се гласа се тресеа - како ќе помине ова, ако помине, што ќе правам јас.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

И денеска се тука на Водно и добро ги познавам, но еве не сакам да ги спомнам. Некои велеа па граѓаните, народот го бара ова. Македонија 200 илјади има ли граѓани или 170 илјади граѓани, барем таа статистика што не ја признаваме како Пратеничка група признавајте ја вие дека над 2 милиона има. Одговорни пред граѓаните. Каде сте слушнале и од каде знаете дека најодговорни се граѓаните од тие од опозицијата. Најнеодговорни пред граѓаните се тие од опозицијата. Ако треба некој да биде одговорен пред граѓаните треба да бидат тие во позиција, затоа што се носат непосредно со сите проблеми, државни, национални и тн. и тн. Да ви кажам јас со тоа задоволни, незадоволни граѓани, јас проштевајте што морам да ви кажам една моја лична случка, еден ден доаѓајќи во овој Парламент застанав на Бит Пазар да земам весник. Зима беше, ладно, минус 10 или 12 степени целзиусови. Земајќи јас весник еден што излегол да бара работи, чаре, еден граѓанин Албанец му студи и вели за да го слушнам јас не оди со овие, не може да се гради вака држава, псуе власт и се натаму. Јас не реагирам, затоа што имам разбирање кон него. Човекот треба да се врати дома, децата бараат. Доаѓам и поручек некаде попладне си одам низ една прошетка низ Мавровка. Тогаш еден бизнисмен ме виде и ми рече г-дине Рамадани дојди малку на едно кафе. Отидов на кафе. Тој ми рече правете што правете, чувајте го мирот, се подобро нека биде, затоа што добро е, ќе биде уште подобро. Знам, човекот е добро ситуиран и затоа се надева дека добро е ова, но може да биде уште подобро. Во врска со иницијативата уште ова ќе го кажам. Јас со моите колеги од мојата

пратеничка група правиме некои други анализи. Во оваа иницијатива и околу оваа иницијатива се најде еден конгломерат чуден. Не само две политички партии од позицијата. Знаеме ние кој е се вмешан во сето ова и сеуште не ни е јасно дали се работи за нешто што е многу покрупно, да не се работи за некоја политичка опција која искрено да ви кажам каде што јас се сомневам и јас и понатаму со нашите аналии барем делиме дека најдобро е на власт да бидат тие кои искрено без дилеми или со многу помалку дилеми имаат европска опција. Тие што прикриено се носталгични, а велат а овие се комунисти, овие се леви, богами сеуште не верувам и н езнам кои се леви кои се десни, сеуште се профилираме сите и мислам дека овие работи ми се доста јасни. Затоа имам и други причини. Мислам дека нашето искуство не учи слепи на избори предвремени не одиме. Сакаме и многу јасно да имаме закони кои, веројатно сите сте свесни, треба да го прифатите тоа, секоја политичка партија гледа во тој пакет на закони каде му е местото и што може да добие. Ако јас проценам, ја имам таа можност и да проценам денеска и да одлучам зошто да одам на слепо на предвремени избори каде што ќе изгубам. Јас сум реален, не кажувам како некој пак 90% се со мене, 100% се со мене. Проверката се прави таму каде што се прави. И на крајот ќе завршам со тоа дека мислам дека најдобро е да се даде еден почит, односно респект кон тие што имаа ваква иницијатива иако ништо друго ќе се добие нешто. Сето тоа ќе влијае и ние кој сме во мнозинство, таму каде што ги правиме грешките да правиме корекции, затоа што нема власт и немало никогаш власт која владеела без грешка.

XX/3

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, прекрасен ден за политички маркетинг и демагогија. Навистина денеска чувме неколку политички баритони специјалисти за економија, социјална политика, право, парламентарни прашања и тн. и кај нас се создаде едно чувство слушајќи ги сите оние кои се залагаа за референдумот дека во оваа држава како ништо да не е постигнато, сите вредности кои што се гордееме секаде се доведуваат под знак на прашање. Анализирајќи ги сите оние кои денеска продефилираа на оваа говорница, слободен сум да констатирам дека можат да се издвојат 3 вида на стратегии.

Првата група се оние кои што ја поднесоа иницијативата односно партии што благодарение на својот генијален потег да не присуствуваат да го бојкотираат вториот изборен круг се доведоа во состојба да се запрашуваат за својот политички идентитет, значи се работи за едно губење на идентитетот и нормално јас имам разбирање и за нивната акција.

Втората група се партии поединци политички аутсајдери кој што одат на еден политички блеф. Сметаат дека тоа е извонредна можност да се заработи некој глас повеќе и во таа насока чувме неколку дискусии и третата група која е Социјал демократскиот сојуз на Македонија и другите партии кои што инсистираа на почитување на Уставот. Јас лично иницијативата навистина ја почитувам бидејќи сепак дали со 100 илјади, 120 или 50 илјади, тоа се група луѓе кој што живеат на овој простор и анализирајќи ја целата оваа состојба ќе ми дозволите да се задржам на 4 точки што сметам дека се многу битни за да подобро ја сфатиме политичката суштина на целиот овој маневр, бидејќи мислам дека за

правната суштина на сите ни е јасно дека Уставот практично не овозможува можност за референдум за предвремени избори. Во кој временски контекст и простор е покрената иницијативата? Ние живееме во Македонија, на Балканот ја бележиме 5-тата годишница од нашата независност и сувереност и мислам дека можеме да се пофалиме I со значителни успеси, изградивме држава, земавме една историска одговорност за таа држава, нормално во едно посткомунистичко време со сите аномалии на демократијата, социјалните тензии, економска проблематика итн. Меѓутоа, да бидеме политички реалисти. Мислам дека спаѓаме во подобриот дел на држави од Балканот. Анализирајќи ги соседите и видете ја нивната демократија и нивните социјални тензии, нивните проблеми инфлации и тн. Некои направи една паралела меѓу Де Гол и неговиот потег кога се повлече од власта. Всушност во Франција не беше распишан Референдум, Де Гол реши да се повлече да оди на повгторни избори. Мислам дека асоцијацијата од 1967, 1968 година во Франција и 1996 година во Македонија е навистина сосема различно, сосема поинаку. Во Франција тоа беше време на студентските немири, во Франција беше време на големи динамични промени, синдикатот, студенти, интелектуалци, невладини организации. Сите излегоа на улиците. Франција во тоа време беше една земја во која што беше навистина во една демократска транзиција, напушташе едни вредности, за да помине во други вредности. Денеска тоа ние во Македонија го немаме. Во Македонија како што знаете навистина демократијата е кревка. Не треба да ги идеализираме работите, меѓутоа, е јасно сепак дека Македонија успеа да направи огромни чекори. Нема да ги повторувам сите институции каде што Македонија е веќе присутна.

Меѓутоа, факт е дека нејзината појава беше шок за целиот регион, а политичката елита која ја водеше во тие напори во овие напорни и тешки времиња, врз себе зеде една огромна одговорност.

Второто прашање, кој субјекти ја покренуваат иницијативата. Видовме тоа се двете партии, вонпарламентарните кој некој истакна тоа беше нивна грешка, јас ќе потврдам, мислам дека сите ќе се согласиме со тоа дека навистина нивното присуство во Парламентот е минус за македонската демократија и самите на себе нека си признаат дека тоа беше огромна грешка што го побјотира вториот круг на изборите и не само грешка, туку една шлаканица за оние што им дадоа доверба. Тоа значи беа истите овие луѓе што се сега потписници беа всушност казнети од нивните избраници да не учествуваат во власта. Мислам дека тоа треба да биде, дури и Уставот овозможуваше, да им биде една добра поука дека од политичката сцена не треба никогаш сам да се повлекува. Да не зборувам за политичкиот реализам, мислам дека симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на Демократската партија беа казнети со бојкотот. Меѓутоа, да видиме дали зад оваа иницијатива стојат други субјекти. Видовме ЛП, поединци и тн. во ред. Тие се борат за политички маркетинг и тоа може. Видовме ПДП-а и тие настапуваат со таква стратегија истакнувајќи дека тие се храбри и дека храбро одат заедно и мислам дека тоа е добар опиум за народот. Меѓутоа, каде е цивилното општество, каде се невладините организации, зарем не беа тоа основните елементи кои што доведоа до промената на општеството во посткомунистичка Европа. Каде се интелектуалците, каде се медиумите. Според тоа, сето тоа ни дава еден аргумент да ставиме знак на прашање од целата оваа иницијатива. Кон што е насочена сета таа иницијатива. Некои употребуваа зборови, тоа е опасно, едни термини кои што некои

времиња беа доста популарни. За мене нема ништо опасно, за мене има една резерва. Знаеме дека целта е освојување на власта. Меѓутоа, со која стратегија, со кои кадри. Веројатно каде ќе се најдат меѓутоа, со која стратегија, дали ние чувме денеска некоја стратегија да се каже еве Македонија има таква и таква социјална проблематика, меѓутоа ние ќе настапиме вака. Нашата социјална тензија ќе ја решиме на тој начин. Таква стратегија не чувме. Меѓутоа, она што многу може да не загрижи тоа е едно друго прашање кое денеска кое многу малку го зафативме, тоа е односот на една вечна дилема што се поставува од 1991 година наваму, тоа е односот на континиуитетот и дисконтинуитетот. Се плашам дека сеуште во Македонија постојат политички партии кои зборуваат за еден дисконтинуитет. Дека некако треба да се прекине историјата, дека е неопходно да дојдат некои нови сили, дали тоа значи дека ако претпоставиме дека ако дојдат такви сили на власт дека ќе дојде до едно масовно прочистување, дека ќе се употребат некои револуционерни методи како што беше 1946, 1948 година. Дали ќе се создава пак една нова колективна катарда меѓу македонскиот народ. Во таа смисла сметам дека иницијативата, односно целта на оние кои што стојат е токму насочена кон оваа насока. Меѓутоа, секогаш анализирајќи ги вистинските состојби во државата, моето мислење е следното. Во однос на оваа иницијатива дека ги респектирам тие луѓе кој беа инволвирани во еден домен на имагинарното, а тоа ќе признаете обврска сега на оние што ги инволвираат да ги вратат во доменот на реалното, а враќањето во доменот на реалното еден голем политички ризик, односно сериозен демагошки ризик за сите оние што настапија на овој начин. Според тоа, сметам дека иницијативата за референдумот за предвремени избори и од политички и од правен аспект е неоправдане и сум за оние кои што ќе гласаат против оваа иницијатива.

XXI/1 СЈ/ЛБ

**САЛИ РАМАДАНИ:**

(зборува албански)

Ако продолжиме вака ќе одиме за жал таму каде што отиде бившиот Советски сојуз и бившата Југославија. Но, сили ќе најдат овие народи и нема да го дозволиме тоа, јас сум убеден. Сакав уште кога дневниот ред требаше да се утврди да се појавам како и некогаш да ви ќажам дека овој дневен ред не е нешто вред, оваа точка не треба да се постави на ваков начин, тука сме другари и сите во заблуда, следев преку телевизија од канцеларија горе и вака сигурно следат граѓаните на РМ, ова ми личи на еден циркус, се извинувам, и јас заедно со вас зошто? Нити сакам да се впуштам во дебатирање, беа тука и добри дискусии, и супер, брилјантни, но мојот пратеник исто е во заблуда, таа дискусија не е за тука, значи неговата , па и вашите другите. Зошто? Да ви кажам , прво, или самиот претседавач ве однел сите вас во заблуда или постои договор меѓу Сојузот со неговите опоненти односно со неговата коалиција, можеби вие знаете дека не терате нас другите во заблуда, а можеби не, ако не сте и вие доведени во заблуда или цела Македонија ја доведете во заблуда. Зошто?

Ве молам во предлогот стои, Предлог за распишување на референдум по прашањето ... и тн. зошто ваков предлог, овој не е предлог на закон. Нашите односи со ВМРО- ДПМНЕ се знае какви се и другите вонпарламентарни партии и демократска партија, ние имаме нешто заедничко, а и многу различни работи. Заедничко е тоа што ја сакаме Македонија,тие го сакаат многу македонскиот народ што е добро, ние ги сакаме нашите албанци исто така, значи луѓето ги сакаме прво своите, сигурно не ги мрзиме и другите. Ако има некои точки каде не се согласуваме сум го изјавил тоа и тука и преку телевизија и тн. ќе најдеме заеднички јазик, сум рекол зошто и тн. Меѓутоа тука беа неколку толкувања на овие правни прописи, на Уставот и законите. Јас мислам

дека во овој дом има добри правници, туку затоа што се добри и вешти па сакаат да не доведат во заблуда. Прво, да видиме дали овој мандат трае четири години, па трае четири, па што? Туку ова е нешто друго, нема врска со тоа што трае четири години..Или кој треба да распише референдум и тоа се знае. Да ги набројам сите, јас сум се подготвувал и за дебата туку не сакам, прво, затоа што и јас би довел во заблуда, а второ и доцна е многу па не сакам да бидам досаден. Само многу кратко, да ги оставиме сите овие членови и 7 2 и 8 и 63 и 73 и 78 , тие имаат врска таму каде се поставени, нема тука добро и лошо толкување. Нешто г-динот Андов кажа и тоа многу објективно, со него токму денеска се согласуваме, значи има оригинал но, значи интерпретирање на Уставот затоа што бил на чело на таа Комисија, значи знае како мисли Уставот, како диши,. а не како што стои на крајот, тука, во самиот Устав.

Меѓутоа, затоа што би бил против овој дневен ред на ваков начин не требаше денеска воопшто да се води расправа, единствено ако треба врз основа на уставот врз основа на член 73 став 3, само да се констатира во заблуда се доведени и самите претставници на граѓанската иницијатива, многу почитувани претставници и лидери на партиите и тие дебатираат одлично но не за тука, не беше местото за дебатирање. Значи можеле, морале да бидат тука присутни само на свечен начин, значи пред нив да се распишува референдум односно денеска да се констатира и јас не сакам да ви читам, тука ги имам сите закони и од Уставот извлечени, меѓутоа да ви кажам оној фамозниот член и малку ако треба да го толкувам, значи 73 став 3 "Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150 илјади избирачи. Ве молам, што има тука да се толкува значи да пишуваше 500 илјади избирачи или милион што ќе направиме тука. Таква цифра е земена била предложена, значи тоа е точно и нема избегнување. Јас би сакал вие овде, тоа нема врска со албанците, многу,

не, колку толку колку за сите граѓани нема ни со мене, туку би сакал да греши- те еве така па да не гласате, ако по мое предлагам да не се гласа воопшто туку целата денешна дискусија да се брише како не постоеше воопшто. За жал можеше да се расправа за ова, но на некој друг начин да немавме други точки за да се заврши 46-та седница која беше закажана"-и тн. Значи нема што да се толкува туку од онаа заблуда, ако случајно сте и вие кој сте на власт со коалицијата случајно доведени, па некако излезете, па тоа некако да го сфатите, да биевте и вие со мене горе и да следите како тука изгледа. Значи мислам дека не треба воопшто да се гласа, вие гласајте ако сакате туку намерно вака пра вите игра, па ајде да расправаме, па нека се искажат другите од парламентарните групи помали, па и овие вонпарламентарните опозиции и претставници на граѓаните, па на крај еве расправавме, па што, еве мнозинство има и гласаме. Значи погрешно гласате. А знаете кој е над парламентот уште по Уставот како чувар на уставноста и законитоста, тоа е Уставниот суд. Па, ако згреши Уставниот суд случајно, и вие ако случајно гласате тука, па згреши Уставниот суд, Сали Рамадани не само што ќе го напушти Парламентот, туку ќе ја напушти и Македонија, Европа е близу, во Аљаска или во Австралија. Значи веќе не сакам да живеам тука, што ќе ми. Така да е јасно навистина.

И, една друга работа на нас како пратеничка група луѓето се чудат, ќе направам една мала дигресија овие странски делегации како ние како партија како парламентарна група бараме предвремени избори, а изборите си ги добиле. Теоретски можеби нема да се кандидираме. теоретски можеме да добиеме, зошто? Нека добие народот, а вие се плашите. Јасно е, се знае која партија која партија колку ќе добие. Луѓето се веќе сити од ветување, да не зборуваме затоа што денеска беше тука речено каква е нашата економија, колапсот, политичкиот систем, значи нема и правен систем и тн. Значи интересите не се еднакви. Ако се

гласа, како да гласаат овие луѓе против себе, како ќе се распушти Парламентот, па не може тоа. Затоа немојте да им давате право на глас, да не гласаат воопшто затоа што е против Уставот значи не треба да се гласа, а на сето тоа стои Уставниот суд кој не- може да греши, знаете колку членови и закони се оспорени зар не? Нешто околу 80%, а и ова ќе биде така.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, и господо, навистина денеска водиме една можам да кажам целодневна расправа во која бар за мене од почетокот и во подготовката на седницата се наметнуваше едно прашање, каков пристап да добие оваа иницијатива во самиот Парламент. Дури јас лично долго време се двоумев како пратеник во сопствената фаза на креирањето на мојата одлука по овој проблем како да пристапам. И мислам дека дојдов до едно исправно од мој аспект гледано сознание, мислам дека тоа денеска се потврди. Овој Парламент дефакто има поларизиран пристап кој во основа е или врз партиска припадност или врз основа на односот кон институциите на власта во овој момент. Затоа јас ќе се обидам колку што тоа ми дозволуваа, се разбира мојата совест, па дури и мојата партиска припадност на пратеничката група, во моите размислувања да се апстрахирам за момент од свеста за партиската припадност и ако е тоа можно да бидам условно кажано незаинтересиран директно кон прашањето на дневен ред. Се разбира до колку е можен таков обид, јас верувам дека е можен .

Барајќи го таквиот пристап се враќам во септември 1992 година, зошто? Затоа што мислам дека тука почнува генезата на ова што денеска се расправа во парламентот. Во септември 1992 година, во Македонија после првите повеќепартиски избори дефакто се продлабочи плурализмот, тогаш дефакто се доведе позиција и опозиција, се избра

политичка Влада, во тоа време коалициона, составена од четири коалициони партнери, се створи јак коалиционен блок во Парламентот и се разбира опозиционен блок вон Парламентот. Се случи апстиненција, значи веќе конкретно од власта и конкретна одговорност кон власта од одредени политички субјекти во Парламентот и вонпарламентот. Она што денеска го понудува граѓанската иницијатива за која што јас се извинувам, ако некогаш во мојот говор понатаму употребам иницијатива на две партии, мислам дека и самото претставништво на иницијативата денеска тоа го потврдува. Каква е таа граѓанска иницијатива, со што не ставам негативен предзнак, се разбира. Мислам дека партиската иницијатива не е ништо зло и може да се претстави како граѓанска иницијатива.

Мислам дека започна еден процес во тоа време на така- наречено негирање на се што се случува во РМ од страна на опозицијата која, тогашна парламентарна опозиција сега дефакто како вонпарламентарна опозиција, се јавува како предлагач на 170 илјади потписи пред овој Парламент, за кои после ќе кажам што мислам.

Значи, добивме опозиција која не прифати дека некој дел од нивната политичка платформа и политичка програма може да се совпаѓа со нешто што се случува со Македонија, добивме позиција која амблок се определи да биде опозиција во буквална смисла на зборот на се што се случува на политичката сцена во Македонија, па така добивме опозиција, која мислам дека до ден денес не се промени во суштината, која комплетно ги негира демократските придобивки, која ги негира комплетно поодделните аспекти на политиката во РМ, надворешната политика на РМ многу значајните и витални меѓунационални односи во РМ, ги негира или ги потценува економските промени во РМ, економската политика или поодделни сегменти, приватизацијата, негира она што се прави за интеграција на Македонија на меѓународната политичка сцена, фури денеска во едно од воведните излагања слушнавме почнува да станува

проблематичен начинот на кој Македонија се приближува кон европските интеграции, дека тоа значело не пристапување на Македонија во интеграциите, туку прифаќање на улога на тампон држава кон некој други зони во светот. Значи тоа веќе внесува одредена резерва кон тоа. Така да можеме да наброиме цела лепеза на политички проблеми за кои ние имаме дефакто во Македонија негирање на постојната политика.

Мислам дека тоа се продлабочуваше со текот на времето до таа мера, до дефакто и еден поединечен закон од опозицијата, парламентарна, во овој момент вон парламентарна не беше прифатен , ниеден единичен закон. Во такви услови се дочекаа изборите од 1994 година со истите политички субјекти и веројатно со истиот пристап. Се отиде на изборите со философијата дека или ќе промениме се радикално и ќе збришеме се што се случува или нема да промениме ништо. Логичниот резултат на таквата политика затоа што може тоа да се играме во партија шах, може да се играме на партија катри така, на ризик, меѓутоа со една држава таквиот ризик секогаш се враќа во вид на шамар. На изборите се случи логичен резултат. Тогашниот Сојуз за Македонија како водечка политичка сила во тој момент освои голем број на гласови  притиснати од ова што говорев досега и ова што се случува на изборите единствено решение беше во таа игра на коцка да се повлечат од втори- те избори, да го зачува некако својот идентитет и некако својот дигнитет дека ете, не учествуваме во изборите.

После продолжувањето на вториот мандат во нашата држава мислам дека политиката на михилизам не се променидо ден денес. Мислам дека ова е битно заради генезата во какви услови се случува иницијативата за референдум, за распишуваше референдум за нови избори до крајот на 1996 година. Се разбира дека во такви услови,

таквото однесување на таа опозиција ја принуди или наиде на добредојде кај позицијата, ги зацврсти своите позиции во власта , не во негативна смисла, во позитивна смисла, ги доби сите институции на власта во доволен број за да може да ги спроведе и своите промени, во третинско мнозинство, да не мешаме највисоката институција на власта, Влада, сите компоненти на власта. Конечно доаѓа до некакво отрезнуваше, до некакво, од денешното јас не сум убеден дека е целосно отрезнувањето и би ме радувало да ја видам вонпарламентарната опозиција конечно и потрезна во ваквиот пристап. Се Свади дека целта во овој дел во кој од нашата политичка програма не може да се остварува на таков начин. Се сваќа во погрешен момент, не се сфати 1994 година, не се сфати пред тоа и сега се бара нешто да се случи кога не е времето. Но, за разлика од тоа што конечно се сфати дека не може целта така да се оствари, не се сфати дека треба да се промени методот на делување. Се избира повторна една иницијатива за кое имаше една предисторија за која сакам да кажам и мислам дека е битна, се избира иницијатива за остварување на својата политичка платформа која нема уставеносво, која има многу спорен уставен основ, па дури мислам дека за сето ова што се случува 1992 година и 1996 година се бара некакво алиби, кои и самите не го третираат како целосно алиби, меѓутоа мислам дека на некој начин претставува миење на раце за месец, два , три или времено смирување на сопствената совест , или на внатрешната совест во овие политички субјекти, дека постои алиби, еве не успеавме. Меѓутоа, грешката е веќе направена.

Се спроведува самата иницијатива. Јас не сакам и не сум апологет ниту на овој парламентарен состав, ниту на политичката програма која ја застапувам јас и мојата пратеничка група. Не сум ниту апологетски

припадник, апологетски подржувач на Владата на РМ, не сум апологетски припадник и сметам дека треба за се за што е во ред за тоа да се гласа, за што не е вред на таа Влада да и се укаже од наш аспект. Се разбира дека имаме разлики и тоа е логично, г-динот Андов кажа, тие разлики се очигледни и се пожелни. Не треба да имаме само апологетски пристап

Што се случи. Опозицијата најави ваква иницијатива. Влада- та реагираше, најави донесување на закон. Каде е грешката на Владата. Грешката наша и на овој Парламент до 1991 година до денес. Таа грешка треба да ја сносиме ние кои сме на позиција да имаме мнозинство во Парламентот од 1992 до денес. Ние заборавивме дека Уставот треба да го операционализираме. Прво, значи да одиме член по член во Уставот, за тоа јас не можам сопствената одговорност да ја отстранам и да види- ме што се произлегува од Уставот и тоа да го направиме, како прво затоа што се доведуваме во прилика да ако не го операционализираме со закони, ќе го применуваме директно, а се слагате ли со тоа дека секогаш имаме спор во Парламентот. Секогаш кога имаме потреба, директно Уставот секогаш имаме спор. Секогаш кога Уставот е во судир со деловникот или со некој друг закон зошто не сме ги донеле законите што произлегуваат, ние имаме спор во Парламентот, на Уставен суд, па Вие знаете што се Уставниот суд, не како што вели г-динот Сали Рамадани поништил 80%, тоа се разбира е бројка која што ја импровизира во овој момент, меѓутоа поништи многу акти кои се на сила донесени пред Уставот, кои ние не ги сменивме и сега се во судир со Уставот кој е на сила, тој е повисок правен акт и тој се променува. Таа грешка ние не можеме, не смееме самите да кажеме дека не сме ја направиле. Таквата грешка е што не донесовме закон како се оди на собирање на потписи на време имавме 5 години, таквата грешка е што не операционализиравме кои се тие прашања со закон кој ќе произлезат од

XXI/9.-

Уставот доколку може. Видете, јас сум припадник на оние кој мислат дека пренормираноста во општеството е добра. не треба да се плашиме од нормираност во општеството, демократијата значи ограничување на демократските права и слободи на сите. Ограничувањето се врши со акти во овој Парламент.

Сите ние имаме прилика да добиваме разни мултилатерални документи на меѓународни организации и документи на држави и закони од држави, па јас мислам дека ќе се сложите дека нашите се многу помали од нивните. Видете еден обичен документ од Европската унија кој не е никогаш под 500 страници ако се бави со уредување на односите внатре во Унијата. не оставаат празен простор за ништо. Нашата грешка е што помисливме дека можеме, не до бескрај, туку дека можеме в еден одреден временски период притиснати сега од ембаргото, од санкциите, притиснати од проклетиот проблем со името, притиснати од внатрешните прилики дека можеме нешто да одложиме да дадеме приоритет на друго, ние моравме да сфатиме ако сме се кандидирале, ако одредени политички партии преземале одговорност дека тоа треба да го работат 24 часа.

XXII/1 .-JM/MJ

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Инаку, доаѓаме во непријатни ситуации. Сега треба нашиот Устав да го споредуваме со устави на 100 држави чии устави постојат 100 години, чии устави се операционализирани во стоте години. Ние имаме пет години, моравме да запнеме повеќе. Едноставно мораме да запнеме повеќе, немаме време ние сега да чекаме тоа да се операционализира кога ќе дојде приликата. Тука ја гледам одговорноста на нас кои сме во позиција, кои ваквото однесување на опозицијата по мое длабоко уверување недоволно конструктивно, недоволно свесна за позицијата во која се наоѓаме па нас не однесе на друга страна сега, да можеме малку да се разлабавиме. Во такви услови најавена иницијатива од страна на вонпарламентарната опозиција Владата најави закон. Се разбира дојде до она до што веројатно нормално доаѓа. Јас не знам за другите, се извинувам, за другите политички субјекти, но знам дека Владата најави донесување на закон во рок од неколку, во тоа време во рок од неколку дена, недела, две. Социјалдемократскиот сојуз издаде соопштение како партија, не го злоупотребувам се извинувам, меѓутоа во контекст е, не знам за други политички системи, за други политички партии издаде соопштение во кое најави донесување на таков закон. Меѓутоа соопштението на Социјалдемократскиот сојуз со оглед на мнозинството во Парламентот значи акција, значи се одредивме дека ќе дојде до тој закон. Опозицијата наместо да сочека два-три дена за да го види тој закон и понатаму да кооперира на тој план, мислам дека ја направи сега уште еднаш грешката, со што го влечев аргументот претходно дека само сакаше да создаде алиби, а не да создаде услови за да дојде до собирање на потписи, само да создаде алиби. Брзо, брзо истрча пред да се гласа законот во Парламентот за три дена да ги собере потписите за

кое после повторно си давам за право да зборувам што мислам за тие потписи. Мислам дека тоа не беше однос кој одеше во конструктивно водење на акцијата, конструктивно беше ако се чекало толку време од изборите 1994 до денес, па почекајте уште една недела зошто очигледно беше законот во процедура со најава за итна седница, за седница со итност од страна на Владата го донесовме законот преку ноќ дефакто и ние се согласивме, барем зборувам за мојата пратеничка група дека го гледавме ноќе дефакто законот на пратеничка група за да можеме продуктивно да го донесе ме утредента и тн. Меѓутоа добро, тоа се отиде така. Се собраа, или се доставија 218.000 обрасци до Собранието на Република Македонија. До нас пратениците се разбира дојдоа само дописи од Владата на кои се разбира дека веруваме. Бидејќи сите го имаме извештајот нема целосно да кажам што се случува, меѓутоа самата Влада утврдува дека, Заводот за статистика дека цирка некаде 50.000 ливчиња се неисправни во податоците. Некој тука кажа, јас се согласувам со тоа дека доколку има 200.000 ливчиња само 30 ливчиња на луѓе кои се веќе починати во тој момент кога се собираа потписите Тоа укажува на фактот, извинете можеби е зборот тежок, меѓутоа укажува на фактот дека е пристапено кон фалсификување на собирање то на ливчињата. Ако има лица кои се отселени од Македонија и тоа е веќе факт кој нас ни кажува. Владата ни кажа дека со исправни податоци се доставени некаде околу над 150.000 потписи. Сосема е небитно колку штом се над 150.000 потписи. Меѓутоа Владата не тврди дека се тие потпишани од луѓето кои се на ливчето назначени И сега јас ќе се послужам со еден реторички однос кон еден од иницијаторите. По пребројувањето од страна на Заводот за статистика изјави на прес конференција дека и едно единствено ливче ако е одбиено од страна на

Заводот за статистика ние сакаме наш посматрач таму да му се објасни зошто е тоа ливче одбиено. Во ред, меѓутоа од другата страна на работите тоа изгледа вака. И секој поединечен потпис што е доставен сакаме да сме сигурни дека тој е валиден. Ако оние кои ги собирале за едно ливче се бунат од 50.000 да им се докаже зошто се тие отфрлени, заради несогласување на адреса, умрени, иселени, погрешно презиме, погрешно име, тогаш зошто ние анблок не заради тоа што јас имам доверба, или не, туку заради тоа што сме ние пратеници, затоа што ова е Парламент и Парламентот има преголема одговорност да верува без соодветни материјални докази. За тоа постои закон. Зошто се брзаше пред законот мислам дека претходно објаснував така што јас имам полн респект иако не се согласувам, респект и почитување кон оние граѓани кои излегле, се потпишале, ги дале своите потписи за ваква иницијатива затоа што тие така мислат. Јас тоа длабоко го почитувам, меѓутоа верувајте ние како Парламент мораме да имаме и соодветни докази дека е тоа навистина така. Инаку, можеме да влеземе во сосема поинакви односи и за многу други прашања во државата.

Второ, што мислам за таа иницијатива. Се направи еден многу опасен преседан, граѓанската иницијатива преставувана од две опозициони партии вонпарламентарни опозициони партии, дефакто направи партиска анкета на граѓаните во Република Македонија. Извинете, не само што не се согласувам, туку ја користам оваа говорница и да протестирам заради начинот на кој две политички партии пратија свои партиски луѓе до секоја куќа писмено да ги анкетираат дали сте вие за иницијатива за нови избори, како што мислиме ние, или не. Тие веќе имаат, имајќи го предвид и фактот дека јавно изјавија дека го прават тоа во повеќе примероци едно за во Собранието, едно за во Советот на

Европа, едно за во сопствената архива. Тие веќе имаат многу убава анкета писмена на секој кој сакал, или кој не сакал да се поклони на нивната желба анкетиран дома. Што тоа значи можеме да претпоставиме заради повеќе причини. Прво заради причината дека некогаш овие две партии особено едната за која можам и да се сомневам можат да дојдат на власт и тие списоци да ги извадат, да видиме сега кој сакал да има нови избори кога ние не бевме во Парламентот, а да видиме кој не сакал. Едноставно сакам да кажам дека партиско анкетирање на граѓаните дали сте за нашата, или не, јавно е неприфатливо. Тоа е извинете ама јавно анкетирање. Ако ништо друго должен сум на ова да кажам и заради тоа што имав вакви предочувања од граѓаните во мојата изборна единица, па дури и мојата куќа е партиски анкетирана. За мене не е проблем, меѓутоа има луѓе кои не сакаат јавно да кажат дали прифаќаат една, или друга политичка програма и за тоа имаат тајни избори во оваа држава и тајни референдуми, или иницијатива пред државен орган кој ја гарантира тајноста.

Се придружувам на оние дискутанти кои размислуваат дека ваква иницијатива може да створи опасен преседан во Република Македонија. Заради тоа што ако таквата иницијатива најде своја подлога за Собранието како највисок политички орган во Република Македонија. Тогаш замислете со новата територијална поделба на општините колку потписи ќе требаат за секој градоначалник, колку пот- писи ќе требаат за секој општински совет. Општини од по 10.000 жители колку малку потписи се потребни за секој петти, или шести месец да има избори за нов градоначалник, или референдуми за избори за нов градоначалник, или референдуми за избори на нов општински совет. Ако важи за Собранието, тогаш тоа мора да важи апсолутно за единиците за локална

самоуправа и за органите на локалната самоуправа. Па дури се поставува и прашањето зошто не и за другите органи кои се бираат директно избори, дали може да се применува соодветно како за Парламентот и за другите институции во државата кои се бираат непосредно од страна на граѓаните. Политичката логика. е следнава, не е случајно измислен мандатот од четири години. До него е дојдено искуствено. Има политички програми кои се остваруваат во текот на четири години. Треба да настанат навистина сериозни проблеми во една држава за да тоа се случи порано. Меѓутоа да имаме предвид уште нешто. Секоја добивка во иднина има некој губиток во моментот. Ако ние воведеме практика да една програма ја тестираме на првата година од нејзиното спроведување, или на првата година ипол од нивното спроведување, тогаш влегуваме во зоната на трошоците на таа програма, или покласично да кажам ако ние сакаме да имаме една фабрика задутре, ние треба денес и утре да двоиме и да се откажуваме од задоволствата, да се откажуваме од задоволствата за да ја имаме задутре фабриката. Ако ние задутре ја добиеме фабриката тогаш е лесно да нашето мислење го ориентираме, сме се откажале за ова добро, во принцип за поголемо добро од откажувањето. Меѓутоа, да се ориентираме во моментот кога се откажуваме од нешто заради нешто задутре тогаш без да го видиме текстот, значи да го пресечеме на пола процесот, да кажам условно на инвестирање од сопствената политичка програма, мислам дека покрај другото е политички не фер, дури мислам дека е и политички неиздржливо. Шведскиот парламент има мандат од три години, не знам зошто е тој преседан, тоа е нивна уставна определба. Таму владеат сериозни размислувања дека промените им се неопходни, дека мандатот треба да биде четири години. Зошто? Затоа што сите политички субјекти единечни, коалициони, разни кои доаѓаат да ја остваруваат својата програма едноставно немаат време во рок од три

години да почнат со потези кои на почетокот се нужно непопуларни за да до- бијат на крајот заокружено тоа што го гледаат како програма. Во три години нема време, бараат четири исто како што имаат сите други држави, затоа што тоа е некој модел во кој во четвртата година се гледаат резултатите, првата година се инвестира, едноставно се троши да речеме од својот мандат. Затоа мислам дека и од тој аспект иницијативата покрај тоа што нема уставна основа, мислам дека претставува своевидна лудост. Дури има држави каде што моментот на избори во последните 12 месеци од мандатот го одредува мнозинството во Парламентот, односно го одредува Владата. Ги знаете тие случаи се и во Европа, моментот кога е добар за избори, заради тоа што се во една позиција да создаваат, или рушат нешто. Едноставно се во позиција да бидат оценети. Поаѓајќи од ваквиот мој пристап се надевам не е апологетски и не е пристрасен, туку обид за една пообјективна анализа. Можам да дојдам и врз основа на претходни дискусии, врз основа на извештајот на ЗПК, врз основа на дискусиите на господата Ристо Масев, Туше Гошев и уште некои кои ги прифаќам и кои ни времето ни моите стручни способности не ми дозволуваат на таков начин да ги презентирам прифаќајќи ги можам да констатирам дека оваа иницијатива нема уставен основ.

Второ, радикализацијата на односите на Република Македонија и вкупната положба на Република Македонија и нејзините граѓани не е до толку влошена за да Собранието пристапи кон механизмот на самораспуштање што го прифаќам во услови кога овие од- носи би се насочиле во тој смер. Се разбира дека ова од аспект на некои други може да е поинаку. За тоа и сме овде, за тоа и се разликуваме. Затоа што Парламентот функционира, Владата функционира без разлика дали

ни се допаѓа или не, системите во државата функционираат.

Дозволете на крајот само уште нешто да кажам. Да констатирам три работи.

Прво, сакам да изјавам дека сум изненаден од пристапот со кој зборуваше едниот од воведничариве денеска пред Собранието на Република Македонија. Реториката ја оценувам како неприфатлива со кој зборуваше.

Второ, со оглед на бројните обвинувања кои досега доаѓаа кон некои од политички субјекти во Република Македонија можам да констатирам дека процесот на вовлекување во себе на помалите политички партии не е иманентен на големите, туку е процес иманентен на помалите политички партии кои имаат потреба од здружување и приклонување кон некои поголеми.

Трето, мислам дека е преголема одговорноста на овој Парламент и особено на оние кои во овој момент како позиција ја сносат одговорноста за државата не негирајќи дека и опозицијата ја сноси одговорноста за државата, меѓутоа ја сносат различно. За тоа ќе се сложите Поаѓајќи од тоа дека одговорноста како што ја гледа позицијата е преголема за да може туку така да се прекинат процесите кои се започнати во овој момент на радикален начин и да се префрли целокупната политичка, па можеби и општествена енергија кон подготовки за референдум евентуално и за нови избори во Република Македонија.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани колеги, дозволете и јас со неколку реченици дадам скромен придонес во оваа обемна

парламентарна дебата дотолку повеќе што претставниците на сите политички партии го изенсоа својот став по ова прашање, па се најдов и јас повикан да го Изнесам моето размислување. Посебно ме радува што на денешнава седница беа поканети лидерите на двете најмоќни вонпарламентарни опозициони партии да ги презентираат своите размислувања во врска со иницијативата за предвремени избори што ја покренаа тие. Притоа сум изненаден непријатно во смисол на тоа што од господинот Петар Гошев очекував повеќе во економска проблематика со оглед на, професионалниот ангажман во таа сфера, меѓутоа уште повеќе сум изненаден на извонредното излагање на правните аспекти на таа иницијатива лингвистички моќно со бројни аргументи и нема причина да не му верувам бидејќи сакам да го задоволам и господинот Исмет Рамадани, бидејќи не сум правник. Меѓутоа нема причина и да не му верувам на господинот Туше Гошев кој исто така моќно тврдеше дека нема уставен основ за ваква акција бидејќи пак не сум правник, а уште повеќе се замути атмосферата кога господинот Стојан Андов кажувајќи за генезата на донесувањето на Уставот изнесе низа аргументи во прилог пак на прифаќање на референдумот. Бидејќи овде слушнав неколку вистини, а не сум правник и бидејќи немам мислење на Уставниот суд на Република Македонија како единствен правен толкувач на Уставот, правните аргументи за покренување на оваа иницијатива ќе ги оставам на страна.

Од друга страна од иницијаторите на акцијата чувме и за политичките и економските аспекти како оправдување на оваа иницијатива и морам да кажам дека нешто посебно не чувме со оглед на тоа дека критики, па можеби и пожестоки на економските состој- би во земјата се слушаа и од оваа говорница со тоа што од поедини пратеници се нудеа и поедини предлози за средување на тие состојби. Колку тие поминаа, тоа е веќе друго прашање.

**КЕНАН ХАСИПИ:** (Продолжение)

Дотолку повеќе што иницијаторите не понудија одредена платформа како да се решаваат овие состојби, туку само таксативно ги наредија проблемите во економската, во политичката и друга сфера Можеби како. во многу други прилики до сега се бранат со тоа дека не сакаа1 да ги дадат адутите, па да ги користи актуелната власт. Токму од овие причини не сакам како основ за мојата дискусија да се земат политичките и економските прилики оти тие ни се познати, туку дискусијата ќе ја сведам на тоа од призма на интереси. Интерес е на владеачката партија да ја сочува власта и тука нема дискусија интерес е на вонапарламентарните партии да ја освојат власта и во тој правец е иницијативата за референдум и предвремени избори. Меѓутоа, останува едно трето прашање кој е нашиот интерес во оваа игра. Бидејќи јас претставувам два политички субјекти како малобројни партии сигурно е дека во овој правен вакум кога едни тврдат дека има, а други дека нема уставен основ во моето одлучување дали да се приклонам или не кон оваа иницијатива ќе ги гледам нашите интереси.

Нашите интереси во оваа ситуација не ми се јасни со оглед на тоа дека не се јасни правилата на игра. Имено, не се знае по кој изборен модел ќе бидат евентуално ако се усвои референдумот и помине, по кој изборен модел? Морам да напоменам дека она што го нуди лидерот на Демократската партија имав прилика чист пропорционален систем со цензус од 5%, јас не сум подготвен да го прифатам затоа што 5% е комплетното население турско на овие простори. 5% на милион и 400 илјади жители се 70 илјади и под услов сите турци на овие простори да гласаат за турската партија нема тој цензус да се постигне. Немам интерес да го поддржам, со оглед на тоа што алтернативата што се нуди

не одговара.

Второ, немам ни голем ин(ѓерес да бидам член на овој Парламент од причина што често пати низ бројните дискусии проблематиката што ја изнесував на политичките партии и што ги претставувам не беше усвојувана. Меѓутоа, едно време се носев со идеја дали имам цел да останам во ова Собрание, меѓутоа потоа сфатив едно правило, веројатно и тоа е политика дека и во Парламентот има математика и тоа врвна математика не со бројки, па дури и со децимали. Тоа се забележува и при' гласањето и при конструирање на работните тела и комисии на Парламентот. Меѓутоа, тоа е составен дел на парламентарниот живот и во понапредната западна демократија има проценти се знае владеачката партија освоила, формира влада, донесува свои закони, не прифаќа од опозицијата така што со тек на време сфати дека мора тоа да се почитува оти тоа се правила на парламентарната демократија.

Поаѓајќи од овие причини ние во партијата на која припаѓам ја разгледувавме ситуацијата и рековме дека не сме подготвени да прифатиме една ваква иницијатива токму од практични причини не знаејќи во наредниот период што добиваме а што губиме и што се вика народски наместо да ставиме веѓа ќе извадиме око. Има шанса при некој несоодветен изборен модел, при еден нареден состав на Парламентот Демократската партија на Турците да нема претставник овде, не се работи лично за мене, се работи за тоа што не ќе има човек кој ќе ги презентира партиските определби и интересите на таа популација на овие простори и во тој случај нема цел да се поддржува една таква иницијатива, доколку се нема интерес.

Другата политичка партија која ја претставувам овде како коалициона партија е уште понезадоволна од постојните состој6и

меѓутоа, ме овласти во сопствено име јас да гласам по сопствен избор. Токму поради овие причини зедов збор на оваа говорница меѓутоа, со уште еден апел.

Радува фактот што последните седници се бурни, се забележува меѓу народот едно задоволство дека профункционира системот. Тука мислам на парламентарниот систем од причина што сега веќе опозицијата е побројна. Јас морам да напоменам дека на едно место прочитав се вели ако сакаш да ја зачуваш власта треба да направиш две работи.

Првата е да создадеш непријател и ако го немаш за да имаш со што да го забавуваш народот, а

втора работа е да ги држиш медиумите под контрола. Владеачката партија нема потреба да формира непријател оти политички противници има во изобилие, за жал во овој момент се вонпарламентот од кои причини тие сами знаат и сосема е нормално што прават обиди да дојдат во Парламентот, јас тие обиди ги респектирам, ги респектирам и потписите на тие 170.000 или 22 0.000 независно од тоа, сепак бројката од 150.000 која уставно е гарантирана е надмината, меѓутоа чисто од практични причини од потребите на партиите што ги претставувам и од популацијата не би се согласил со таа иницијатива.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Туда.

**Р**

**АМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, во текот на дискусијата имавме прилика покрај другото да слушаме и марксистички пароли, па дури и некои неодмерени поими како што еден од дискутантите рече дека оваа иницијатива како што ја сфатив дека е лудост.

По мое мислење ние не смееме пред овој парламент така да се однесуваме и така да навредиме не само иницијаторите на оваа акција, туку и преку 200 илјади наши жители, граѓани на Македонија.

Ние немаме право кон граѓанските иницијативи да се однесуваме неодговорно, волонтаристички, самоволно и така што не смееме исто така на иницијативите да одговараме со репресивни форми како што беше граѓанската иницијатива за основање на Тетовскиот универзитет, како што беше иницијативата за основање на средното училиште "Хајдар Души" во Радолишта па и други иницијативи.

Ако ние така се однесуваме недемократски спрема граѓанските иницијативи може да ни се случи сето тоа да ни се врати како бумеранг.

Јас и парламентарната група на Партијата за демократски просперитет на албанците и Народната демократска партија ја подржуваме граѓанската иницијатива за распишување на референдумот.

Следејќи го внимателно говорот на господинот Љупчо и Гошев доаѓам до една констатација односно ќе се послужам со една народна поговорка која вели: "Не лути се на огледалото ако ти е грдо лицето". Мене ми се чини дека оваа народна поговорка многу одговара на нашата работа, на нашите грешки и на нашата работа на Владата, па и на овој Парламент.

Уставот го коментираме како што ја коментираат верниците Библијата и Куранот. Библијата е Библија а Куранот е Куран и ние не смееме да се однесуваме така и така да ги коментираме членовите на Уставот. Имам впечаток дека Уставот на РМ се коментира еднострано и од позиција на интересот на партиите што се на власт, а иницијативата мислам дека има уставен основ. Не знам зошто ние ги криеме нашите

слабости овде во овој Парламент. И Владата и овој Парламент имаат доста слабости. Пред се ние знаеме дека стопанството се наоѓа во катастрофална ситуација,тоа е мислење на нашите експерти економисти не е мое мислење. Ние знаеме дека граѓанинот денеска се наоѓа на ивица на економска егзистенција. Тоа не е мое мислење, тоа е општо мислење и мислење на експертите.

По распаѓањето на Сојузот за Македонија нашата Влада и нашиот Парламент станаа комунистички или условно речено неокомунистички. Тоа треба да го признаеме, тоа е така.

Друго РМ постанува секој ден централистичка држава, а што се однесува за законите ние стално донесуваме такви закони што не одговараат за сите граѓани на РМ. Таков е и Предлог -законот за локална самоуправа кој по мое мислење претставува гроб за демократијата, за нашите граѓани. Владата и овој Парламент не само што не го решиле албанското прашање во Македонија, туку за жал нема добра волја и за водење на дијалог за албанското прашање, а особено за Тетовскиот универзитет. Ние пратениците албанци знаеме дека кај албанците веќе постои апсолутно незадоволство по однос на решавањето на нивните прашања. Досега како што знаеме не е усвоен скоро ни еден амандман предложен од пратениците албанци. Изгледа дека власта кариерата и е цел, а другото е и релевантно за нас. До сега оваа Влада, овој Парламент не докажа и не покажа способност да ги решава проблемите на своите граѓани како што е проблемот на невработеноста, миграцијата корупцијата, криминалот и др. По мое мислење изгледа дека љубителите на власта кога е во прашање кариерата се во состојба да ги жртвуваат интересите на своите граѓани, јас се плашам од настојувањата по секоја цена да се држи власта. Мислам дека новите избори ќе докажат кои треба да бидат носители на власта.

XXIII/6

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине претседателе, господа пратеници, јас само кратко од позиција на пратеник хендикепиран со тоа што последен се вклучив во разговорот на овој висок орган на Републиката, но со една голема предност затоа што легитимитетот го добив само пред неколку дена и тоа не само мојот легитимитет, туку легитимитетот на мојата партија иако на граѓаните и на електоратот ни се понудија неколку платформи политички и програми и се заедно тие се одлучија на тоа на кое се одлучија и денеска јас ги претставувам нив. Не е случајно што денеска овој момент опозицијата особено таа вонпараламентарната бара момент и начин како да се појави на политичката сцена по долго време тотално вон очите и ушите на граѓаните, но не е случајна коинциденцијата на интересите на многу други политички партии било во опозиција во Парламентот и другите затоа што моментот е токму избран и математички вкалкулиран. Јас ова го мислам од причини што уште при донесувањето на стабилизационата политика Владата сметаше токму во мај и април дека ќе биде преоден момент кога конечно ќе почнат да се решаваат проблемите од економската сфера и не случајно денеска ги имаме првите показатели дека и во тој сегмент почнуваат работите да тргнуваат. Ова е последен момент опозицијата да го фати возот и да каже што има да каже.

Од друга страна со меѓународната политика веќе се заокружени одредени крупни работи и дефинитивно Македонија се престрои таму каде имаше цел, Македонија се повеќе и повеќе се приближува кон Партнерството за мир што некој директно а некој индиректно политички партии или субјекти кажаа дека не им одговара толку многу.

XXIII/7

Што би се постигнало со ова?

Прво, ако случајно денеска се гласа да се оди на референдум опозицијата би се ставила на испит, би се тестирала и би се ви- дело колку таа има политичка тежина и ако тоа евентуално се случи а тоа би требало да се случи на есен кога не очекуваат локалните избори што .е нормално во демократскиот свет локалните избори се најдобар барометар каде се кажува колку тежи една политичка партија но немајќи храброст да го чека тој момент тие сакаат да се стават во позиција да се тестираат дали се подготвени за тој момент. Во спротивно,ако референдумот се случи на есен тоа значи нема да има локални избори, тоа значи ќе остане во догледано време да се подготват за тие локални избори така да бидат што поподготвени за локалните избори и конечно да се видат себеси колку политички тежат.

Друга работа што мене не ми се допаѓа особено од нашите опоненти, некои образлагаат со тоа што во моментот ќе гласаат за референдум затоа што не гледаат здрави политички сили кога ќе се зафатат за еден многу горчлив проблем, јас ги сфаќам, во политичката сфера проблемот е со меѓунационалните односи. Јас лично овде на лице место, а верувам и моите колеги го прифатиле овој предлог со што би се видело какви политички сили во Македонија има кои навистина ќе понудат подобра алтернатива и подобро решение за решавање на меѓунационалните односи. Но, за жал, подносителите на иницијативата неколку пати во своите програми имаат промовирано и многу јасно ставија до знаење кој е нивниот став за решавање на меѓунационалните проблеми што не е ни близу до она што е барање на албанските политички партии. Во секој момент кога ќе се јават такви политички партии во Македонија и кога ќе нудат алтернатива јас и мојата политичка партија во секој момент ќе бидеме подготвени да дадеме придонес да им

се даде можност и простор да дојдат до израз.

На крајот, дали е уставно или не уставно, јас ниту сум стручњак за толкување, но сето ова ми личи ако е уставно ми личи на ова ако една група навивачи на фудбалски натпревар не се задоволни од резултатот таа има право да ги повика и другите гледачи да се вклучат и да ги истераат од игра играчите, што за мене е неприфатливо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Руфи Османи.

Се откажува.

Има збор господинот Иван Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Јас не сум способен да дискутирам, па и не реплицирав кога имав прилика, но во изнесувањето на аргументацијата на почитуваниот господин Андов слушнавме како претседателот на Уставната комисија го толкува Уставот, па дури ги изнесува намерите на уставотворецот за одредени решенија. Или не разбрав или не слушнав голема контрадикторност, односно слушнав според мене најголем адут зошто Парламентот нема обврска за донесување на одлука за распишување на референдум за нови избори односно ја сфатив целта на уставотворецот во овој случај, па и на Уставот.

Имено беше речено дека во функција на заштита на послабиот целта на уставот и уставотворецот е да не може пратеник да се отповика, а може Собранието преку иницијатива за распишување на референдум за нови избори да се отповика Собранието. Чудно образложение и толкување на намерите на уставотворецот и Уставот.

Значи, целта е да се заштити пратеник од манипулации и во случај кога неговите бирачи мислат дека не ја врши квалитетно пратеничката функција, а не е целта да се заштити Собранието од манипулации или иницијатива од 11 или 12% од бирачкото тело.

XXIV/1.- НД/ЉР

**ИВАН БОЈКОВ:**

Се прашувам. Зошто ако иницијативата е уставна Уставот не предвидел можност 11 или 12% од избирачите во една изборна единица да може да бараат референдум и на нови избори самите да си одлучуваат на својот пратеник. Логично, зарем не.

Како апсурд би бил, следната ситуација на еден ваков евентуално усвоен референдум одлука за референдум сите избирачи во една изборна единица да гласаат против референдумот едноставно затоа што се наполно задоволни како пратеникот ја обавува функцијата а вкупните резултати да бидат за нови избори. Нелогична ситуација. Да се разбрееме. Народот не бира Собрание. Народот бира пратеник по име и презиме. И ако се бара некоја логика повеќе има логика да има уставна можност избирачкото тело да може да го отповика пратеникот што го избрал, а не целото Собрание кое што не го бирал Бидејќи на гласачкото ливче не стојат кандидатите за 120 пратеника, па тие да ги бираат, па сходно на тоа и да ги отповикуваат преку распишување на референдум за нови избори, туку гласаат за по име и презиме на еден пратеник. И чудно, се кажува дека намерата е да се заштити пратеникот. Заради поаналогија не е дека ако се заштитува пратеникот најнормално е целта на Уставот била да се заштити Собранието. Очигледно мислам дека е тоа уставната цел односно целта на Уставот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Веројатно ќе се растуриме, останува неразјаснето фундаменталното прашање на целата оваа работа. Го колам г-динот Туше Гошев ако е тука да влезе бидејќи беше прозаван како компетентен од Никола Поповски да даде директен одговор на следното прашање.

XXIV/2.-

Ако нема теоретска можност овој Парламент да разгледува иницијатива од граѓани, за кое што се собрани 150.000 потписи зошто ниеден компетентен во оваа држава навремено не реагираше - господо немој да се занесувате да правите таква масовна акција бидејќи никој во Парламентот таквата акција без оглед на бројто на потписи нема право врз база на псотоечкиот Устав да ја изгласа, да ја верификува, едноставно да ја стави во оптек. Зошто никој ова никој не го изнесе. Поставувам директно прашање зошто г-динот Гошев не е тука, ако има правник повелете прашањето е јасно .Ако немаше шанса зошто никој ова не го актуализира на соодветен начин, дали преку медиумите, или можеби Никола Поповски ќе ми одговори зошто никој не ја оспори оваа Иницијатива од почетокот, за да не се прави една ваква акција огромна. Јас верувам дека за ова ние ќе имаме проблеми и пред Советот на Европа. Очекувам, а не сум и сигурен дека и Уставниот суд ќе даде свое конечно поинакво мислење. Или можеби за нас тоа не е битно бидејќи и конечни одлуки на Уставниот суд тука не сме ги земале во предвид. Воопшто како да се случуваат некаде надвор од тука.

Г-дине Туше Гошев бевте отсутни, директно прашање, директен одговор. Зошто ако нема теоретска можност да се расправа во овој Парламент за една ваква иницијатива поткрепена со над 150.000 потписи зошто компетентните, актуелната власт навремено не сигнализираше дека таква иницијатива не треба воопшто да биде во оптек, бидејќи не може да биде легализирана.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани гости, Со неколку реченици ќе се осврнам на оваа точка на дневен ред.

XXIV/3.-

Прво, пред мене го имам предлогот што го добивме ние како пратеници, а предложен од Владата, за кој беше спомнато дека не бил под контрола па логички се поставува прашањето дали имаше контрола на она што се случуваше, односно како се збираа потписите Тука е бројка од 170.000, која е за почит, но не е за почит начинот и другите бројки односно 46.548; 857 односно кои се за фалсификат. Карактеристична. е бројката од 1216 потписници, кои се помлади од 18 години, но тоа е факт дека се манипулирало и со младина, а да не речам дека биле и бебиња.

Карактеристична е бројката од 47, кои се починати. Се прашувам да не е некој од моите покојни дедо и баба на овој список

Уште една работа во контекст со цифрите. Ако јас може да изгубам пратеничка функција, односно избори за едно неважечко ливче се прашувам дали ќе ги одржам ваквите иницијативи, односно ваквата иницијатива која е поднесена од 170, односно 218.000 пот- писи од кои 21% се фалсификат. Тоа е едната работа.

Втората работа, што сакам да ја спомнам е политичкиот аспект, а тој беше спомнат во контекст на дестабилизација на Државата. Ќе го спомнам од следниве причини.

Ако оваа Иницијатива која ја сметам за неуставна, помине утре може да ни се случат референдуми, беше спомнато, но тоа утре може да биде месец или два. Референдум за Мала Речица, референдум за Илирида. Значи, овие се сериозни прашања за кои треба сериозно да размислиме.

И една работа на крајот, бидејќи голем дел од дискусиите беше опфатен, сакам да ја спомнам како духовитост која во народот се

среќава, а тоа е моментот кога излеговме под Мотото "Куќа на доверба". Предлагачите на оваа Иницијатива не дојдоа ни на темелот. Куќата се изгради, предлагачите' на оваа Иницијатива не донесоа ни цигла, ни греда, ни заклаа. Кога се поставува трпезата ни нудат кутлама референдуми.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани гости на оваа седница,

Јас ако ми дозволите, сигурно да не кажам предвреме дека ќе биде кусо, но ќе се потрудам навистина бидејќи помина доста вре- ме од расправата на седницата, меѓутоа се чувствува потреба без разлика што мислам дека добар дел на моите колеги од пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз искажаа доста јасни ставови околу мислењето кое што нашата пратеничка група го има во врска со прашањето кое што денес е на дневен ред.

Јас морам да признам дека би сакал да ве информирам зошто ние сметаме дека целата оваа иницијатива во основа не наоѓа уставна основа и правна основа за да се прифати. Ние имавме една дилема и во рамките на партијата и во рамките на пратеничката група, пред се тргнувајќи од респектот што на некој начин се случија поголем број на граѓани на Републикава да бидат вклучени во организирање и собирање на потписи и да се потпишуваат, а некои не се потпишуваа Меѓутоа, тргнавме од еден принципиелен став кој што е доста карактеристичен за крупната активност на партијата и на пратеничката група, а особено во изминатиот период од 4 или 5 години а тоа е воглавно да се потрудиме, дури и за крупни, а особено чувствителни прашања ко на ова Собрание на РМ носело такви одлуки, дури како што беа нарекувани од историски н

настап и слично, да се раководиме со принципот на уставноста и законитоста. Мислам дека тоа е, така да кажам каменоаголни од кои што нашата пратеничка група и партијата пристапи кон разгледувањето кон оваа иницијатива и во таа мерка се согласувам со г-динот Томислав Стојановски кој што успеа да го квалифицира, или. лоцира фундаменталното прашање за целата таа иницијатива Јас само за потсетување ќе кажам дека, бидејќи беа изнесени некои податоци во врска со судбината на иницијативите на политичката партија МААК и на Синдикатот на тоа требаше, веројатно и г-динот Туше Гошев да го спомне дека во екот на собирањето на потписите за слична намена беше организирана една компетентна трибина на Радио Скопје во која што мислам дека учествуваше и тој и некои други видни професори, каде што беше јасно и децидно кажано дека ваквите иницијативи немаат упориште во постојниот Устав, во одредбите на Уставот. Според тоа, не е точно дека не постоела реакција, па и научна донекаде, можеби овие професори сега поинаку мислат или од претставници на политички партии со кое што благовремено се укажало дека ваквите иницијативи се проблематични од уставен аспект. Меѓутоа, еве тоа не се почитува и сега се прави од тоа дека еднаш било направен преседанот, тоа се дозволило, па се молчело од страна на власта итн, итн. Ова колку за информации да се има предвид дека сепак се реагирало.

Тргнувајќи до овој принципиелен став мислам дека во изми.наткот период кога сме носеле такви крупни одлуки секогаш сме биле распнати меѓу тоа да имаме една демократска резонанса, едно чувство према иницијативите што доаѓаат, меѓутоа секогаш сме сметале дека вистинската демократија мора да се изразува во постојните законски регулативи, во постојните уставни одредби се додека тие не се променат. Мислам дека некој зборуваше дека ние имаме огромни

активности во изминатиот период кога се носеа многу поголеми одлуки со крупни историски последици. Само да ве потсетам дека меѓу другото тука на долго се раправаше и се дискутираше дали треба да се почитува некоја регулатива, на пример кога беше актуелно прашањето дали ова Собрание треба да ја искаже својата волја за создавање на самостојна Македонска држава преку акт на очекување, како што го направија некој Република од Југословенската заедница, тоа е Хрватска и Словенија, или треба да се оди постапно преку референдум на кој што граѓаните ќе се изјаснат за таа работа. Мислам дека е тој камен аголник, така да тука мислам дека има доста јако и силно упориште и наследство на нашата партија во поглед на почитувањето на една уставност и законитост и во тие рамки спроведување на таква една постапка. Според тоа да не биде за изненадување и да не ни се префрла дека ние ги менуваме ставовите од ден на ден, како што тоа го прават некои други Според тоа, мислам дека кога се зборува за одговорност навистина пристапуваме од тој аспект на одговорност и сметаме дека овие одлуки не се одлуки кои можат да бидат со краткотрајно дејство, туку можат да имаат последици, отворање на таканаречениот Уставен преседан.

Создавањето на такви услови односно да се прават тие устав ни преседани, не знаеме утре сите какви се иницијативи под форма демократски или граѓански, или партиски можат да дојдат во ова Соб ние и кога еднаш веќе ќе кажете сте направиле, како што сега се повикуваат на иницијативите на МААК, на Синдикатот, кога еднаш сте го направиле , зошто и сега тоа да не го направиме за било кое друго прашање, кое што е директно во спротивност на пример, со постојниот Устав и со постојните закони. Токму од тие причини инсистираме на тоа принципиелно стојалиште дека воглавно може да се испочитуваат и задоволуваат само оние кои се во согласност со Уставот и законите.

XXIV/7.-

Бидејќи е тоа така, и морам да признам ќе дадам еден кус коментар на излагањето на бившиот претседател на Собранието и актуелен на претседател на Уставната комисија, не мие познато од кој причини не е свикана оваа Уставна комисија, за која што мислам дека е една од најнадлежните, една од најматичните, меѓутоа не се изјасни таа Комисија. Од неговото излагање, ако погрешно сум сфатил, добив впечаток дека тогаш уште било јасно дека, кога се мислело на таа одредба дека со 150.000 потписи автоматски, или облигаторно Собранието должно да распише референдум, дека се мислело токму на предвремените парламентарни избори. Јас така ја разбрав работата, меѓутоа очигледно сега се поставува прашањето зошто тогаш ако така се мислело,, бидејќи Уставната комисија се водела од негова страна, и имало тука претставници и мене ми е жал што моите колеги Наќе Стојановски и Александар Гештаковски не се вклучина околу таа работа, да потсетам дали навистина така било тоа замислено, а од кои причини сепак не се напишало јасно и децидно да ни ги скратат сега маките овде што се расправаме веќе два месеци, па да се напишеше ако се соберат 150.000 потписи согласно избирачите дека тоа облигаторно значи за Собранието да распише предвремени парламентарни избори. Тоа не е напишано. Зошто? Ама знаете зашто не е напишано? Затоа што во Уставот постојат други одредби кои што се инкомпарабилни со една таква одлука и веројатно отстапиле од таа работа. А што е сега, мислам каде се наоѓаат причините зошто не можело така да се напише, јасно па да не ги имаме овие проблеми. Тоа значи.

Прво Уставот на РМ не познава институт на предвремени избори

Според Уставот мандатот на пратениците е утврден на 4 години. Уставот исто така утврдува дека пратеникот не може да биде отповикан, со што се нагласува стабилноста на пратеничката функција и на

Собранието во целина како законодавно тело. Уставот експлицитно ги утврдил случаите во кои на пратениците им престанува мандатот. Тоа е член 65.

Второ, Уставот децидно утврдил дека Собранието може да се распушти само во случај кога за тоа ќе одлучат пратениците со мнозинство гласови од нивниот вкупен број. Кога Собранието ќе донесе одлука за негово распуштање се распишуваат избори за пратеници во рок од 60 дена од денот на распуштањето на Собранието. Член 63, став 3.

Тргнувајќи од ова, може да се констатира дека Уставот го утврдил случајот кога единствено може да се одржат избори пред истекот на мандатот на пратениците.

Трето, доколку Собранието донесе, ова денеска што расправаме одлука за распишување на референдум по покренатата иницијатива и доколку таа биде поддржана на референдумот, Собранието ќе се стави во ситуација да не ги почитува уставните одредби. Во овој случај претседателот на Собранието нема да распише избори врз основа на уставните одредби, туку врз основа на резултатите од Референдумот. Ова би значело своевидно суспендирање на уставните одредби, односно нивна своевидна измена. Ако има против аргументи, сакам да ги слушнам

Бидејќи во дискусијата, ние и покрај тоа што очекувавме дека главниот или сложениот проблем, надлежност или ненадлежноста на Собранието на РМ ќе се води дискусија, меѓутоа очигледно дискусијата почна да се движи во сосема други насоки, можност оваа инициајтива едноставно да се обои и да се физиономира и во политичка димензија да добие. Се зборуваше за политички мотиви, па за економ- ски мотиви, социјални мотиви, меѓународни мотиви итн. Мене ќе ми дозволите сакам да се задржам на неколку тези или коментари да дадам во врска со некои што беа изложени особено во излагањето на г-динот Љупчо

XXIV/9.-

Георгиевски, кој патем ќе му испратам една забелешка, бидејќи како што тврди дека скоро 200.00 0 народ се потпишале, во кои што сметам дека главен иницијатор и реализатор беше неговата партија беше редно да биде цело време во салата, а не да биде надвор во Бифето, бидејќи одговорноста на тие 218.00 0 луѓе е голема уште сега можете да претпоставите дека таа треба да биде сразмерна на одговорното однесување во Собранието да се чујат аргументите без разлика дали сме ние нелегитимни, или легитимни, како што тоа го направи мислам доста успешно и коректно г-динот Гошев. Меѓутоа да тргнеме по ред.

Веќе реков за ова во врска со МААК и Синдикатот. Овде беше спомната во некој други дискусии дека тоа е граѓанска иницијатива, но сметаме дека е тоа во некоја рака и политичка иницијатива, па дека тоа е и морална обврска итн. Да се разбереме околу овие работи. Мислам дека моралот, етиката и тан. се социолошки, филозофски категории, нивниот дух честопати се преточува и во постојните закони, во постојниот Устав итн. Меѓутоа тие сепак треба воглавно ние како законодавен, Парламентарен дом, како пратеници да водиме сметка за уставноста и за законитоста, така да не треба претерано да се служиме и со такви некои квалификации.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Беше спомнато, меѓу останатите мотиви за оваа иницијатива, демек зародишот на сето тоа се случувало после таканаречените, како што тие тврдат нелегитимни, фалсификувани избори 1994 година. Само да ве потсетам дека, бидејќи сите бевме учесници тука на тие избори 1994 година, меѓу другото на две работи. Едната работа е дека во ниеден случај не можеше да се слушне од сите претставници на меѓународните мониторинг мисии во Републиката дека овие избори се такви какви што тие ги прикажаа, нерегуларни и сл., туку стана збор дека имало извесни технички пропусти, кои се однесуваа на избирачките списоци. Што на пример сега го очекував г-динот Руфи Османи, бидејќи зборува за уставен пуч ако не се спроведе ова, а знаеме дека претставниците на неговата партија беа во активна кампања во соседната држава Албанија за време на изборите, каде што беа меѓу друго доста искажани лоши оценки околу вкупните избори во таа држава и со големи нерегуларности, беше ред барем, бидејќи така се претставува да даде некој вид ограда заради тоа што и тој дел сноси одговорност за тоа како тие избори се спровеле. Тоа патем.

Второ, морам да спомнам дека ние на сите тие избори 1994 година - се враќам кај нас - имавме претставници на партиите и денес постојат записници во кои претставниците и на ВМРО-ДПМНЕ, а особено од Демократската партија, каде што заеднички се потпишале дека се што е изброено, што е дотерано, искажано дека е в ред. Дури има примери дека меѓу себе си честитале, а одеднаш после неколку дена мислам дека партиите тие избори ги прогласија односно ги бојкотираа со нивниот став за нерегуларноста, што не сакам тоа прашањето да го елаборирам, бидејќи тоа е внатрешно партиско прашање зошто тие тоа го направија. Тоа на некој начин не држи.

XXV/2.-

Второ, прашањето беше како еден политички мотив, распагањето на изборната коалиција Сојузот за Македонија. За тоа мислам дека доста разговаравме, јас само ќе потсетам на една изјава на г-динот Љубчо Георгиевски кој што кога се случи тоа односно кога Либералната партија ја напушти изборната коалиција изрази една реченица која што веројатно ќе ја повтори во некоја прилика дека конечно во Македонија се отвораат широки и перспективни демократски простори, дека тоа е прекрасна демократска атмосфера. Сега тој оди во друго и сака да каже дека на некој начин тоа што го спомнал тогаш сега не важи и мислам дека тука исто така не е во право кога тврди дека заради тоа бил мотивиран да пристапат кон организирање на ова.

Третата работа која што беше спомната, тоа е обраќањето на претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров кое што беше дадено во контекст дека тој јасно и децидно се оградил околу формирањето на новата Влада, на новиот состав на Владата, што мислам дека стануваше збор за едно обраќање на претседателот кое беше нормално, како претседател на Републиката, на сите граѓани, загрижен за тоа како може да се одвива понатамошната политичка состојба во државата и тоа е негово право да даде свое мислење.

Понатаму ќе го спомнам договорот со Грција, исто така како една причина заради тоа што тој договор бил во голема мерак штетен за Република Македонија и дека заради тоа биле исто така мотивирани еве и тоа на некој начин да биде исправено. Сега интересно е случува, бидејќи ние едноставно во врска со незадоволството за потпишување на Договорот аз регулирање на односите меѓу Република Македонија и Република Грција имаме постојано кажување само од страна на Република Грција, кое што не потсетува дека наводно ние некои работи не сме ги завршиле, тоа што било договорено. Тоа знаете се однесува на името и сл. Мислам дека да се потсетува тоа, само кога тоа во исто

време го прават и претставниците на Република Грција, за мене станува сомнително и индикативно зошто тоа баш се покренува од страна на еден голем Македонец.

Понатаму, беше спомната Европската унија. Се доби впечаток дека Република Македонија со влегувањето, како што беше објаснето од мојот колега Никола Поповски, ќе биде во некоја тампон зона и малтене јас не можам да видам логична врска, од една страна да се влезе во Европската унија, а Македонија да биде изолирана, бидејќи тоа исто така на крајот стои дека фактички Македонија се повеќе и повеќе, од ден на ден станува изолирана, а го доведува во врска со приемот на економската унија. Јас мислам тие две работи не можам да ги поврзам.

Понатаму, беше спомнат застојот на демократските односи на Република Македонија. Ќе го потсетам исто така на таа изјава што ја даде во тој период, каде што рече дека во Македонија конечно се развива една можност за убава демократска атмосфера, па имаме независни весници, дури и некои медиуми или средства за јавно информирање кои биле досега наводно под капата на режимот, сега пишуваат доста опозиционерски, доста наклонето спрема опозицијата, па беа спомнати "Дневник", па и Македонската радио телевизија и некои други. Сега одеднаш кои се тие индикатори, мене не ми е јасно, што е тоа, кои се тие индикатори не ги слушнав кои зборуваат и кои може да се квалифицираат дека станува збор навистина за блокада на демократските процеси во Република Македонија, ако ние сме - некој ја спомна овде во дискусијата, дека фактички овие - бидејќи "ние" се смета на владеачката партија во државата, е на некој начин дури осамена и во однос на медиумите, затоа што и тие покажуваат еден крајно критичен однос спрема она што го прави. Според тоа, јас не можам да ја доведам врската, бидејќи медиумите на некој начин се индикатор колку една држава о демократска или антидемократска.

XXV/4.-

Второ, беше спомнато, исто така, не знам како ќе се вклопи целата оваа иницијатива за која што ние зборуваме два-три месеци, е актуелна, ако отсуствува некоја демократија мислам околу спроведувањето, организирањето, проверки итн. Јас тоа исто така го оценувам како еден индикатор на поволна демократска клима, кога можат тие работи на некој начин да се остваруваат.

Трето, морам да спомнам дека беа спомнати дека оваа власт ги суспендирала локалните собранија, со тоа што 6 години нема избори. Присуството беше спомнато во тој контекст. Јас само колку за потсетување, меѓу другото заради тоа што ако нешто се доцни во конституирањето на судската власт, тоа е резултат меѓу другото заради тоа што ние во изминатиот состав, во кој што парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ беше многубројна, не успеавме од причини на нив познати да го донесеме Законот за судовите бидејќи тој бараше 80 гласа. Тогаш едноставно мислам дека тие сите идеи што доаѓаа од страна на ПДП, тогаш ПДА беше во процес на создавање, ги одбиваа и едноставно нам ни викаа дека тој закон апсолутно не треба да помине. Значи, не сме виновни, тогаш да се донесеше, таа работа ќе се завршеше. Меѓутоа, еве ние сме при крајот на конституирањето и мислам дека и таа работа ќе биде завршена, а за локалните собранија мислам дека зборува дека ние сме тие кои сме ги попречиле изборите - прво, ние не сакаме да се оди на локални избори, без соодветна законска регулатива. Тоа сите добро го знаете, а второ, зошто ниедно општинско собрание, а особено каде што се на власт исклучиво претставниците на оваа партија не побараа или не се самораспуштија, не си дадоа оставки. Тоа е Чаир, Кичево, да не спомнувам други, Прилеп итн., каде што беа на власт, па да покажеа пред народот, едноставно да кажат, еве, ние сме тие први кои се распуштаме и не сме задоволни од оваа власт што не држи 6 години. Мислам дека тоа ќе предизвикаше еден вистински така да реча една вистинска доблест, која што ќе се респектираше.

XXV/5.-

Понатаму, има една забелешка дека се создава партиска структура односно прави партиска држава во целата администрација итн. Јас не знам пример, веројатно може да има, исклучиво некој припадник на некоја политичка партија, деклариран, изгубил работа само заради тоа што е припадник, освен ако не дошол во судир со законот. Такви примери има и се знаат,претставниците знаат на кои мислам, кои дошле во судир и тие веројатно го изгубиле своето работно место.

Второ, исто така мислам дека ние ако имаме некоја критика која што постојано сме изложени како раководство во нашата партија, која што тврди и ден денес - како вие, либералите заминаа од изборната коалиција, меѓутоа, тоа не се чувствува, имаме чувство како да сте сеуште во љубов со нив, затоа што ниедна кадровска промена не е направена на долните нивоа,па дури ни во централната администрација со промена на тие кадри. И ден денес има претставници, како што знаете, на Либералната партија кои што се началници, управници итн. Не не ни паднало на памет тоа да го правиме затоа што се водиме со единствениот критериум дека станува збор за луѓе кои имаат стручни квалификации, а тоа значи дека ако луѓето ги бива, треба да си продолжат, а не да страдаат. Според тоа,тоа апсолутно не стои. Морам да ви кажам дека на тоа ќе опстоиме и понатаму, без разлика колку тоа понекогаш може да оди и на уштрб на нашата партија.

Да не зборувам за економскиот дел, јас не сум многу стручњак меѓутоа, ми падна во очи дека долгот спрема нашите граѓани не паѓал. Меѓутоа, мене колку што ми е познато, 420.000 марки на некој начин е намален тој долг во однос на откуп. На крајот на краиштата и сето ова што се купува, и деловен простор и станови оди меѓу другото так Не може да се тврди дека тоа се продава, а ова стои во место. Според тоа, мислам дека не е точно.

XXV/6.-

За инфлацијата, те молам, тука како што стои, вели, инфлацијата од 30 до 40% во овој момент е потребна на македонското стопанство повеќе од воздух, за да може и оние кои работат во Република Македонија да преживеат. Јас ова не сум го сретнал ни во една држава, напротив сите држави сите власти сите стопанства плаќаат стручни луѓе од надвор да им кажат која е формулата да се намали инфлацијата, затоа што инфлација како инфлација знаеме што претставува. Овде се тврди дека ние треба да одиме со 30-40% на зголемување на инфлацијата. Мислам дека исто така е доста чудно.

Уште една работа морам да кажам на крајот. Се однесува исто така на партијата дека СДСМ, чудно било, имала лева ориентација, а никако не води сметка - така барем јас го разбрав за социјалата, социјалната димензија итн. Јас исто така мислам дека тоа е точно до некаде, меѓутоа, причините треба да се знаат. Точно е дека социјал-демократската провиниенција или димензија на нашата партија во овој период не успеа да дојде до прав израз меѓу другото заради тоа што ние како партија особено од 1992 година, како политичка владее, мораме да се занимаваме едноставно заради некои безалтернативни момент со обезбедување мир во оваа држава, стабилност, развој на демократијата, меѓународна афирмација на државата. Тоа беа клучни работи кои едноставно беа без алтернатива во моментот да се направат, а бидејќи тоа постојано наидуваше на внатрешни отпори од некои партии, кои и во минатиот парламент седеа, ние едноставно моравме да водиме политичка битка за вистинската опција, за иднината на Република Македонија. А партијата на некој начин мораше тоа и да го прави, честопати и на уштрб на интересите во овој дел каде што ни беше забележано, меѓутоа, тоа не значи дека социјалата или воопшто на некој начин 6ИЈ на маргините на интересот на партијата. Еве толку сакав да кажам.

XXV/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Кратко, бидејќи неколкупати бев спомнат во прилика и неприлика морам следното да го изјавам.

Прво,. г-динот Љупчо Поповски мора да излезе на говорница и да го повлече своето обвинување во однос на регуларноста на изборите во Република Албанија,бидејќи тој не е надлежен да дава квалификации дека наводно таму нешто не било вред, прво заради тие добри односи меѓу Република Македонија и Република Албанија. Изборите во Република Албанија се работа на Република Албанија. Инаку, ако таму нешто не би; вред, сигурно лекцијата ја имаат учено токму од вашата партија г-дине Поповски и од вашите избори од 1994 година. Тоа е што се однесува до оваа работа.

Понатаму, што се однесува до активистите на нашата партија, можеби таму имало некои индивидуални активисти кои по своја волја агитирале во изборите во Република Албанија но токму од вашата партија од вашите сателити, имало избори кои агитирале на страна на социјалистите кои за ваша жал доживеа дебакл во Република Албанија и со тој факт ќе мора да се соочите, нели така? (реагирање во салата). Ова е вистина. (реагирање од многу пратеници во салата). Знаете, јас имам разбирање за вашето расположение, имајќи предвид дека вие имате огромно мнозинство и однапред се знае како ќе гласате, нели така. Доаѓа чинот на целата оваа комедија да се стави точка, нели така. Сигурно, ова требаше, мое размислување за вакви други работи воопшто отсега натаму не треба да отворите расправа. Единствено дајте го на гласање и точка бидна целата работа.

Бидејќи бев спомнат и во некои други работи, мислам дека нема потреба и ние што дефакто ја поддржуваме иницијативата пред се длабоко убедени дека вашето гласање, пак ќе го повторам, не како мое становиште, како становиште на луѓето кои се правници по професија, навистина ќе биде уставен преседан и уставен пуч, па нека ви биде на здравје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара? (Никој)

(Господинот Петар Гошев бара збор)

Господин Гошев, вие на широко ги образложивте причините, но еве, ако имате нешто да додадете, повелете.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Се извинувам, нема да ве замарам, јас кажав што имам да кажам се меѓутоа, неколку работи од дискусијата, не на сите работи, ни случајно, не на сите што директно или индиректно ме апострофираа, правеа разно - разни алузии, меѓутоа, само на неколку работи што мислам дека не треба да поминат така.

Првата е таа што некои луѓе, иницијаторите или оваа иницијатива ја нарекоа со зборот лудост и мислам дека г-динот Петковски како култивирана политичка личност, во името на тој што тоа го рече, ќе се извини, затоа што 218.000 луѓе сепак знаат што прават кога даваат потпис и кога изрекуваат барање. Ако пак тоа не се однесувало на тие луѓе, туку се однесувало на партиите кои што ја дадоа логистичката поддршка за оваа иницијатива, тогаш ние не бараме извинување. Но бездруго, барам извинување за оној збор со кој што 218-те илјади беа наречени, а тоа беше зборот "копуци" од еден пратеник, а јас верувам дека 99% од вас овде не се согласува да бидат квалификувани тие луѓе така. Тоа е првата работа што сакав да ја нагласам.

XXV/9.-

Втората работа се однесува на учителот по демократија, г-динот Исмет Рамадани. Јас нема да коментирам што се рече тој, туку само ќе му препорачам да си ја препрочита вечерашната дискусија и самиот ќе си го определи нивото на даскализмот.(реагирање во салата). Извинете, бев сепак апострофиран и квалификуван во дискусијата. Ако е задоволен од тоа што вечерва го кажал, тогаш можете вие да му доделите и некоја награда за тоа што учел многу луѓе по демократија.

Трето, некои од вас бараа ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дине Гошев, вие рековте дека лекции не примат, немојте ни да делите лекции на пратениците.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Давам само краток коментар.

Некои од вас бараа од нас да приложиме програма која што ќе била евентуално подобра, па да се процени опортунитетот на оваа иницијатива. Господа, ние не сме должни да ви приложуваме партиска програма, вам на рецензија, како што ни беа не сте должни нам да ни приложувате програми ние да ви ги рецензираме овде во овој дом, и вие и ние сме должни да нудиме програма на избирачите, а тие ќе проценуваат и за нас и за вас.

Околу изборите не би коментирал ништо какви беа 1994 година, бидејќи вие ја користевте таа прилика сепак да не квалификувате и по тој основ, но би предложил ако вие сакате да се формира една независна комисија, да ги истражи постапките за време на изборите 1994 година. Тоа од вас зависи, кај вас е клучот, па ќе се констатира дали на Македонија и се случи Албанија, на Албанија Македонија или на Македонија и се случи некоја друга држава од Африка или слично на тоа.

XXV/10.-

Исто така сакам да ви заблагодарам за советите што ми ги даваавте вечерва каква опозиција да бидеме, но ќе ве разочарам, ќе кажам дека ние нема да бидеме опозиција по нарачка, ќе бидеме таква опозиција каква што ние сакаме да бидеме, бидејќи нарачани опозиции мислам дека има доволно во оваа држава.

За списоците, ве молам да не коментирате, да не ги заплашувате луѓето каде се наоѓаат, какви списоци во врска со оваа иницијатива, а јас ви предлагам веднаш по завршувањето на оваа комедија во врска со оваа инцијатива да ги запалиме и тие што се кај нас и тие што се во државата, под претпоставка да не направите дупликати од тие списоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дине Гошев, ова е седница на Собрание, каква комедија спомнувате, барате извинување, а употребувате исти квалификати.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

На крајот само уште ова. Не, предлагам рационално решение да не се плашат луѓево во државава, ништо друго.

На крајот сакам усте еднаш да ви заблагодарам за поканата што ми ја врачивте да бидеме денес овде, да ја изложиме нашата иницијатива, односно иницијативата на 218-те илјади граѓани на Република Македонија, да ви посакам се најубаво, господ нека ве благослови и довидување до некоја друга средба, можеби и на некое друго место.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас навистина се извинувам што не сум интервенирал за некоја некоректна дискусија.

Дали уште некој бара збор? (Никој) .

Ако никој не бара зор, го заклучувам претресот.

XXV/11.-

Комисијата за политички систем му предлага на Собранието да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието оценува дека нема уставен основ за распишување референдум за предвремени избори за пратеници на Собранието на Република Македонија.

Собранието оценува дека референдум на предлог на 150.000 избирачи, согласно член 73 став 3 од Уставот на Република Македонија се распишува само за прашања од надлежност на Собранието, а не и за спроведување на предвремени избори за пратеници на Собранието на Република Македонија.

2. Заклучокот да се достави до Координациониот одбор на иницијаторите за распишување референдум за предвремени избори за пратеници на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

18 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласаше?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

За вечерва предлагам да ја прекинеме расправата по останатите точки и продолжуваме со работа утре во 11 часот.

(Седницата прекина во 21,30 часот).